# ПРОГРАМА ЗА РОДИТЕЛИ, НАСТАВНИ МАТЕРИЈАЛИ И РЕСУРСИ ЗА ОБУКА СО ВКЛУЧУВАЊЕ НА СЕМЕЈСТВАТА

Оваа публикација е подготвена со експертска и финансиска поддршка од проектот на ЕУ „Подигнување на квалитетот на предучилишното образование и грижа“
EuropeAid/139823/IH/SER/MK

**Наслов:**
Програма за родители, наставни материјали и ресурси за обука со вклучување на семејствата

**Издавач:**
Министерство за социјална политика, демографија и млади

**За издавач:**
Министер Фатмир Лимани

**Автори:**
Ивана Мушкиња

**Уредник:**
Проф д-р Алма Тасевска

**Компјутерска обработка:**
ТЕДИ ТРЕЈД КОМ ДОО Скопје

**Превод и лектура:**
КОНТИНЕО ДОО Скопје

**Печатница:**
ТЕДИ ТРЕЈД КОМ ДОО Скопје

**Тираж:**
400 примероци

CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

ISBN: 978-608-249-617-7
COBISS.MK-ID 64659973

Година и место на издавање:
Скопје, 2024

Забелешка
Содржината на овој прирачник е единствено одговорност на Архидата с.р.л. и на нејзините партнери во конзорциумот и на никој начин не може да се смета дека ги отсликува гледиштата на Европската Унија

# Содржина


1. Прирачник за стручни лица ..... 6

1.1. Како се користи овој прирачник ..... 6

1.2. Што подразбираме под вклучување на родителите во работењето и во одлуките во градинката? ..... 7

1.3. Зошто е важно вклучувањето на родителите? ..... 9

1.3.1. Вклучување на родителите на децата под ризик ..... 10

1.4. Идеи за вклучување на родителите – примери од практиката ..... 12

2. Методологија – вклучување на родителите во работата на градинките – како да се изгради однос ..... 14

2.1. Родителите и како ги согледуваме ..... 16

2.2. Од каде за започнете ..... 18

2.2.1. Развивање доверба меѓу професионалците во тимот ..... 20

2.3. Мапирање ..... 22

2.3.1 Утврдување на пречките за вклучување на родителите ..... 24

2.4. Планирање ..... 25

2.4.1. Развивање нацрт-исказ на визијата ..... 28

2.4.2. Листа за проверка за планирање на вклучувањето на родителите во работата и донесувањето одлуки во градинка ..... 29

2.5. Оценување ..... 31

2.5.1. Анкети ..... 33

2.6. Организирање групни состаноци за родители ..... 34

2.6.1. Испитување на потребите ..... 35

2.6.2. Формирајте група ..... 36

2.6.3. За време на состанокот ..... 37

2.6.4. Основни правила за стручните лица кои ја водат групата ..... 39

2.7. Вклучување на родителите и семејствата на децата под ризик во работата на градинките ..... 40

2.7.1. „Алатки“ за комуникација ..... 42

2.7.2. Препораки ..... 43

2.8. Кога ќе се појават проблеми ..... 44

2.8.1. Родителите не можат да присуствуваат на состаноци или активности поради конфликт во распоредите (на пример, работа, семејство, религиски и активности во заедницата) ..... 44

2.8.2. Што ако пропадне групата ..... 45

2.8.3. Што да се направи кога родителите нема да доаѓаат на состаноците ..... 45

2.8.4. Конфликти ..... 46

2.8.5. Модел за разрешување на конфликтите ..... 46

2.9. Стратегии за намалување на отпорот на родителите ..... 47

2.9.1. Прифатете го отпорот ..... 49

2.10. Повратни информации ..... 52

2.10.1. Давање повратни информации ..... 52

2.10.2. Примање повратни информации....54

2.11. Соработка на далечина....55

3. Работилници....57

3.1. ИНСТРУКЦИИ ЗА МОДЕРАТОРИ....57

3.2. ВОВЕДНИ АКТИВНОСТИ....58

3.2.1. Надвор од рамките....58
3.2.2. Јас во очите на детето....59
3.2.3. Меѓусебно запознавање....60
3.2.4. Лов на богатство....60

3.3. ПРАВА И ОДГОВОРНОСТИ НА РОДИТЕЛИТЕ ЗА СОРАБОТКА И ПАРТНЕРСТВО СО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ....61
3.3.1. Што преставува вклучување на родителите?....61

3.3.1.1. Прирачник „Вклучување на родителите“....62
3.3.2. Зошто е важно вклучувањето на родителите?....63
3.3.3. Подобрување на соработката помеѓу детската градинка и семејството....63
3.3.4. Права и обврски....64

3.3.5. Соработка....65

3.4. РАЗНОВИДНИ ФОРМИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ/СЕМЕЈСТВАТА....66
3.4.1. Што може да биде вклучување на родителите?....66

3.4.1.1 Материјали: Типологија на Епстајн за вклучување на родителите....66

3.4.2. Поддршка на децата....67

3.4.3 Обликување на иднината на нашата градинка....68

3.4.4. Ден на семејството: Заедничко донесување одлуки....68

3.5 ОХРАБРУВАЊЕ НА ВКЛУЧУВАЊЕТО НА ТАТКОВЦИТЕ....69
Белешки за модераторот....69
3.5.1. Улогата на татко....70
3.5.2. Некогаш и сега....70
3.5.3. Споделени одговорности....71
3.5.4. Вредности....71

4.5.4.1. Материјал „Што ценам кај моето дете“....72
3.5.5. Визија за таткото....72
3.5.6. Вклучување....73

3.6 ДОПОЛНИТЕЛНА ПОДДРШКА ЗА РОДИТЕЛИТЕ НА ДЕЦА ПОД РИЗИК И ДЕЦА РАНЛИВИ ОД ИСКЛУЧЕНОСТ....73
3.6.1. Што за вас претставува поддршка?....73
3.6.2. Учење од минатото....74

3.6.3. Родителски ангажман за вклучување....74

4. Подлабоко разбирање на релационите компетенции....76

4.1. Релациони компетенции....77

4.2. Интегритет и соработка....78

4.3. Одговорност....80

4.4. Еднакво достоинство....................81
4.4.1. Комуникација или препознавање....................82
4.4.2. Личен јазик....................83

4.5. Позитивно родителство....................84

4.6. Комуникација....................86
4.5.1. Законите на комуникацијата на Вацлавик....................86

4.7. Комуникација што се базира на решение....................88
Прилог: 1 Самопроцена на професионалниот развој....................92
Прилог: 2....................94
Прилог 3: Евалуација за родителите....................95
Прилог 4: Евалуација за стручните лица....................96
Прилог 5: Колегијална рефлексија....................96

Литература....................98

# 1. Прирачник за стручни лица

## 1.1. Како се користи овој прирачник

Овој прирачник е наменет за стручни лица вработени во предучилишни установи и се однесува на развивањето и поттикнувањето на вклучувањето на родителите во работата и во донесувањето одлуки во предучилишното образование.

Идејата на овој прирачник е да им понуди на практичарите корисно, модерно знаење за вклучување на родителите во работата на градинките, но исто така да понуди и многу повеќе од тоа. Сигурни сме дека понудените информации и знаења не само што ќе имаат влијание врз вашиот професионален развој туку ќе бидат корисни и за вашиот личен развој.

**Прирачникот се состои од четири тесно поврзани дела.**

Во првиот дел се фокусираме на **основната премиса на тоа што значи да се вклучат родителите во донесувањето одлуки и во работењето на градинките**.

Во вториот дел од прирачникот акцентот е ставен на **практичните насоки за градење односи, на вклучување на родителите во работата и во одлуките во градинката**. Во овој дел се опфатени низа теми кои даваат одговор на одредени прашања со кои стручните практичари се соочуваат секојдневно во текот на соработката и градењето односи со родителите во градинките (на пр., потреби од мапирање, планирање, комуникација со родители). Особен акцент е ставен на вклучувањето на родителите и семејствата на децата под ризик.

Во третиот дел од прирачникот е дадено **сценарио за работилниците на следниве теми: Правата и обврските на родителите за соработка и партнерство со детските градинки; Различни начини за вклучување на родителите/семејствата; Еднакви можности на мајките и на татковците за вклучување; Поттикнување на татковците да се вклучат; Дополнителна поддршка за родителите на деца под ризик и на деца подложни на исклучување**. Дизајнот на програмата предвидува развивање сценарија за работилници, материјали, брошури и прирачници за учество на родителите во содржината на работилницата.

Во четвртиот дел ги **претставуваме теоретските основи на работењето со родители**. Документот се заснова на теоретските концепти поврзани за компетенциите за остварување на добри меѓучовечки односи, дефинирани од страна на Јул и Јенсен, со две значајни дополнувања: Адлеровите принципи за разбирање на основната причина за однесувањето и терапија насочена кон решенија. Сметаме дека ваквите пристапи се надополнуваат и обезбедуваат релевантен и кохезивен пристап кон работењето со родителите. Исто така, нудиме и богата листа на дополнителна литература која може да ви послужи за понатамошно подлабоко истражување на темата.

Сите поглавја може да се читаат одделно, но како што ќе ги читате ќе забележите дека се надополнуваат меѓусебно и формираат целина потребна за успешно градење односи со родителите.

Голем дел од поглавјата содржат пораки за „запомнување“ во вид на кратки реченици коишто можат да ги користат стручните лица за да се потсетат на принципите опишани во прирачникот.

Дел од поглавјата содржат прашања за размислување, како и препораки од релевантната литература, видеа или инспиративни статии.
**Ние многу го цениме развојот на размислувањата на практичарите бидејќи знаеме дека токму прашањата кои поттикнуваат на размислување ни помагаат да извлекуваме поуки од сопственото практично искуство, да ги согледаме предизвиците од нова гледна точка и да ги развиваме своите стручни компетенции. На дел од прашањата можете да одговорите заеднички со колегите или поединечно. Во секој случај, сметаме дека ќе извлечете полза и инспирација доколку се обидете да примените дел од понуденото знаење во практиката.**

**Значителен дел од прирачникот е насочен кон развивање на рефлективната практика на професионалците со цел да се зголемат нивната самосвест и самодоверба како едукатори. Тоа, пак, придонесува за нивниот професионален развој и поттикнува подобра соработка и вклученост на родителите во работата и процесите на одлучување во градинката.**

Препорачуваме читателите да го прочитаат целиот прирачник со цел да имаат увид во целината и да научат за основите врз кои почиваат работилниците за родители. При понатамошно читање и при практичната примена на предложените работилници, слободно можете да го користите поглавјето кое ви е потребно.

Ако тукушто започнувате да чекорите по патеката на вклучувањето на родителите во работата на градинката или сакате да го промените сегашниот начин на градење односи на соработка со родителите, бидете нежни и одговорни кон себеси и започнете со активности кои ви се чинат наједноставни и најблиски до начинот на кој сега работите во практика. Поставете си разумни и мерливи цели. Не очекувајте премногу од себеси. Градењето односи и вклучувањето на родителите во работењето и во одлуките во градинката претставува процес кој има свои подеми и падови и кој бара време. За почеток, принципот чекор по чекор претставува добра основа.

## 1.2. Што подразбираме под вклучување на родителите во работењето и во одлуките во градинката?

Вклученоста на родителите би можела да се дефинира како учество на родителите во развојот и во образованието на своите деца уште од раѓање, со оглед на фактот што тие го имаат главното влијание во животот на децата.

Родителите и практичарите даваат уникатна комбинација на елементи на предучилишното образование. Родителите знаат за состојбата во домот, нивното проширено семејство, за значајните личности во животот на нивното дете, како и за културата, здравјето, историјата, тешкотиите и прашањата поврзани со детето[i].

Практичарите имаат познавање за потребите на сите деца во предучилишно образование, за детскиот развој и учење, за активностите во рамките на наставните програми и за односите со врсниците.

При дизајнирањето на процесот за вклучување на родителите и поставување цели, треба да се земе предвид тековната состојба на градинките и целите на другите програмски активности со цел да се усогласат меѓусебно. Треба да се земат предвид ставовите, искуствата и очекувањата на сите субјекти вклучени во процесот при поставувањето на целите и оценувањето на нивното остварување. *Можете да прочитате повеќе за процесот на мапирање на потребите и планирање на вклучувањето на родителите во деловите 2.3 и 2.4.*

Градинката треба да осигури дека стручните лица и родителите имаат формални и неформални можности за комуникација и споделување информации за детето. **Вклучувањето на родителите е системски планирана практика во детската градинка, што значи дека градинката има обврска да утврдува и да гради можности и да започнува контекстуално релевантни процеси за воспоставување програми кои ги вклучуваат родителите во образованието на своите деца, како и поширoките приоритети и активностите во градинката.**

Иако формалните можности може да бидат многу очигледни (на пример: средби со родителите), сепак, треба да се посвети соодветно внимание и на создавањето неформална интеракција со родителите и може да се започне со нешто основно како, на пример, да се чувствуваат добредојдени во средината.

На пример:
- Знаци со натписот ‘добредојде’ да се постават околу градинката;
- Инклузивни практики на прием на ‘влезот’, вклучувајќи двојазичен персонал, односно информации и постапки испишани на повеќе јазици.

Практичарите треба да осигурат дека ваквата комуникација ги поддржува учењето и развојот на детето и дека би можело да се постигне со вклучување на родителите. Примерите за ваков вид работа вклучуваат:

• Развиени системи и процеси за родителите да имаат секојдневен пристап до информации за однесувањето на нивното дете, неговиот развој итн., преку низа медиуми кои родителите знаат да ги користат и кои им овозможуваат на родителите да ги разберат информациите;

• Внатрешните политики за предучилишна возраст да бидат напишани во консултација со родителите;

• Повратните информации од родителите да се вградени во годишниот план и да влијаат врз осмислувањето на идните настани и активности;

• Стратегиите за поддршка на децата да се договараат, усогласуваат и спроведуваат со родителите;

и разни други видови состаноци, писмени комуникации, родители во детската градинка, контакти во домот итн.

За почеток би било корисно да се појасни поимот ‘родител’. Најчесто, позната ни е дефиницијата за родители која вклучува мајки, татковци, законски старатели, како и главните даватели на грижа за децата.

Во практиката, стручните лица знаат дека може да има и други значајни возрасни личности во животот на детето, на пример баба или дедо. Овие возрасни лица може да поминуваат долго време со детето, да развиваат односи на меѓусебна љубов и да се сметаат за одговорни за детето. Понекогаш, овие лица се главниот контакт со семејството на детето и се во состојба да им кажат на стручните лица многу работи за домашното опкружување на детето.

Во овој прирачник поимот „родители“ се однесува на биолошките родители, посвоители, очув и маќеа, како и главните даватели на грижа, како што се баби и дедовци, други возрасни членови на семејството и згрижувачки родители. Семејствата може да бидат биолошки или небиолошки, избрани или стекнати. Тие се поврзани преку култури, јазици, традиции, споделени искуства, емоционална одговорност и заемна поддршка.

Меѓутоа, **во правна смисла,** постои потенцијална разлика помеѓу тоа кој може да се смета за родител на одредено дете и кој ја има законската одговорност за здравјето, образованието (итн.) на детето. Токму затоа, мошне важно е да се знае семејното право и да се познаваат начелата на основот од Законот за семејство поврзан со остварувањето на родителските права.

Практичарите често пати се соочуваат со прашањето за тоа со кого треба да соработуваат односно со кого да разговараат за учењето, развојот и добросостојбата на детето. Можеби да нема одреден општ и јасен одговор на ова прашање односно може да постојат бројни различни аранжмани. Важно е да се има предвид дека само родителите со родителска одговорност можат да потпишуваат обрасци за согласности, треба да дадат согласност некој друг да ги земе нивните деца од градинка односно да донесуваат конечни одлуки за образованието, здравјето итн. на детето.

Може да се договорите со родителите, на пример, дека бабата ќе го носи и зема детето од градинка. Иако бабата игра значајна улога во поддршката на учењето на нејзиното внуче, сепак треба да изнајдете начин да ги вклучите родителите во градинката.

За потребите на овој прирачник и практичната соработка со родителите, ќе користиме поширока дефиниција на поимот ‘родители’ од онаа која произлегува од разбирањето на родителската одговорност и поради тоа исто така ќе ги вклучиме и другите значајни возрасни лица во животот на детето во овој поим. Исто така, кога зборуваме за семејствата, имам предвид најразлични видови на семејства.

Препорака: Д-р Карен Мап – Ангажманот на родителите и семејството во образованието
https://www.youtube.com/watch?v=5YXH8VfZ89Y

## 1.3. Зошто е важно вклучувањето на родителите?

Семејството и образовната установа се двата најважни контексти кои влијаат врз развојот и учењето на децата преку двонасочна комуникација и разни видови ангажман од двете страни.

• Родителите се главните воспитувачи на децата;
• Родителите и стручните лица кои работат партнерски придонесуваат за добросостојбата на децата;
• Вклученоста на родителите претставува поддршка на родителството;
• Вклученоста на родителите претставува долгорочна поддршка на заедницата.

Во таа смисла, стручните лица во установите за рано детско образование и за грижа за децата треба да бидат свесни за важноста на вклученоста на родителите и да имаат предвид одредени „вистини“ за вклученоста на родителите:

1. Сите родители имаат надеж и цели за своите деца. Разликите се однесуваат на начинот на којшто ги поддржуваат напорите на своите деца за остварување на тие цели;
2. Семејното опкружување е едно од неколкуте опкружувања кои истовремено го засегаат детето. Со цел да се оствари добросостојбата на децата, потребно е установата да соработува со другите опкружувања;
3. Родителот е главниот учесник во воспитувањето и образованието на детето, но, сепак, образовните институции можат да ги зајакнат нивните родителски компетенции;

4. Вклученоста на родителите треба да биде легитимен елемент на образованието. Заслужува подеднаков акцент како и другите елементи како што се подобрување и оценување на програмите;
5. Вклученоста на родителите е процес, а не програма на активности. Потребни се постојана посветеност и енергија;
6. Вклученоста на родителите бара визија, политики и рамка. Консензусот е мошне важен;
7. Интеракцијата на родителите со своите деца претставува камен-темелник на вклученоста на родителите. Програмата треба да ја препознае вредноста, разнообразноста и тежината на оваа улога;
8. Пречките за вклучување на родителите лежат во практиката / утврдените форми на влијание во установата. Тие не се поставени од страна на родителите;
9. Родителите може да бидат „тешко достапни“. Родителите треба да се идентификуваат и да им се пристапува индивидуално. Тие не се дефинирани според нивната родова припадност, етничка припадност, брачна состојба, образование или приходи;
10. Успешната вклученост на родителите подразбира негување односи и партнерства кои ги зајакнуваат врските помеѓу домот и училиштето, родителите и практичарите, родителите и училиштето, училиштето и заедницата.

Препорака: Ангажирање на родителите со д-р Деби Пушор
https://www.youtube.com/watch?v=jyP3NpC0BIM

### 1.3.1. Вклучување на родителите на децата под ризик

Целта на вклучувањето на родителите во работата на градинките е, меѓу другото, да се поддржи развојот на детето. Кога зборуваме за вклучувањето на родителите на деца под ризик, корисно е да се имаат предвид 3 нивоа на поддршка остварени преку вклученоста во зависност од потребите на семејствата и на заедниците.

1. **Универзална поддршка** – обезбедена преку активности и услуги кои им се најпотребни и најкорисни на семејствата на младите деца. Дизајнирана е да биде корисна за сите семејства, негуватели и деца. Информациите и ресурсите се прилагодени на возраста на детето и на околностите на семејството. Универзалната поддршка треба да даде основни насоки и поддршка во секојдневни ситуации, како и во моменти кога постојат предизвици, односно проблеми.
   **Пример:** родителски состанок, достапни информативни панели, доброволни активности во кои учествуваат родителите...

2. **Целна поддршка** – се фокусира на семејствата и на децата кои се засегнати од ризици како што се сиромаштија, имиграција, болести, насилство, хуманитарни вонредни состојби итн. Целта е децата, родителите и семејствата да се почувствуваат добредојдени во градинката, да се намали негативниот ефект на ризикот на кој е изложено семејството и да се зајакнат нивните капацитети за справување со таквите ризици.
   **Пример:** информации на интернет-страницата преведени на јазиците на националните малцинства, користење на точната терминологија за одредени состојби, односно групи, користење слики на информативните панели за неписмени родители, кафулиња за дискусии со родителите...

3. **Индицирана поддршка** – специјализирани услуги за семејства, односно за деца со утврдени потреби. Овој вид поддршка најчесто го обезбедуваат експерти од најразлични области во градинката (советодавни услуги во градинката), односно институцијата или организацијата во локалната заедница. Доколку ваквата поддршка се обезбедува во група во градинка, тогаш тоа треба да биде тимска работа на стручни лица од разни полиња (на пример, воспитувач, социјален работник, психолог).

**Важно е да се запомни:**
**Сите деца и семејства треба да имаат пристап до универзална поддршка преку систематски пла—нирани практики и активности за вклучување на родителите во работата на детската градинка.**
Семејствата и родителите на децата под ризик исто така имаат **потреба од дополнителна помош** од стручните лица во градинката.

**Според тоа, дали треба да добијат универзална поддршка или специјализирани услуги? Одговорот е: и двете!**

Децата, родителите и семејствата никогаш не треба да бидат исклучени од универзалната поддршка, бидејќи не постои остра граница помеѓу децата, родителите и семејствата кои користат универзална поддршка и оние на коишто им е потребна дополнителна поддршка.

Потребна е **работа во тимови и внимателно оценување на тоа** кому треба да му се обезбеди поддршка прилагодена на ранливите семејства и да се направи таа да им биде лесно достапна.

**Секогаш треба да се искористат универзалните услуги, бидејќи, дури и со најдобри намери, наменската поддршка понекогаш може да поттикне, односно да доведе до зајакнување на стигмата и на социјалното исклучување.**

| **Рефлективни групни активности:** |
|---|
| Како семејствата со кои работите го разбираат нивното учество во животот на детската градинка? |
| Како вашите колеги го разбираат учеството на родителите/семејствата? |
| Како вашата институција го охрабрува (или не) ваквото учество? |
| Кои средства можат да ги употребат стручните лица за да го поттикнат учеството на сите семејства во животот на установата? |
| Кои се пречките за учество на семејствата? |
| Дали има семејства со подобро учество? Зошто? |
| Дали постојат семејства кои никогаш не учествувале? Зошто? |
| До кој степен овие разлики се поврзани со нивната социјална и културна разноликост? |
| Како воспитувачите планираат стратегии за надминување на овие тешкотии? |
| Како ги ангажирате оние родители што се ‘тешко достапни’? |
| Како се ангажирате заедно со заедницата во насока на остварување посилни меѓусебни врски за вклучување на родителите? |

## 1.4. Идеи за вклучување на родителите – примери од практиката

**Не секогаш е лесно да се претстави на едноставен начин што точно претставува вклучувањето на родителите. Тоа не може да се оствари без да се имаат предвид постојните образовни политики, институционалната мрежа и внатрешната динамика, како и (не)достапноста на семејствата, нивната структура и културолошка основа.**
Сепак, она што можеме да го направиме е да имаме предвид дека учеството на родителите во работата на градинката треба да опфати различни **нивоа на вклученост**, и тоа:

**Информирање** – (на пример: известување за тековните настани, дневни извештаи и контакти со родителите);
**Консултирање** – (на пример: разговори со родителите за сѐ, а не само за проблематичните ситуации);
**Заедничко донесување одлуки** – (на пример: родителски состаноци, групи за дискусии, родителски совети...);
**Заеднички активности** – (на пример: групни активности на родители, доброволни активности во градинка, заеднички активности во локалната заедница).

**Или, можете да размислувате во смисла на различни активности:**

- ***Секојдневен контакт.*** Родителите и воспитувачите треба да разменуваат информации со семејствата секој ден од првиот ден на престојот на детето. Развивање стратегии (огласна табла, тетратка/дневник за домашно учење, групи на Вибер), внатрешна организација на пренесувањето на информациите од воспитувачот во групата и лицето задолжено за пуштање на децата), олеснување на размената кога наставникот не може да зборува со сите семејства. Треба да се размисли за реорганизација на ритамот на денот во согласност со потребите на семејството.

- ***Состаноци со родителите „еден на еден“.*** Избегнувајте состаноци кои се одржуваат само во случај на конфликт или само на почетокот и на крајот на училишната година. Користете ги за поврзување со родителите, да бидете љубопитни за животот на детето, односно за споделување информации за детето и за запознавање со секое семејство посебно. Олеснете им на родителите да ги организираат состаноците. Бидете отворени за можности за онлајн состаноци (Скајп, Зум...) со вработените. Доколку родителот даде согласност, состаноците може да се снимаат и да им се испратат на родителите, а снимката останува во вашата архива.

- ***Групни состаноци.*** Треба да се избегнува еднонасочниот модел, каде што воспитувачот е единствениот учесник што зборува. Групните состаноци може да се искористат за запознавање со родителите, за пренесување информации, мапирање на потребите на родителите, планирање, поврзување на родители со слични прашања, предизвици итн.

- ***Вклученост во предучилишните групни активности.*** Родителите и семејствата можат да учествуваат во работата на детската градинка во текот на процесот на адаптација, во работилници, на училишни излети, говори, заеднички појадок, клубови за читање книги, доброволни активности, одење во парк, активности каде што „поискусни родители им помагаат на помалку искусни родители“, итн...

- ***Вклучување на родителите во детската градинка и нејзината организација***. Соработка на поформално ниво преку учество во тимовите и телата на детската градинка (совет на родители, одбор на директори).

- ***Вклучување во заеднички активности во локалната заедница*** – поддршка, односно доброволно учество во активности организирани од институција или организација во локалната заедница.

- ***Домашни посети*** – на пример, посета од страна на целата група на соседството каде што живее детето (на пример: кога има ново дете во групата), при што родителот може да биде „водич“ низ соседството или пак посетите може да бидат советодавни и информативни за родителите во согласност со нивните потреби.

На линковите подолу можете да видите разни идеи за вклучување на родителите во работата на градинката.

**Програмата „неверојатни години“** и поврзаните интервенции претставуваат низа програми фокусирани на зајакнувањето на родителските компетенции и поттикнување на вклучувањето на родителите. Родителските програми се групирани според возраста.
https://incredibleyears.com/

**Целите на проектот „А ПАР“** се промоција на сеопфатен развој на децата и нивните семејства, спречување и борба против социјалните и образовните проблеми уште од раѓање.
https://a-par.org/

**Прирачникот за ангажирање на семејството** е збирка на **истражувачки пристапи кои ветуваат** зајакнување на компетенциите на луѓето, групите и организациите кои се посветени на семејството. Прирачникот нуди идеи, модели и алатки кои лесно може да се интегрираат во обуки, континуирано образование и организациски можности за учење.
https://medium.com/familyengagementplaybook/approaches/home

## 2. Методологија – вклучување на родителите во работата на градинките – како да се изгради однос

Запомнете: Односите се двонасочни улици.

Препорака: Д-р Тим Мур: Автентичен ангажман – Улогата на односите во срцевината на делотворното работење
https://www.youtube.com/watch?v=AKvRXvXTZ6w&t=170s

**Пристапот на вклучување на родителите опишан во овој прирачник се заснова на важноста на градењето односи помеѓу родителите и стручните лица**. Во прирачникот се фокусираме на **развивањето на компетенциите за остварување добри меѓучовечки односи** во педагошките односи.

Компетенциите за остварување добри меѓучовечки односи се: *„Спремноста и волјата на стручното лице да го „согледа“ другото лице (дете, родител) онакво какво што е, како и соодветно да го прилагоди своето однесување без да се откаже од лидерството, како и способност да се биде искрен при контактите со детето. Освен тоа, стручното лице треба целосно да ја преземе одговорноста за квалитетот на односот.“* (Јул и Јенсен, 2014 година)[ii].

Повеќе информации за развивањето на вештините за остварување односи се дадени во глава 4.

Моделот базиран на односи за вклучување на родителите во работата на детската градинка претставува **префрлање на фокусот од експертскиот модел** на прототипските (односно со семејствата) на **корисничкиот модел.**

| ЕКСПЕРТСКИ МОДЕЛ | КОРИСНИЧКИ МОДЕЛ |
|---|---|
| Стручното лице е експерт и ги носи одлуките.<br>Вклучувањето започнува со испраќање пораки на родителите.<br>Нема потреба да им се дадат премногу објаснувања на родителите бидејќи стручното лице е експертот. | И родителите и стручните лица го даваат потребното знаење.<br>Вклучувањето започнува со тоа што се слуша што имаат да кажат родителите.<br>Фокусот е на партнерството и на дијалогот помеѓу стручните лица и родителите. |
| Контактите се малубројни и на техничко ниво – се користи стручна терминологија (што е тешка за разбирање за родителите и за семејствата).<br>Стручните лица најчесто се поставуваат на повисоко ниво. | Односот се заснова на еднаквост, бидејќи секој е експерт или за познавање на детето или за образовните можности и алтернативи. |
| Гледиштето на родителите не се зема предвид и стручните лица сметаат дека треба да им кажат на родителите како да се однесуваат со децата и како да го организираат семејниот живот. | Постои дијалог со цел постигнување согласност и изнаоѓање на решенија. |
| Да се направи ДО и ЗА родителите.<br>Обезбедување програми за семејства. | Да се направи (заеднички да се создаде) со родителите. |

| | |
|---|---|
| | Градење односи со родителите и семејствата: поставување прашања, слушање, јакнење, споделување на гледиштата и информациите, партнерство, заедничко осмислување, спроведување, преземање ризици, поддршка на родителите… Охрабрување на семејствата да експериментираат со нови практики. |

Според тоа, во овој прирачник, во врска со вклученоста на родителите во работата и во донесувањето одлуки во детската градинка ќе се фокусираме на родителот, стручните лица и на третиот елемент, односно нивниот меѓусебен однос. Во четвртата глава на овој прирачник подетално се разработени условите за градење односи со родителите.

РОДИТЕЛ ⟷ СТРУЧНО ЛИЦЕ

ОДНОС

Во овој пристап, стручните лица можат да ги индивидуализираат активностите и стратегиите за комуникација во согласност со животната состојба, културата, јазиците, верувањата, вредностите, практиките, традициите и силните страни на семејството на секое од децата. Ефективното вклучување на семејството значи заземање **гледиште засновано на силни страни кое ги идентификува и се надоградува на способностите и позитивните квалитети на секое семејство**.

Стручните лица треба да соработуваат со родителите за да ги утврдат семејните силни страни и ресурсите потребни за надминување на предизвиците и остварување на семејните цели. Овие ресурси може да се достапни во рамките на семејството, социјалните мрежи, соседството или заедницата и може да вклучуваат организации предводени од родителите, односно други организации или установи од локалната заедница.

Кога односите вклучуваат заемно почитување и доверба, воспитувачите можат да учат заедно со родителите за тоа како добросостојбата на семејството влијае на можноста на нивното дете да се чувствува безбедно, сигурно и заинтересирано за учење.

Понекогаш разни фактори може да влијаат врз квалитетот и оптималната зачестеност на односите:

- Понекогаш меѓу стручните лица постои стигма дека родителите се тешки за соработка;

- Воспоставувањето однос со родителите може да се смета за нешто што е второстепено во рамките на културата на детската градинка;

- Многу од високостручните лица се стручни за работа со деца и може да се соочат со односи со родителите кои претставуваат предизвик;

- Семејните и училишните односи се сложени и вклучуваат и емотивни фактори, најчесто со многу мали или никакви очекувања од страна на двете категории на чинители.
- Недостиг на социјални и емоционални вештини кај стручните лица.

**Најголем дел од интеракциите помеѓу наставниците, односно давателите на грижа на детето од една страна и семејствата од друга страна настануваат во текот на кратки периоди на почетокот и на крајот на денот, во моменти на разделби и повторни средби. Ваквите интеракции, иако понекогаш избрзани, сепак, претставуваат значајни можности за вклучување на родителите и за градење односи.** Токму тогаш треба да се споделуваат согледувања и приказни за детето, да се разменуваат практични информации и да се согледаат дневните активности и рутини.

Подолгите, планирани состаноци, како што се состаноци помеѓу наставникот/негувателот на детето и родителот, исто така играат улога во однос на поттикнувањето на вклучувањето на родителите во програмите за ран детски развој. Со тоа што ќе осигурат дека семејствата се чувствуваат добредојдени и активно вклучени во донесувањето на одлуките, наставниците и негувателите на децата можат да соработуваат со семејствата како вистински партнери.

**Секоја детска градинка и секоја група има своја специфика, како и мошне различни искуства со различните форми на вклучување, поради што спроведувањето бара знаење и разбирање на основните концепти, нивните теоретски основи, како и на контекстот на детската градинка и на родителите и нивните потреби.**

Предлагаме вие, како стручно лице во детска градинка, да го следите овој прирачник, но притоа нагласуваме дека чувствителноста на модераторот на конкретна група родители и свесноста за конкретни потреби, односно тешкотии во рамките на групата и прилагодувањето и чувствителноста на конкретни контексти и состојби се круцијални фактори за успешна соработка со родителите.

<u>**ВАШИТЕ ЧУВСТВИТЕЛНОСТ, ОДГОВОР, ФЛЕКСИБИЛНОСТ И ПОДГОТВЕНОСТ ЗА ДИЈАЛОГ СО РОДИТЕЛИТЕ СЕ НАЈВАЖНИТЕ АКТИВНИ СОСТОЈКИ „БЕЗ КОИ НЕ СЕ МОЖЕ“.**</u>

## 2.1. Родителите и како ги согледуваме

**Начинот на кој стручните лица свесно или несвесно ги согледуваат родителите влијае врз квалитетот на односите кои ги градат со нив.**
Верувањата на стручните лица во однос на родителите најчесто се „пророштва“ кои сами по себе се исполнуваат.

За да може да се развијат конструктивни односи со родителите во градинка, важно е да нема предрасуди кон нив и да се има отворен ум за нивниот начин на спроведување на семејниот живот и нивниот стил на родителство.
**Постојат многубројни и разновидни начини на кои поединците и семејствата можат да водат квалитетен живот којшто овозможува опкружување поволно за развојот на детето**. Овие начини можеби се поинакви од начините на кои ние сме навикнати.

Стручните лица се охрабрени да размислуваат за секое дете како за посебна личност. Истите принципи се однесуваат и на родителите и на семејството на детето – тие се исто толку посебни како и самото дете.
**Доколку се одвои доволно време за запознавање на родителите, нивните интереси, грижи и идеи, тогаш нема да има време за формирање стереотипи за нив и ќе се овозможи тие да се чувствуваат ценети и почитувани. Ова, од своја страна, претставува основа за ефективно партнерско работење.**

**Кога размислуваме за нашите верувања, стереотипи и предрасуди за родителите со кои работиме, важно е да бидеме свесни дека <u>сите ние ги имаме</u>. Тие се дел од човековата природа.**

**Дел од нив може да се поврзани со верата, националниот идентитет, културата на родителите, болестите, професијата итн.**

На пример, на одредени воспитувачи им е исклучително тешко да воспостават однос на соработка со родители кои по професија се исто така воспитувачи поради предрасудите дека ќе ги оценуваат. Или, пак, да работат со самохрани родители бидејќи ги сожалуваат.

**Најчестите стереотипи поврзани со вклучувањето на родителите во работата на градинките се однесуваат на верувањата дека родителите не се заинтересирани да учествуваат во работата на градинката, дека немаат време да учествуваат, односно не се заинтересирани за лидерски улоги.** Важно е да се биде свесен за овие гледишта и тие да се преиспитаат.

Стручните лица често пати може да имаат лажни очекувања и да очекуваат премногу од семејствата. Тие може да мислат дека сите семејства можат и мораат да соработуваат и да учествуваат еднакво или пак очекуваат семејствата да бидат, односно да се однесуваат како стручни лица дома, да „работат“ со своето дете итн.

Понекогаш стручните лица може премногу емоционално да се вклучат. Важно е да сочувствувате со родителите и со семејствата, но, сепак, стручноста секогаш мора да преовлада; Добрите односи со родителите и нивната вклученост не значи дека треба да се спријателите со родителите, односно да ја преземете улогата на психолог, советник или педијатар.
**Здравите граници на улогата на стручно лице овозможуваат сигурност и предвидливост на односите.**

**Верувањето дека родителите го сакаат најдоброто за нивните деца, но дека не секогаш се способни тоа да им го овозможат, претставува добра појдовна точка за работење со родителите.**

**Сепак, треба да се биде свесен дека отворениот став кон родителите и семејствата сам по себе нема да доведе до успешно вклучување на родителите во работата и во донесувањето одлуки во детската градинка. Стручните процеси на соработка и разговор бараат комбинација од самостојно размислување, научно знаење и нови гледишта.**

Исто така, интересно е да се согледа како родителите гледаат на стручните лица и како би сакале да бидат третирани од страна на стручните лица од градинките.

• Родителите сакаат некој што се грижи за нив и за нивните деца.
• Родителите сакаат почитување и да бидат видени како делотворен елемент од образовниот тим на нивното дете.
• Родителите сакаат да имаат дел во оформувањето на агендата која ги засега.
• Тие сакаат да видат дека нивните идеи се почитуваат и се користат за создавање опкружување за квалитетна грижа за детето.
• Родителите сакаат способни стручни лица за ран детски развој кои го спроведуваат тоа делотворно и на начин којшто навистина ги задоволува нивните потреби.
• Родителите сакаат да бидат дел од однос што се базира на соработка и комуникации.
• Тие сакаат близок однос со стручните лица за ран детски развој.[iii]

Овие наоди ги потенцираат високите очекувања коишто родителите ги имаат од стручните лица. Тие сакаат практичарите да се грижат и да бидат способни. Притоа, родителите нагласуваат дека сакаат да бидат вклучени и сакаат да имаат однос и партнерство со стручните лица. Од суштин-

ско значење е семејствата да се информираат и да им се објасни и образложи образовниот проект за предучилишно образование.

**Гледајќи навнатре со оглед на тоа дека меѓународната праска е драгоцена вежба во групата.** Преку тимски дискусии можеме да станеме свесни за своите искуства, надежи, стравови и грижи, како и за искуствата, надежите, стравовите и грижите на другите.

| **Групна рефлективна активност** |
| --- |
| Размислете за вашето детство и за вашите искуства во животот.<br>Како овие минати искуства, било позитивни или негативни, би можеле<br>да ги оформат вашите верувања, како стручно лице, за вклученоста на родителите<br>и семејствата? |
| Какви стравови и колебања имате во однос на работењето со родителите,<br>односно вклучувањето на родителите? |
| Во вашата досегашна практика, кои ваши верувања за родителите се покажале<br>како неточни? |
| Кои страсти, верувања и силни страни ги имате за да ви помогнат<br>да ги вклучите родителите? |

Препорака: Д-р Карен Мап – Преобликување на нашите гледишта за нашите семејства
https://www.youtube.com/watch?v=KqHMNT2UtW0

## 2.2. Од каде за започнете

„Премногу често ја потценуваме моќта на допирот, насмевката, љубезниот збор, слушањето, искрениот комплимент, односно најмалата љубезност, а сите тие можат дијаметрално да го сменат правецот на животот. Вчудовидувачки е да се разгледаат сеприсутните начини како нашата љубов може да биде почувствувана". – Лео Бускалија

Без оглед на тоа дали организирате родителски состанок или работилница за родители, меѓу најосновните и најкритичните интервенции за деца и за семејства е **градењето доверба**.

Марголис и Браниган[iv] ја согледаа оваа идеја кога го напишаа следново: За да изградите доверба, морате да ги направите следниве работи:
(а) култивирање начин на размислување во насока на соработка наместо натпревар и доминирање;
(б) вашата соработка со родителите треба да биде заснована на разбирање и заемна грижа;
(в) бидете отворени во врска со вашите конкретни цели;
(г) суптилно покажете ја вашата стручност без да бидете наметливи, односно без да сигнализирате супериорност.

Градењето доверба не може да се избрза. Се работи за интерактивен процес кој вклучува споделување информации, идеи и чувства. Оперативниот поим при градењето на довербата е реципрочност. Важно е чувствата да се споделуваат наместо да се кријат. Меѓутоа, размислувањата треба да се изразуваат на начин којшто родителите ќе го разберат и ценат.

Размислете за сите нивоа на вклучување на родителите во детската градинка (информирање, консултации, заедничко донесување одлуки, заеднички активности). Согледајте ја состојбата во вашата институција од првиот контакт на родителите со местото каде што се наоѓа институ-

цијата, информациите и запишувањето, па сè до моментот на повлекување на детето од градинка.

**Првиот чекор на вклучувањето на родителите во работењето и во донесувањето одлуки е да се охрабрат да го запишат своето дете во градинка. Значителен број родители не знаат кои се функциите и колкава е важноста на детските градинки, освен само чување на детето.**

Бидете транспарентни и пружете им ги на родителите сите релевантни информации за детската градинка преку прикажување постери, **ставање информации на вашата интернет-страница, социјалните медиуми, повикување на организации на родители од локалната заедница да запишат родители во вашата служба.**

- *Заедно со родителите на запишаните деца треба да се развие прирачник на родители за нови родители, каде што ќе бидат вклучени сите потребни информации, постапки, правила, обрасци, стандарди на наставните програми, но исто така и пораки за поддршка на новите родители. Треба да се одржи настан со ручек и да се вклучат родителите во организирањето и во спроведувањето на настанот на доброволна основа. Прирачникот да се објави на интернет-страницата на градинката и на социјалните медиуми.*
- *Да се назначи лице(а) за контакт со детската градинка, кое ќе им помага и ќе ги поддржува родителите во рамките на нивната интеракција со детската градинка. Да се постави фотографија и да се дадат информациите за контакт на тоа лице на интернет-страницата на установата. Да се разгледа можноста дали тоа лице би можело да сними неколку кратки видеа каде што ќе одговори на најчестите прашања на родителите за постапката за запишување во градинката. Да се обезбеди превод на видеото на јазиците на националните малцинства и да се постави на интернет-страницата и на социјалните мрежи.*

**Имајте предвид дека вклучувањето на родителите никогаш не е еднократен настан, туку процес**! Во оваа фаза, на родителите им е потребна помош да разберат што се нуди во градинката и зошто оваа услуга е добра за нивното дете и за семејството.

Природата и нивото на поддршка која стручните лица ја нудат во рамките на овој процес е различна во зависност од конкретните чекори и начинот на кој родителите најчесто им пристапуваат на различните услуги. Некои родители се многу независни и основните информации што се дадени, на пример, на интернет-страницата, им се сосема доволни. На други семејства, пак, особено на семејствата под ризик, им треба поголемо охрабрување за да се вклучат, што значи дека стручните лица треба повеќепати да зборуваат со таквите семејства.

Добар предлог е да се процени нивото на софистицираност на родителите во врска со секоја од темите на агендата со цел да не им го раскажувате тоа што веќе го знаат, но исто така и да не ги преоптоварите со информации кои не можат да ги разберат.[v] (Томпсон, Р. 2006)

Откако детето и семејството ќе дојдат во градинка, стручните лица треба да продолжат да го развиваат односот со родителите, што може да доведе до развивање соработка со нив.

Ако постоеше едноставна „формула“ за вклучување на родителите во работењето на градинките, тогаш таа, условно кажано, би изгледала вака:

1. **Мапирање:** утврдете што веќе правите.
2. **Планирање**: утврдете го посакуваното влијание на стратегиите за ангажирање на родителите и како тоа може да се измери.
3. **Спроведување**: направете ги планираните активности и соберете информации за показателите на исходите.
4. **Оценување**: проценете ги собраните информации и извлечете заклучоци поврзани со исходите.
5. **Преглед**: информирајте се за влијанието, искористете ги наодите за подобрување, односно за промена на планираните стратегии/активности.

**За да се создадат услови кои овозможуваат делотворно и одржливо вклучување на родителите, треба да се активираат одредени структури за поддршка, како на ниво на детските градинки така и на ниво на индивидуални групи.**
**На пример, ги предлагаме следниве работи:**

- **Организирање тимови за акција за планирање, спроведување и оценување на вклучувањето на родителите**. Ова може да вклучува формирање нови тимови или користење на постојните работни групи;
- Координирање на внатрешните политики и постапки на детската градинка во кои изречно се наведени и интегрирани практиките и принципите на вклучувањето на родителите;
- Примена и оценување на принципите и практиките на вклучување на родителите по различни сектори во детската градинка и на ниво на образовна група;
- Градење мрежи за поддршка во локалната заедница и пошироко за споделување идеи, прашања и најдобри практики.

### 2.2.1. Развивање доверба меѓу професионалците во тимот

**Негувањето доверба во вашата професионална заедница е клучно и често е прв чекор за значителен раст и соработка со родителите и семејствата. Довербата што професионалците ја градат во тим може да послужи како силна основа за постигнување на целите за активно вклучување на родителите во работата и донесување одлуки во предучилишните установи.** За да започнете позитивна промена, од суштинско значење е да ги препознаете и да ги искористите потенцијалите и ресурсите во вашата институција. Ова служи како силна основа за започнување на работата и планирањето кооперативни напори со родителите.

Истражете ги четирите клучни атрибути на доверба во односите и размислете за сопствените искуства во вашата предучилишна установа.

1. **Почитување на различностите**

Довербата се гради врз почит, којашто се раѓа од социјалните интеракции. Тоа вклучува вистински интерес и активно слушање на различните перспективи, дури и кога се соочуваме со несогласувања. Кога поединците се чувствуваат почитувани, дури и во конфликт, тоа поттикнува средина каде што луѓето се ценат едни со други. Без меѓучовечко почитување, постои ризик од избегнување или нездрави надворешни конфликти.

- Како вашата предучилишна установа ги препознава индивидуалното достоинство и разновидните идеи во практиката?
- Дали верувате дека вашите колеги активно се слушаат? Како го проценувате ова?
- Размислете за неодамнешните конфликти меѓу колегите. Што се случило и како тие биле решени? Кои лекции беа научени?
- Дали има подобрена комуникација меѓу колегите и како ја изразувате љубезноста кон нив?

**2. Лична грижа**

Ние им веруваме на оние што ги надминуваат своите формални одговорности и работни улоги, демонстрирајќи добра волја и без намера да наштетат**.**

- Можеш ли да се сетиш на случај кога некој колега ги надминал барањата за работа кон тебе?
- Кога сте ги прошириле границите на вашата улога во корист на вашиот тим или установа?
- Дали чувствувате дека вашите колеги се грижат за вашата професионална и лична благосостојба и дали возвраќате на оваа грижа?

**3. Компетентност**

Во градинката како заедница, довербата е тесно поврзана со способноста на секој поединец ефективно да ја исполни својата улога. Постигнувањето на заедничките цели зависи од компетентноста на секој член на тимот. Секоја перцепција за недостиг на вештини, знаење или подготвеност да се исполни својата улога може да ја уништи довербата.

Негрижата или неспособноста, доколку не се решат, може дополнително да ја поткопа способноста на секој поединец ефективно да ја исполни својата улога.

- Дали вашите колеги се сметаат за подготвени и способни ефикасно да ги извршуваат своите работни обврски?

- Дали има сомнежи за компетентноста на одредени колеги или претпоставени?

- Идентификувајте ги колегите за кои чувствувате резервираност за нивната компетентност. Колкав процент од вкупната работна сила претставуваат тие?

- Дали сте загрижени дека вашите колеги може да се сомневаат во вашата компетентност и како можете да го решите ова?

**4. Личен интегритет**

Интегритетот е основа за довербата; тоа зависи од верувањето дека другите ќе ги почитуваат нивните обврски и ќе го задржат личниот и професионалниот интегритет. Тоа подразбира и придржување кон моралните и етичките принципи, дури и кога индивидуалните интереси се судираат во рамките на училишната средина. Благосостојбата на децата мора да остане главна грижа, дури и во услови на такви конфликти.

Градењето меѓусебна доверба е тековен процес, но со размислување за овие атрибути, можете да придонесете за поотворена и кооперативна професионална средина. Преку доверба може да се постигне трајна промена и напредок.

| **Рефлективна вежба** |
|---|
| Во парови, одговорете на следниве прашања: |
| • Разговарајте за некого на кого навистина му верувате.<br>Што Ве тера да ѝ верувате на оваа личност? Како се разви оваа доверба?<br>• Какво е чувството навистина да му се верува некому?<br>• Како научивте за довербата како дете – на пр., довербата во однос на врсниците?<br>• Дали имате искуство, како возрасен, кога довербата била скршена?<br>И кога вашите постапки ја поткопале туѓата доверба во Вас?<br>Какви се тие искуства за вас?<br>• Кои се вашите лични верувања за довербата?<br>Дали е тешко да се изгради? Лесно?<br>• Дали е потешко да се изгради доверба кај луѓе кои не ја делат вашата раса или етничка припадност, вашето потекло, вашиот пол?<br>• Пишувајте за некој на кого неодамна сте почнале да му верувате – можеби колега, шеф или пријател. Опишете како се развила оваа доверба – што направила таа личност? Што сте направиле Вие?<br>• Што дозволува оваа доверба да расте? Зошто таа личност, а не некој друг? Што би можел да направи некој што би ја Вашата твојата доверба во него или во неа? |

## 2.3. Мапирање

Забелешка за пристапот на мапирање: мапирање, планирање, спроведување, оценување и преглед

Мапирање на **постојните и на потенцијалните начини на вклучување на родителите** со цел појасно да се образложат сегашните напори како основа за утврдувањето на првите чекори на планирањето на вклучувањето на родителите.

Освен тоа, мапирањето може да ви помогне да ги поврзете ресурсите вклучени во вашата детска градинка со ресурсите во заедницата (вклучувајќи формални и неформални организации како што се здравствени установи, социјална заштита, НВО, спортски клубови, културни клубови итн., како и деловни субјекти, управни тела и институции).

Треба да се посвети посебно внимание на следниве работи:

• Утврдување на ресурсите што се веќе на располагање;
• Како се организирани ресурсите за да се користат заедно;
• Кои постапки постојат за подобрување на полезноста на ресурсите.

Ваков вид самостојни процени најдобро спроведуваат тимови. Воспитувачите првично може да треба да работат посебно на пополнување на листата за проверка, но реалните придобивки доаѓаат од дискусиите во рамките на група/тим.

**Во текот на годината, секој воспитувач може неколку пати да ја мапира ситуацијата во својата група, независно и во однос на родителите на запишаните деца.**

Листата за проверка ги организира ставките систематски и обезбедува **преглед на задачите што треба да ги извршите, односно да ги имате предвид** наместо да треба да ги памтите.

| ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА ЗА МАПИРАЊЕ НА ВКЛУЧУВАЊЕТО НА РОДИТЕЛИТЕ | |
|---|---|
| **Задача** | Состојба |
| Анализа на постојната законска рамка и на подзаконските акти (препораки, прирачници...). | |
| Анализа на внатрешните акти на институцијата (статут, одлуки, планови). | |
| Имање јасна слика за вашата заедница (структура и потреби на населението и како тоа влијае на детската градинка). | |
| Имање јасна слика за семејната состојба на запишаните деца. Разгледани се сите форми на разнообразност, како што се социоекономските, етничките и културните, лингвистички, инвалидски и семејни аспекти (на пример, згрижувачко семејство, семејство со тинејџерски родители). | |
| Список на конкретни активности кои поттикнуваат вклучување на родителите во вашата установа. | |
| Список на постојни процеси, практики и активности за вклучување на родителите. | |
| Анализа на начините за следење на планираните активности за вклучување на родителите. Нагласете ги показателите кои ги следите. | |
| Наведете ги начините за оценување на процесите и активностите за вклучување на родителите. | |
| Анализирање на тоа како професионалниот развој на вработените ги поддржува процесите за вклучување на родителите (наведете конкретни обуки, семинари). | |
| Анализирање на степенот до кој се поврзани со детските градинки од други градови, земји, со професионални здруженија. | |
| Анализирање на потребите на вработените за дополнителна едукација (на пример, за работа со „тешки“ родители, поддршка за деца и семејства под ризик...). | |
| Забележете како и кога вклучувањето на родителите станува тема на тимските состаноци. | |
| Анализирање на тоа како новите вработени се запознаваат со концептот и со практиката на вклучување на родителите. | |
| Анализирање на тоа како детската градинка ги препознава и ги поддржува родителите волонтери. | |
| Список на активности со кои детската градинка ги прославува настаните кои се важни за заедницата, како што се важни денови од областа на културата. | |
| Анализа на соодветните и делотворните канали за комуникација кои ги користите при комуникација со родителите. | |
| Анализирање на пречките за вклучување на родителите. | |
| Список на претходни начини за надминување на бариерите за вклучување на родителите. | |
| Идентификувајте некој од вработените кој успешно соработувал со разни семејства, било во детската градинка или на друго место. | |

| | |
|---|---|
| Наведете ги конкретните принципи и постапки кои придонесуваат за успешна соработка со родителите. | |
| Идентификувајте ги влијателните лица во задницата кои би можеле да помогнат во однос на промовирање на активностите за ангажирање на семејствата. | |
| Најдете некој вработен кој може да им ги претстави гледиштата на воспитувачите и на другите вработени во детската градинка на влијателните лица во заедницата. | |
| Идентификувајте ги родителите, односно членовите од семејствата кои можат да ги претстават нивните гледишта (на пример: специјално образование, програми за учење англиски јазик). | |
| Утврдете кои се потенцијалните ‘лидери во групата родители’ кои се претставници на разните семејства застапени во вашата детска градинка. | |
| Мапирање на институции и организации во локалната заедница кои ги поддржуваат децата и семејствата. | |
| Анализирање на постојната соработка со институциите и организациите во локалната заедница. Создавање показатели на успешноста на соработката. | |
| Анализирање на начините на кои детската градинка ги поддржува потребите на воспитувачите и родителите за користење најразлични видови медиуми (вклучувајќи онлајн медиуми и социјални медиуми) на соодветен и делотворен начин. | |

## 2.3.1 Утврдување на пречките за вклучување на родителите

Важен дел од мапирањето е дискутирањето и утврдувањето на пречките кои може да стојат на патот кон вклучувањето на родителите во работата на детската градинка.

Согледајте некои од пречките за вклучување на родителите – дали сте забележале чести коментари за оваа тема? Дали вие или вашите колеги некогаш сте коментирале во однос на ова? Како може да се спротивставите на некои од овие пречки?

| ПРЕЧКИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ | |
|---|---|
| Некорисно размислување | Што да се направи? |
| **Родителите не се грижат /не се заинтересирани.** | Некои родители се заинтересирани за своите деца, но можеби не се заинтересирани да соработуваат со детската градинка. Постои разлика помеѓу овие две.<br>Кај некои семејства вклученоста на родителот во животот на детето поверојатно е дека се одвива во домот, преку игра, разговор, во периоди кога семејството е заедно.<br>Стручните лица можеби не го ‘гледаат’ ова.<br><br>Некои родители можеби не знаат какви видови вклученост постојат. Родителите можеби имаат разни стравови од критика од страна на стручните лица или пак не се сигурни какви очекувања има стручното лице од нив.<br><br>Разгледајте разни пристапи за информирање и вклучување на родителите и на семејствата. Посветете време за разговор со родителите на овие теми. |

| | |
|---|---|
| **Родителите не се појавуваат или пак секој пат се појавуваат истите луѓе.** | Разгледајте ги внимателно времињата, датумите, достапноста на информации за различните активности кои ги организирате.<br><br>Прашајте ги родителите кои присуствуваат дали им се познати причините поради кои другите родители не доаѓаат.<br>Прашајте ги самите родители, но имајте предвид како ова може да се протолкува (првин посветете време на градењето однос). |
| **Родителите нè контак-тираат само кога има проблем.** | Многу родители можеби го мислат истото кога нив ги контактираат стручните лица од детската градинка!<br><br>Ова може да покаже дека не се доволно запознаени со целта на вклучувањето во работата на градинките. Вклучувањето на родителите бара системски, планирани, редовни, постојани и наменски интеракции помеѓу родителите и стручните лица. |
| **Одредени родители едноставно не се ангажираат. Не е во нивната култура.** | Вообичаен стереотип е дека семејствата под социјален ризик не го ценат образованието или дека не се заинтересирани за развојот на нивните деца. Предрасудите на стручните лица го поддржуваат зачувувањето статус кво во однос на поддршката на семејствата под ризик. Вложете време во развивањето културни компетенции и сензибилност во однос на социјалната разнообразност.<br><br>Обидете се да ја нагласите важноста на вклучувањето и на еднаквоста со тоа што ќе зборувате со родителите за можностите за сите деца. |
| **Премногу работа е за стручните лица / немаме време.** | Промените во работењето се составен дел од нашата работа. Воведувањето новини во вашата работа не значи дека ќе работите повеќе, но може да значи дека ќе работите поинаку.<br><br>Најдете време да размислите зошто вклучувањето на родителите е важно, не само за детето и за родителот туку и за вас како стручно лице. |
| **Не знаеме од каде да почнеме.** | Започнете со она што веќе го правите и правете промени постепено. |
| **Веќе го правиме тоа.** | Токму така. Дел од условите на концептот за вклучување на родителите се потпираат на вашите постоечки практики.<br>Со новите знаења и примената на прирачникот ќе го преиспитувате и подобрувате вашето работење во практиката. |
| **Немаме поддршка.** | Посветете време на размислување (со вашите колеги и самостојно) за тоа кои видови поддршка постојат во вашата установа?<br>Што од дадената поддршка користите?<br>Каква дополнителна поддршка ви е потребна?<br>Каков вид поддршка би ви била потребна во оваа ситуација? |

## 2.4. Планирање

Препорака: Џени Брасингтон – Колку се ефективни вашите иницијативи, стратегии и практики за ангажирање на семејствата? https://www.youtube.com/watch?v=HP0ADQLu1zA

Досега, знаете дека вклученоста на родителите се подразбира само родителите „да се појавуваат“ на родителски состаноци. Знаеме дека стручните лица и родителите (и другите чинители) треба да го изградат своето знаење и вештини за култивирање и одржување на односите и вклученоста.

Имајте предвид дека стручните лица треба да им обезбедат на разните чинители можност за градење капацитет за ангажирање во ефективни партнерства. Ова не е само одговорност, туку и посветеност за негување позитивни односи со родителите. Повеќе информации за ова се дадени во Поглавје 4.

**Ангажманот на родителите и на семејството се опишува како „намерно и системско партнерство на воспитувачите, семејствата и членовите на заедницата. Ова партнерство ја дели одговорноста за подготовката на ученикот за училиште, работа и живот, од моментот кога детето се раѓа па сè до адолесценција.“**[vi]

Тука ги нагласуваме зборовите ‘**намерно**’ и ‘**системски**’ за да нагласиме дека стручните лица, семејствата и другите чинители во животот на детето треба да развијат знаење и вештини за да работат заедно, а градинката треба намерно да ја интегрираа оваа вклученост во стручните цели за учење и за развој на детето.

Основен дел на ова е да се осигури посветеноста кон сеопфатниот пристап за вклучувањето на родителите. **Оваа заложба започнува со разговори меѓу сите вработени во детската градинка – секој што доаѓа во контакт со родителот – за потребата за разбирање на вредноста и значењето на вклучувањето на родителите во работата и во донесувањето одлуки во градинката.**

**Основата за создавање и негување култура на вклучување засновано на односи лежи во ефективно лидерство**. Во практиката ова изгледа како активна поддршка на директорот на градинката и/или членовите на одборот на директори.

**Вклучувањето на родителите во работата на градинката се одвива на неколку нивоа, така што планирањето и спроведувањето на плановите треба да се спроведе и прилагоди на различните нивоа на работа, од институционално до групно ниво.**

Подгответе се за планирање и за спроведување со **идентификувањето на основниот тим за планирање и неговиот координатор**. Вклучете разни профили на стручни лица кои работат во градинката. Добро е да се започне со анализа на состојбата во вашата земја, процена на влијанијата на тековните политики и интервенции, опфаќајќи ги сите аспекти на националната законска рамка.

**Формирањето основен тим за планирање може да помогне во водењето и спроведувањето на процесот на планирање за создавање и негување култура на вклучување на родителите засновано на остварени односи во вашата детска градинка**.

Тимот треба да вклучува претставници од сите клучни чинители во детската градинка (воспитувачи, стручни соработници, како и стручни лица кои не работат директно со децата и со родителите).
Добро би било во тимот да се вклучени и други членови, како претставник на родителите, членови на установите на локалната заедница и членови на одборот.

Некои сектори во градинката можеби веќе поседуваат алатки за оценување, а елементите на вклученоста на родителите можеби веќе се интегрирани во нив.

Дополнително, земете го предвид трансформативниот аспект на негување култура на вклученост на родителите. Истражувањата постојано покажуваат дека ангажирањето родители не само што ги прави улогите на професионалците поуправливи туку и поисполнителни.

Постојат бројни креативни начини за да се пристапи кон оваа трансформација. На пример, можете да организирате состаноци или работилници со сите професионалци за да разговарате за нивното разбирање за вклученоста на родителите и нивната перцепција за моменталната средина. Создадете средина што овозможува доволно време и простор за истражување на различните аспекти покренати во овие дискусии. Овој процес претставува одлична можност за заедничко изготвување изјава за визија со целиот персонал, како што е опишано подетално подоцна во овој дел.

Главниот елемент на овие дискусии е да се размислува за потенцијалните пречки за успешно ангажирање на семејствата. Посветете време на дискусија за грижите или бариерите за ангажирањето на семејствата и активно решавајте ги овие грижи.

Осигурете се дека целта на родителската вклученост е кристално јасна. Освен обезбедувањето основни информации за важноста од вклучување на родителите во работата во градинката, дефинирајте ги вашите цели, објаснете ги причините за промената и артикулирајте ги саканите практики што сакате да ги спроведете. Оваа јасност е неопходна, бидејќи добро дефинираната цел води до зајакнување на заедницата во градинката и ја поттикнува посветеноста на сите членови на тимот.

Постепено, вклучете ги сите засегнати страни и спроведете ориентации за да се осигурите дека сите го усогласуваат своето разбирање според целите во секоја фаза од процесот.

Поконкретни упатства за комуникација и градење односи со колегите можете да најдете во четвртото поглавје од овој прирачник.

| Водечки прашања за генерирање дискусија во рамките на тимот: |
|---|
| Какво е вашето искуство со вклучување на родителите во работата и во донесувањето одлуки во градинката? |
| Што функционира добро? |
| Што не функционира добро? |
| Што е она што најмногу исполнува при развивањето силни односи со родителите? |
| Што е тоа што најмалку исполнува? |
| Кои аспекти од вашата работа би можеле да имаат придобивки од вклучувањето на родителите? Зошто? |
| Кои аспекти од вашата работа би можело да ги отежни вклучувањето на родителите? Зошто? |

## Тимот треба да ги запомни следниве работи:

- Нафрлање идеи и усогласување на активностите;
- Доделување обврски;
- Следење на напредокот;
- Оценување;
- Чувајте ги вратите отворени за нови чинители и за свежи идеи;

- Бидете флексибилни;
- Прославете ги успесите!

**Доколку се обидувате да изградите односи со родителите самостојно и без системска поддршка од градинките, не грижете се. Информациите и знаењето од овој прирачник можат да ви бидат поддршка и ветер во грбот на патот кон вклучувањето на родителите во работата на вашата група.**

Она што дефинитивно го препорачуваме како ресурс за практичари е **книгата на Јеспер Јул и Хеле Јенсен „Од послушност до одговорност – на патот кон новата култура на образованието“.**

## 2.4.1. Развивање нацрт-исказ на визијата

Дискутирањето за тоа како би можел да изгледа исказот на визијата за вашата градинка е клучен чекор во обезбедувањето јасна и ефективна насока.
Исказот на вашата визија служи како водилка во процесот на вклучување на родителите во работата на градинката. Може да ви обезбеди поширока слика при стремежот да се воспостави практика на вклучување на родителите во вашата градинка.

На пример:
- Секој родител е навистина важен;
- Секој родител може да придонесе за квалитетот на работата на градинката;
- Секој родител е лесно достапен.

Оваа активност е осмислена да ги појасни вашите сегашни размислувања, при што конечната верзија ќе биде развиена во партнерство со сите чинители во подоцнежната фаза на процесот.

Размислете за конкретните карактеристики кои се својствени за условите во контекстот на вашата градинка, потоа поставете си ги следниве прашања:

- Доколку нашата градинка на одличен начин ги вклучува родителите, како би изгледало тоа?
- Какви практики за вклучување на родителите предвидуваме?
- Што би сакале прво да направиме како почетни чекори?
- Кои промени се неопходни за тоа да се случи?

Кога вклучувате други засегнати страни, вклучително родители и организации од локалната заедница, размислете за следново:

- Какви знаења ќе стекнат?
- Како емотивно ќе се поврзат со оваа цел?
- Какви активности ќе преземат за да го поддржат?

Откако ќе го изготвите исказот за визијата, размислете како ќе биде примен:

- Дали сите родители ќе се согласат?
- Ако не, кои родители нема да се согласат? Зошто?

Добро изработената изјава за визија има моќ да обедини, инспирира и да поттикне позитивни промени во практиките за вклучување на семејството во вашата предучилишна установа. Тоа е камен-темелникот врз кој може да се изградат заеднички напори.

Препорака: Д-р Хедер Б. Вајс – Осмислување и градење на ангажманот на семејствата и заедниците 2.0
https://www.youtube.com/watch?v=Tl_xrDHWI2E

## 2.4.2. Листа за проверка за планирање на вклучувањето на родителите во работата и донесувањето одлуки во градинка

Понудената листа за проверка вклучува ДОПОЛНИТЕЛНИ важни теми (и додадени појаснувања) на кои треба да обрнете внимание во текот на процесот на планирање.

| Планирање на вклучувањето на родителите во работата и во донесувањето одлуки во градинка | | |
|---|---|---|
| **ЗАДАЧА** | **ПОЈАСНУВАЊЕ** | **СТАТУС** |
| **Заедничко планирање, спроведување по сектори** | Имајте предвид дека првиот контакт на родителот со градинката најчесто е при запишувањето на детето во градинката. Потоа, ако не и претходно, треба да започне вашата соработка со родителите и нивното вклучување.<br><br>Олеснете го ова на тој начин што ќе бидете сигурни дека сите сектори ќе бидат целосно ангажирани во планирањето на вклучувањето на родителите и дека секој од нив ќе ги спроведе активностите во својата надлежност. Имајте јасни очекувања за тоа што се и што не се очекува од различни вработени во однос на вклучувањето на родителите и обезбедете доволно време. | |
| **Поставете остварливи и мерливи цели и интервенции кои се корисни за детето, родителите и семејствата.** | Добро е да се надградувате на она што веќе постои.<br><br>**Одберете ограничен број цели за активности**. Одберете ги така што ќе бидат флексибилни и корисни за детето, родителите, семејствата и градинките и ќе бидат остварливи со ресурсите што ги имате на располагање. | |
| **Работете во циклуси.** | Без оглед на тоа дали развивате краткорочен план или долгорочен стратешки план, треба да ја процените сегашната состојба, да ги дефинирате | |

| | | |
|---|---|---|
| | интервенциите, да го согледате напредокот и да изнајдете начини да ги зајакнете, односно да ги промените постојните интервенции.<br><br>**Имајте предвид дека планирањето не е еднократен чин, туку циклусот ќе се повторува во текот на работната година во согласност со конкретниот контекст на установата и на групата.** | |
| **Прашајте ги родителите!** | Развијте системски пристап за да се осигурите дека гледиштата на родителите ќе бидат согледани, дека по нив ќе биде постапено и дека градинката дава редовни повратни коментари на родителите и од нив бара коментари за преземените активности. | |
| **Посебни нивоа на вклучување на родителите** | • Информирање<br>• Консултирање<br>• Заедничко одлучување<br>• Соработување<br><br>Овие нивоа често пати се преплетуваат, но добро е да се имаат предвид при планирањето. | |
| **Развијте го пристапот за вклучување нови чинители.** | Дискутирајте за начините на кои во процесот на вклучување на родителите во работата на градинката ќе вклучите и нови родители чии деца се запишуваат во групата во текот на работната година, односно нови воспитувачи итн. | |
| **Предвидете временска дина-мика за остварување на стратегиите и на плановите за следење на напредокот и за правење измени.** | Барајте можности за следење и за оцена во рамките на различните сектори. | |
| **Прославете ги успесите!** | | |

## 2.5. Оценување

Оценувањето може да се направи во текот на годината, во вид на периодични проверки на напредокот, и на крајот на годината, како годишно оценување. **Наша препорака е да се направат двете, односно да се следат почетокот, текот и крајот на секоја активност преку процес на оценување на исходот.** Податоците и согледувањата од размислувањата на тимот треба да бидат споделени со семејствата и со пошироката училишна заедница за да се добијат нивни коментари и да се продолжи со градењето на довербата меѓу стручните лица и родителите.




Можете да примените **оценување на процесот** за да добиете повратни коментари кои можат веднаш да се искористат за да се прилагодат, односно да се подобрат активностите во текот на годината.
Одредени прашања за размислување во однос на процесот се однесуваат на следниве работи:

1. Дали го правиме она што се договоривме дека ќе го правиме?
2. Ако планираните активности не се спроведуваат, зошто е тоа така? Дали има проблеми со информирањето, логистиката и други фактори?
3. Со што сте задоволни досега во однос на планираните активности?
4. Со што сѐ уште не сте задоволни во однос на планираните активности?
5. Дали добивате што сте очекувале?
6. Што би можеле да промените сега?
7. Како би можеле да постапите понатаму?
8. Што ве изненади?
9. Што не очекувавте?
10. Што ви помогна?
11. Што ви пречеше?
12. Што ќе направите повторно?

Во однос на **оценувањето на исходот,** може да размислите за следниве прашања:

1. Што се промени во однос на вашата непосредна работа со децата поради активностите за вклучување на родителите?

2. Што се промени во однос на вашиот непосреден однос со вашите родители поради активностите за вклучување на родителите?

3. Што се промени во однос на вашите колеги поради активностите за вклучување на родителите?

4. Доколку сте забележале други промени во вашата работа, на подобро или на полошо, ве молиме забележете на што е можно поконкретен начин.

5. Доколку активностите не го имале посакуваниот исход, што било пречката?

6. Дали сте го зголемиле релевантното знаење и вештините во полето на градење односи со родителите?

7. Кои се дел од показателите за тоа дека активностите за вклучување на родителите можеби придонесуваат за децата? Во однос на кои аспекти забележувате развој?

8. Колку добро ги опфаќате родителите кои сте сакале да ги опфатите?

Исто така, не заборавајте на самоевалуацијата. Самоевалуацијата е клучна за воспитувачите од предучилишна возраст при оценувањето на нивната работа. Таа им помага да ги идентификуваат силните страни и областите за подобрување, на крајот подобрувајќи го квалитетот на образованието во раното детство. Во овој контекст, алатките за самоевалуација може да се најдат во ресурсите спомената во прирачникот, што го олеснува професионалниот раст и развој.

**Планирајте, спроведувајте, оценувајте, прегледувајте.**
Имајте предвид:

• И двата вида оценување може да се спроведат по секој состанок (односно активност со родители), на крајот на полугодието или во некој друг временски период.

• Добро е да се комбинира писмено оценување, кое им овозможува да учесниците да се нурнат во своето искуство и да размислат за него (и да избегнуваат одговори од типот „и јас исто така“) со усно оценување, кое им овозможува на учесниците да размислат за своите чувства, очекувања, мисли, како да направат план за во иднина.

• Доколку се спроведе писмено оценување, групата го одредува лицето или лицата кои ќе ги обработуваат податоците. Важно е лицето да сака да ја прави оваа работа и не мора да биде стручен соработник.

• Доколку податоците собрани со оценувањето се користат за пишување стручен труд или за нешто слично, потребно е да се добие писмена согласност од родителите.

### 2.5.1. Анкети

**Анкетите се моќни алатки кои им овозможуваат на стручните лица редовно да го мерат сето она што го сметаат за важно**. Опипувањето на пулсот е ефективна активност бидејќи е кратка и лесна за спроведување и дава различни гледишта на теми како што се соработка, вклучување на родителите, комуникација, временска функционалност итн. Анкетите може да се користат со сите чинители во процесот на вклучување на родителите во работата и донесувањето одлуки во детската градинка.

Ова значи дека содржините коишто се мерат може (и треба) да се менуваат од градинка во градинка, а други и од една до друга анкета.

Придобивки од анкетите за опипување на пулсот:

- Покажување интерес за гледиштето на родителите (гледна точка, како и разбирање на одредени стручни концепти како вклучување на родители во донесувањето одлуки).
- Следење на истата работа со текот на времето, на пример: „Дали би сакале да учествуват на работилница, односно на предавање за...?“
- Кратки се и лесни за спроведување (може да се достават онлајн преку образец на Гугл, Вибер, Ватсап...)
- Податоците лесно се обработуваат.
- Може почесто да се користат.

Запомнете дека не сите ќе се согласат да одговорат на анкетата (од разни причини). Собраните податоци ги претставуваат само оние што одговориле, па имајте предвид дека оние што биле мотивирани да одговорат можеби имаат поинакви гледишта од оние што не учествувале.

**Може да мислиме дека се фокусираме на она што анкетата ни го кажува, но исто толку важно е и да се согледа она што анкетата не го кажува.**

Можеби е корисно да се организираат групи за дискусија за родители и за семејства каде што ќе се дискутираат наодите од анкетата за да може да се согледаат поширок опсег на гледишта и резултатите може да се употребат за да се добијат подетални согледувања за одредена тема.

| Клучни фактори кои треба да се земат предвид за да се осигури дека ќе добиете најмногу од анкетата: | |
|---|---|
| ДОЛЖИНА | Премногу прашања доведуваат до замореност при одговарањето, така што важно е анкетите да бидат кратки. |
| ВРЕМЕ | Внимателно размислете го времето на спроведување на анкетата, имајќи ги предвид празниците, крајот на неделата... |

| | |
|---|---|
| | Исто така размислете колку долго анкетата ќе биде отворена за одговори. |
| ДОБРОВОЛНО И ДОВЕРЛИВО | Испратете јасни пораки дека учеството е доброволно и доверливо, дека нема точни и погрешни одговори и дека доколку одлучат да учествуваат, тоа нема да има никакво влијание врз нивното дете. |
| ДОСТАПНОСТ | Бидете флексибилни со можностите за достапност и обезбедете ја анкетата во повеќе формати (онлајн, на хартија, усно). Разгледајте ја можноста за преведување на анкетите на релевантните јазици за различните семејства. |

## 2.6. Организирање групни состаноци за родители

**Следните поглавја (до поглавје 3) ќе ви ги дадат релевантните информации потребни за организирање и водење групни состаноци за родители**.

Пред да преминеме на деталите поврзани со организирањето на групните состаноци со родителите, важно е да се подвлече важноста на комуникацијата со родителите, што претставува основа за квалитетни односи и вклучување на родителите во работата на градинките.

**Во четвртиот дел на овој прирачник можете да прочитате повеќе за комуникациските технологии,** а низ целиот извештај самоуверената комуникација ја претставува основата врз која препорачуваме дека стручните лица треба да ги градат односите со родителите.

**Самоуверената комуникација претставува стил на комуникација во кој поединците јасно ги изразуваат своите мислења, ставови и чувства и ги застапуваат своите права, без притоа да ги нарушат потребите и правата на другите**. Иако кон другите се однесуваат со респект и почитување, преку самоуверената комуникација тие ги вреднуваат своите потреби и не се откажуваат од нив. Овој вид комуникација може да вклучува различни однесувања и чувства, и тоа:

- Изразување на своите размислувања и чувства преку „Јас говор";
- Активно слушање без прекинување на соговорникот;
- Одржување контакт со очи;
- Мирен тон во текот на разговорот;
- Чувство на способност и држење на состојбата под контрола;
- Застапување;
- Опуштен говор на телото и невербална комуникација;
- Чувство на контрола над сопственото однесување;
- Чувство на поврзаност со другите.

**Да се биде самоуверен не значи само учење нови вештини и подобра комуникација: самоувереноста е клучна вештина во контролирањето на своите емоции и управувањето со стресот.**

Совладувањето на оваа вештина може да придонесе за зголемување на вашето самопочитување и градењето односи базирани на заемно почитување. Според тоа, самоувереноста може значително да придонесе во подобрувањето на квалитетот на вашиот живот.

Клучните согледувања при поттикнувањето на самоуверената комуникација во градинка ги вклучуваат следниве работи:

- Комуникацијата е „двонасочна улица“: може да биде започната и од родителите и од стручните лица.
- Комуникација лице в лице: стручните лица овозможуваат родителите да учествуваат на отворено, лице в лице (или онлајн).
- Комуникацијата е редовна и одржана: ова е важно за да се одржи поврзаноста и придонесува за перцепцијата на родителите дека нивното мислење се цени и чувството дека можат да влијаат врз развојот и учењето на нивното дете.
- Соодветен јазик: стручните лица не треба автоматски да се поставаат како да имаат одредено ниво на знаење кое родителите можеби го немаат. Тие го прилагодуваат својот јазик на различни културолошки контексти, со објаснување, односно што е можно помала примена на стручна терминологија.
- Стручните лица користат повеќе канали за комуникација и информирање.

### 2.6.1. Испитување на потребите

**1. Искористете ја секоја можност да ги процените потребите на родителите.**
За да го започнете процесот, од суштинско значење е да стекнете длабоко разбирање за потребите, грижите и преференциите на родителите. Ова може да се постигне на разни начини:
- Создавајте прашалници и анкети погодни за корисниците, користејќи платформи како Вибер, Фејсбук, е-пошта или веб-страницата на институцијата.
- Погрижете се овие прашалници да бидат содржани и лесни за пополнување.
- Внимателно собирајте и анализирајте ги повратните информации за да ги идентификувате заедничките теми и грижи што ги изразуваат родителите.

**2. Приспособување на содржината за решавање на проблемите.**
Откако ќе соберете увид од родителите, време е да ги искористите тие вредни информации за да го прилагодите вашиот пристап:
- Планирајте ги вашите групни состаноци и работилници **околу прашањата што ги поставуваат родителите.**
- Како професионалци, можете да идентификувате предизвици за кои родителите можеби дури и не се свесни. Решавањето на овие грижи ќе ја покаже вашата посветеност на нивната благосостојба и успех.

**3. Изработка на интересни теми за состаноци.**
За да го привлечете интересот на родителите, од клучно значење е да понудите теми кои се релевантни и привлечни:

- Идентификувајте ги темите кои директно се однесуваат на предизвиците и прашањата изразени од родителите.
- Споделете информативна содржина преку повеќе канали за комуникација, како што се огласни табли, билтени и платформи за социјални медиуми.

**4. Внимавајте на титулите.**
Изборот на зборови може значително да влијае на перцепцијата на вашите состаноци:
- Избегнувајте наслови кои може ненамерно да пренесат чувство на несоодветност или процена. На пример, „Училиште за родители“ може да имплицира дека родителите немаат знаење или компетентност.
- Погрижете се вашите наслови да одразуваат позитивен пристап ориентиран кон учење.

**5. Обезбедете практични решенија.**
Во описите на вашите настани фокусирајте се на нудење опипливи решенија за проблемите со кои се соочуваат родителите:
- Нагласете ја вредноста што родителите ќе ја добијат со присуството. Што ќе научат и како тоа ќе им помогне во нивното родителско патување?
- Дајте јасно образложение зошто е од суштинско значење за нив да учествуваат на овие настани.

**6. Користете јасен и достапен јазик.**
Ефективната комуникација зависи од говорниот јазик што можат да го разберат сите страни:
- Комуницирајте на јазик кој одекнува кај родителите, избегнувајќи професионален жаргон.
- Користете фрази што родителите обично ги користат за да ги опишат нивните предизвици и грижи.

**7. Вклучете ги родителите во планирањето.**
Покажете ја вашата посветеност на соработка со вклучување на родителите во процесот на планирање:
- Дозволете им на родителите да одлучат во одредувањето на временската рамка за состаноци. Побарајте го нивниот придонес во однос на претпочитаното време на состаноци и идеалното времетраење за работилниците.

**8. Покажете почит.**
**Од клучно значење е да разберете дека, иако можеби нема да можете да го исполните секое барање, покажувањето искрен интерес за потребите на родителите означува почит**:
- Покажувањето на вашата подготвеност да гоислушате и да го земете предвид нивниот придонес може да остави траен позитивен впечаток.

### 2.6.2. Формирајте група

1. **Релевантна тема и добар наслов не се доволни за да се формира група на родители**.
- Не плашете се да им се обратите на дел од родителите, еден на еден. Кажете, со неколку зборови, што планирате и зошто е тоа важно.

- Создадете персонализирани покани или пораки за родителите. Обратете им се со нивните имиња и споменете го и нивното дете по име. Овој личен допир може да направи родителите да се чувствуваат ценети и со поголема веројатност да присуствуваат.
- Нагласете ги уникатните придобивки од настанот за развојот и академскиот напредок на нивното дете.
- Споделете успешни приказни или сведоштва од други родители кои учествувале во слични активности за да го покажат позитивното влијание.

**2. Програма за родителски амбасадор**
- Воспоставете програма „Родителски амбасадор", каде што ентузијастички и ангажирани родители, особено оние што претходно присуствувале и уживале во настани, волонтираат за да ги охрабрат другите родители да учествуваат.
- Овие амбасадори може да ги споделат своите позитивни искуства, да одговараат на прашања и да им дадат уверување на колебливите родители.
- Охрабрете ги амбасадорите да се поврзат со родителите преку телефонски повици, пораки или социјални медиуми и поканете ги лично на претстојните активности.

Овој пристап е мошне сличен со основите на социјалната работа во заедницата. Прво, побарајте ги оние што се заинтересирани да бидат вклучени. Со нив креирајте „јадро" преку нив. Тие родители можат да ви помогнат да ја подигнете свеста за ширење, па дури и за последователна имплементација.[1]

**3. Поттикнување инклузивен пристап**
- Препознајте ги предизвиците со кои може да се соочат родителите од социоекономски обесправени средини, како што се ограничените ресурси или временските ограничувања.
- Соработувајте со локални организации или добротворни организации за да обезбедите дополнителна поддршка, како превоз/услуги за згрижување деца/волонтери, за да им го олесните присуството на овие родители.

### 2.6.3. За време на состанокот

Пристигнете најмалку половина час порано.

**1. Посакајте им добредојде на родителите.**
- Обратете им се по име. Ако може, обезбедете ознаки со имиња или ливчиња што се лепат на кои ќе бидат испишани имињата на учесниците.

**2. Подгответе го просторот за работа.**
- Размислете за создавање топол и привлечен влез во делот на работилницата, за родителите да се чувствуваат добредојдени од моментот кога ќе пристигнат.

[1]Ruch, G. et al (2010). Социјална работа заснована на односи: навлегување во срцето на практиката. Лондон: издавачи на Џесика Кингсли

- Имајте предвид одреден настан, без разлика на тоа дали станува збор за работилница во која учествуваат и деца и родители или состанок наменет само за родители.
- Бидете флексибилни за различни распореди на седишта што може да се прилагодат на потребите на секоја работилница. На пример, користете подвижни столови и маси кои може да се наредени во различни конфигурации. Не инсистирајте на кружни столчиња во седечка положба,
- Осигурете се дека седиштата овозможуваат и групни дискусии и индивидуални активности, бидејќи некои работилници може да бараат различни формати.
- Опремете го просторот со основни визуелни помагала, како што се табли (обични или табли со листови) или екрани за презентации.
- Погрижете се да има доволно материјали за интерактивни активности и демонстрации.
- Направете удобна атмосфера обезбедувајќи седење со перничиња или ергономски столчиња и обезбедете соодветно осветлување. Ако сте во можност, обезбедете големи столчиња за сите родители.
- Погрижете се дискусиите да не се слушаат од другите во соседните простори.
- Воспоставете систем за повратни информации, како што се кутии со предлози или онлајн анкети, за да се соберат информации од родителите во врска со просторот на работилницата и целокупното искуство.

**3. Секогаш бидете свесни за нивото на знаење, капацитетот и други специфики на учесниците во групата и приспособете се на нивото на групата**.

**4. Прилагодете ја техниката. Визуализирајте го она што го кажувате.**
- Ограничената употреба на слајдови, на пример, прашања до родители, упатства за работилницата, реченици, цртежи, слики, анимации, кратки филмови, кратки видеа итн., може да биде корисна сѐ додека не го нарушува ангажманот на учесниците.
- Избегнувајте опширни PowerPoint презентации, бидејќи тие имаат тенденција да го сигнализираат модераторот како експерт и може да ја намалат дискусијата.

**5. Доколку е можно, се предлага да има двајца едукатори/стручни работници.**
- Доколку започнувате со ваков вид работилница, препорачливо е да имате присутни двајца едукатори или професионалци. Еден едукатор може да го преземе водството за време на сесијата или на дел од неа и е одговорен за доставување на содржината, олеснување на групното ангажирање и управување со поврзаните активности. Овој едукатор треба да внимава и на времето на сесијата.
- Улогата на вториот едукатор е да го поддржува водечкиот едукатор и да игра позначајна улога во поттикнувањето активно учество од членовите на групата. Ова вклучува следење на динамиката на групата, да се биде внимателен кон сите предизвици со кои може да се соочат членовите на групата, како што се тешкотии да се слушне нивниот глас меѓу погласните учесници. Вториот едукатор е особено прилагоден на знаците на емоционална вознемиреност меѓу членовите на групата. Ако некој учесник треба привремено да ја напушти сесијата и има потреба од поддршка, вообичаено вториот едукатор е тој што дава помош.

- Понатаму, важно е ако едукаторите се достапни за време на паузите, бидејќи некои членови на групата можеби ќе сакаат да побараат некаква насока или да разговараат за теми за коишто можеби не се чувствуваат удобно да ги споделат со целата група.

### 2.6.4. Основни правила за стручните лица кои ја водат групата

- Важно е сите гледишта да бидат согледани, вреднувани и третирани со почит. Учесниците треба да се чувствуваат удобно додека поставуваат прашања едни на други или на модераторот, но секогаш треба да се внимава одредени поединци да не останат изолирани или вознемирени. Покажете почит кон другите, особено почитувајќи ги разликите и разнообразноста.
- **Антидискриминаторските практики треба да се применуваат во текот на секој настан.** Обидете се да постигнете сите учесници да се чувствуваат добредојдени, без оглед на нивната културолошка основа, односно од каков вид семејство доаѓаат.
- **Не причинувајте штета. Учеството на родителите на деца под ризик мора внимателно да се управува за да се сведат ризиците, односно негативните последици за засегнатите на најмало можно ниво**. Важно е да се биде свесен дека отворањето дискусии за одредени теми и загрижености може да биде емотивно и мошне чувствително и треба внимателно да се управува и поддржува за да се обезбеди добросостојбата на учесниците.
- **Бидете свесни за тоа дека играта со улоги може да биде мошне корисна, но исто така создава многу вознемиреност. Ако има самоуверени членови на групата, може да биде корисно за фацилитаторите да покажат одредена игра со улоги за да истражат искуства во врска со темата што се дискутира.**
- **Третирајте ги сите работилници и сите формални или неформални дискусии доверливо**. Исто така, може да има неформални дискусии во текот на паузите, каде што се споделуваат стручни, лични или семејни работи. Многу е важно да се почитува приватноста на поединците и на семејствата.
- Одредени дилеми за родителите не можат да се дискутираат во општа смисла, па поради тоа, во текот на индивидуалните состаноци, треба да се дискутираат конкретни искуства и загрижености. **Обврска на воспитувачот е да се погрижи групата да остане „на вистинскиот пат“, дозволувајќи некои пренасочувања, но потоа дискретно насочувајќи се назад кон актуелната тема.**
- Доколку во содржината на состанокот се опфатени голем број концепти и теории, модераторот треба да процени до која длабочина треба да се оди. **Некои родители може да ги одврати обемот на стручни содржини (на пример закони и состојби). Приказните, метафорите, лични анегдоти и идеи кои се сродни со искуствата на членовите на групата можат да помогнат да се намали интелектуалната природа на споделувањето одредена теорија и да се направи достапна за сите**.
- **Целите на групните состаноци најдобро може да се постигнат кога учесниците активно учествуваат, со многу дискусии**. Секогаш ќе има и членови кои се потивки, но обврска на модераторот е да обезбеди сите да се чувствуваат добредојдени. Се надеваме дека потивките членови на групата повеќе ќе ги искористат активностите во мали групи за да го дадат својот посебен придонес. Комбинирајте ја работата со групата како целина со активности во мали групи. Тие можат да бидат корисни за да им дадат можност на по-

тивките членови на групата да се вклучат и, исто така, да обезбедат одредено истражување на идеи на поголема длабочина.

- Учествувањето најдобро функционира кога фацилитаторите (олеснувачите) се дел од групата и седат заедно со сите во кругот, наместо да стојат напред.[vii] Ова е пристапот на соработка во кој стручните лица не се сметаат за единствени експерти. Сите имаат своја стручност којашто ја донесуваат во групата. Олеснувачите имаат обврска за експертизата поврзана со содржините и процесите на групата, додека пак родителите ја донесуваат својата лична експертиза поврзана со искуството со тоа како е да се биде родител. Токму комбинацијата на овие два вида експертиза е она што ја прави групата моќна. Стручните лица секогаш учат заедно со учесниците.

## 2.7. Вклучување на родителите и семејствата на децата под ризик во работата на градинките

Постојат пет вида состојби, односно настани кои можат да предизвикаат стрес и на тој начин да придонесат за состојба на ризик или криза на семејството[viii]:

1. **Семејни состојби** — злоупотреба на деца, злоупотреба на сопружници, развод, непланирана бременост, напуштање на родител, хронично болен член на семејството и недостиг на социјална поддршка поради припадност во верско, национално или сексуално малцинство.

**2. Економски состојби** — ненадеен или хроничен финансиски притисок, како што е губењето работа, високи медицински трошоци, економска миграција, пропуштени плаќања на поддршка за дете, сиромаштија, пари „загубени“ на зависности од коцка или дрога.

**3. Состојби во заедницата** — насилство, неадекватно домување, недостиг на ресурси во заедницата, несоодветни образовни програми, недостиг на јавен транспорт.

**4. Значајни настани во животот** — настани кои најчесто се сметаат за среќни, како венчавка, раѓање дете, унапредување на работното место, пензионирање и сл. можат да предизвикаат криза во семејството; запишување дете на училиште, однесување на адолесцент, напуштањето на домот од страна на дете кое пораснало, настапувањето на менопауза или смрт на блиско лице може исто така да бидат многу стресни настани во животот.

**5. Природни несреќи** — несреќи како што се поплави, урагани, пожари и земјотреси или дури и долги топли или влажни периоди или пак тмурно и прекумерно ладно време.

**- Тешкотии при справувањето – способноста на поединецот, односно на семејството да се справи со кризна состојба зависи од нивните физички и бихевиорални карактеристики, како и од нивните ставови и уверувања. Дури и семејства со генерално среќни животи и со мрежи за поддршка можат да бидат погодени од стресни настани**. На пример, лошото физичко здравје, ниското ниво на лична енергија, прекумерно чувствителен темперамент и недовербата во заедницата придонесуваат за тешкотии при справувањето со кризни ситуации.

Кога ги проценуваме семејствата кои се соочуваат со потенцијални ризици, може да ги поделиме во три групи:

- семејства и деца под минимален или низок ризик,
- семејства и деца под средно ниво на ризик и
- семејства и деца под висок ризик и/или семејства кои веќе се однесувале под ризик.

**Не смееме да заборавиме дека факторите на животната средина, како и факторите поврзани со детството, односно личноста на родителите имаат директно негативно влијание врз успешноста при исполнувањето на родителската улога.**[ix]

Квалитетот на родителската грижа може **значително да биде поткопана од повеќе фактори на животната средина, главно сиромаштија, невработеност, ранливост, изложување на бројни стресови.** Еден родител тешко дека ќе може да биде добар родител доколку не му се обезбедени барем минималните услови поврзани со животната средина. На улица, без покрив над главата, гладен или во виорот на војната, кога животот му е во опасност, на родителот ќе му биде тешко да се издигне од такви неповолни услови.

Овие предизвици ја попречуваат нивната способност ефикасно да управуваат со стресот, да дејствуваат спонтано, да одржуваат чувство на рамнотежа и да ги усогласат нивните постапки и однесувања со потребите на детето. Постигнувањето оптимален раст и развој на детето зависи од родителската наклонетост, љубовта и квалитетното родителство.

**Она што го потврдуваат бројни студии е важноста на пристапот на соработка за вклучувањето на родителите, каде што се нагласени следниве насоки:**

• Треба да им се пристапи на родителите под ризик со премисата дека ниту една раса, вера, култура, односно етничка група нема монопол.
• Треба да се препознае дека сите семејства имаат силни страни. Успешните програми ги зајакнуваат овие силни страни. Фокусирањето на недостатоците, односно грешките е контрапродуктивно.
• Треба да се започне со претпоставката дека најголем дел од родителите се грижат за своите деца, но сепак можеби не знаат како да им помогнат.
• Треба да се научат родителите како да ги надминуваат пречките и да научат нови техники, како што се помагање со домашната работа, учењето на децата да бидат поодговорни и развивање граници и семејни правила.
• Треба да ги запрашаме родителите за што се заинтересирани да прават, фокусирајќи се на нивната агенда (Томсон Е. 2006).

### 2.7.1. „Алатки“ за комуникација

Техниките како што се хумор, нормализација, самооткривање, раскажување приказни, поставување граници и влевање надеж се делотворни при работа со родителите и семејствата под ризик. Треба да се има предвид дека овие техники треба да бидат придружени со ставови на отвореност, заинтересираност и поддршка на поединците и на семејствата.

#### Користење на хуморот

Добрите стручни лица кои служат за пример треба да покажат **смисла за хумор и забава одвреме-навреме.** Многу родители никогаш не се забавувале или пак изгубиле интерес. Исто така, за родителите е полезно доколку стручните лица реагираат на сопствените грешки со хумор. Ова им помага на родителите да се опуштат и да согледаат дека стручните лица не се совршени и дека и тие прават грешки.

Зборови на претпазливост: секогаш имајте ги предвид културолошките разлики при употребата на хумор. Некои родители се склони кон конкретни толкувања на хуморот. Некои родители можат да го протолкуваат хуморот како задевање. Бидете културни и погрижете се вашиот хумор да биде соодветен во дадената состојба.

#### Нормализација

Како што беше кажано претходно, нормализацијата е добра техника која може да се користи со родителите. Доколку се каже „сите ние понекогаш се лутиме и не знаеме како тоа да го изразиме“ е поделотворно отколку да се укаже на тоа дека родителите се лутат, а стручните лица никогаш не се лутат.

#### Обелоденување и раскажување приказни

На родителите и на семејствата под ризик им се потребни позитивни примери, но ним им олеснува кога ќе дознаат дека и стручните лица се луѓе и понекогаш се борат со емоциите. Раскажувањето приказна за тоа како некој друг успеал да надмине слични вакви проблеми може да биде корисно за родителите.

Но, не заборавајте, стручните лица се фокусираат на потребите на клиентите наместо на исфрлањето на личните фрустрации. Запрашајте се искрено: „Дали го правам ова за мое добро или за доброто на клиентот?“

#### Поставување граници

Нашиот модел на вклучување на родителите го нагласува почитувањето на културата и на системот на вредности на семејството. Го почитува детето и потребите на семејството наместо да им ги наметнува потребите на градинката на семејството.

Ова, сепак, не значи почитување на несоодветно однесување. Можеби е потребно стручното лице да каже конкретно и директно кои видови однесување никогаш не се соодветни.

Некои родители погрешно го толкуваат нивното прифаќање од страна на стручните лица како целосно согласување со нивните активности на злоупотреба. Можеби е потребно често да се кажува дека, на пример, малтретирањето на децата во ниту еден случај не е прифатливо однесување.

Стручните лица секогаш треба **да внимаваат на своите лични граници** и да го чуваат својот интегритет. На тој начин стручното лице претставува пример за родителите.

**Влевање надеж**

Доколку родителите почувствуваат дека стручните лица веруваат во тоа дека позитивните промени се можни, тогаш членовите на семејството почнуваат да се чувствуваат самоуверени во својата способност да направат промени.

Кога родителите се поттикнати да пробаат нов пристап, наместо да бидат обвинувани за неуспех, тогаш произлегува надежта. Кога се дискутираат планови треба да се користат зборови како што се „кога“ и „ќе“ наместо „ако“ или „можеби“.

**Надминување на отпорот**

Доколку стручните лица се фокусираат на силните страни на семејствата и на непосредната криза објективно, без предрасуди и со почит, тогаш отпорот на клиентот во однос на рано преземените мерки може да се сведе на минимум.

Стручните лица треба да бидат внимателни со тоа како го користат својот стручен авторитет. Доколку авторитетот се злоупотребува, родителите може да се соочат со двојна порака: родителите не смеат да ја злоупотребат својата моќ во однос на децата, но стручните лица може да ја злоупотребат својата моќ во однос на родителите. Таквите двосмислени пораки создаваат збунетост и огорченост – повеќе информации за отпорот се дадени во делот 2.9.

### 2.7.2. Препораки

• Користете исправна терминологија кога им се обраќате на поединци, групи, држави итн. Ако не сте сигурни, прашајте ги луѓето, односно претставниците на организациите кој термин се претпочита за опишување одредена група на популацијата или одредена состојба.

• Од суштинско значење е да се сензибилираат родителите на децата со посебни потреби и родителите на децата во типичен развој треба да бидат свесни за важноста на инклузивните практики во градинка. Користете фотографии од деца и од родители со посебни потреби на официјалната интернет-страница на институцијата, на постери итн.

• Научете повеќе за влијанието на траумата врз однесувањето на поединците, односно групите.

• Препознајте ги потребите на родителите на децата под ризик и идентификувајте ги областите на загриженост за родителите.

• Организирајте информативни сесии и дискусии со семејствата на теми поврзани со разнообразноста, еднаквоста и спречувањето на дискриминацијата, во рамките на кои ќе се одржуваат отворени разговори за нивните грижи.

• Обезбедете огласна табла за родители со општи информации, примероци од работата на децата, фотографии итн., на различни јазици или преку фотографии за родителите со ограничени вештини за описменување.

• Семејствата и поединците може да се почувствуваат нервозни и изолирани кога културата и услугите не им се познати.

• На родителите на децата под ризик можеби им е тешко да даваат лични информации. Бидете транспарентни во однос на постапките за прием и чување на документацијата, обезбедувајќи доверливост на податоците.

• Родителите на децата под ризик често пати се жртви на институционални злоупотреби и не им веруваат на институциите и стручните лица кои работат во нив.

• Семејствата може да имаат различни верувања и ставови во однос на причините за болеста, забавениот развој или повредата или пак може на различни начини да ги опишуваат деловите на телото, болеста, симптомите.

• Понатаму, важно е да се поттикне отворен дијалог со родителите за да се одговори на нивните специфични грижи и да се поттикне поинклузивна и поподдржувачка средина за сите вклучени деца и семејства.

## 2.8. Кога ќе се појават проблеми

Запомнете: Железото се кова додека е ЛАДНО.

### 2.8.1. Родителите не можат да присуствуваат на состаноци или активности поради конфликт во распоредите (на пример, работа, семејство, религиски и активности во заедницата)

**Сугестии за справување со предизвикот:**

- Да се анкетираат родителите за да се види кое време/денови најдобро им одговараат.
- Да се закажат повеќе од еден состанок и можност за активности.
- Да се закажат состаноци и активности во сабота (ако е можно).
- Состаноци и активности да се одржуваат по гужвите.
- Да се избегнува закажување состаноци и активности што се во конфликт со друго големи настани во заедницата и со верски празници.
- Понудете ја опцијата и за онлајн состаноци.
- Да се обезбеди снимка од состанокот за сите родители и можност да се поставуваат прашања неколку дена по состанокот.
- Обезбедете низа можности и флексибилни временски услови за родителите да волонтираат.
- Спроведување на стимулации за мотивирање на родителите да присуствуваат на состаноци и настани на лице место.

- Анкетирајте ги родителите за да ги идентификувате бариерите што го спречуваат нивното присуство на состаноците.
- Обезбедете алтернативни канали за родителите да пристапат до информации и да комуницираат со предучилишната установа, настрана од присуството на состаноци и активности (на пример, е-пошта, Фејсбук, Инстаграм, Вибер).

За дополнително подобрување на родителскиот ангажман, размислете за истражување на креативни пристапи за поврзување со родителите, како што е организирање работилници кои се фокусираат на подобрување на нивните релациски вештини и разбирање на семејната динамика.

## 2.8.2. Што ако пропадне групата

Сугестии за справување со предизвикот:

**Што ако само неколкумина родители дојдат на работилницата/состанокот?**

- Работилницата/состанокот да се спроведе со ист интензитет и верба.
- Да се прашаат што мислат дека е причината за незаинтересираноста, што предлагаат за следниот пат да дојдат повеќе луѓе и дали може да се смета на нив во иднина.
- Дискутирајте со вашите колеги за она што се случило, што не се направило или што можело да се направи на поинаков начин, што да се смени во организацијата.
- Важно е вината да не им се префрла на родителите. Ако ним им го припишете неуспехот, тоа ќе претставува ваш отпор и нефлексибилност во работата со родителите.

**Што ако видиме дека родителите понекогаш почнуваат да се откажуваат?**

- Повторно, прашајте зошто. Истражете, тие веројатно загубиле интерес. Тоа не е проблем, туку само треба да направите нешто да го смените тоа.
- Опипајте го пулсот на родителите.
- Не префрлајте им го проблемот на родителите („тие се целосно незаинтересирани“, итн...). Имајте на ум дека тоа се ваши претпоставки. Понекогаш, може да има нешто во овие претпоставки, но одговорност на професионалецот е да ги заинтересира родителите за соработка. Да ги мотивира!

## 2.8.3. Што да се направи кога родителите нема да доаѓаат на состаноците

**Сугестии за справување со предизвикот:**

- Да се истражат пречките за доаѓање на состанокот (немање превоз, јазична бариера, претходни негативни искуства).
- Да се биде проактивен и флексибилен и да се наврати на градење врски со родителите.
- Да се обезбедат можности за родителите да се запознаат со стручното лице на незакануравачки начин како што е домаќин на одржување неформални настани.
- Да се избегнува користење стручен жаргон со семејствата.

- Да се замолат родителите или учениците, ако е соодветно, да се пријават да волонтираат за да бидат преведувачи на состаноците и активностите во детската градинка.
- Да се одржуваат онлајн состаноци во живо, на пример, вебинари.
- Да се креира поткаст од состанокот и да се архивира онлајн.
- Да се организира заеднички превоз на родителите.
- Да се најде спонзор што ќе обезбеди автобуски билети итн.
- Да се најдат врски со институции и организации од локалната заедница како што се НВО, центар во заедницата, социјалните служби, цркви, некои други стручни лица што може да ве поврзат со родители.

Од клучно значење е да се поттикне инклузивна и добредојдена средина, особено кога се работи со различни заедници, со прифаќање на културната чувствителност и отворена комуникација.

### 2.8.4. Конфликти

Запомнете: Железото се кова додека е ЛАДНО.

Конфликт е искуство на несогласување меѓу поединци и групи, кои меѓу себе се гледаат како закана за нивните потреби, вредности или средства.

Едноставно кажано, конфликт се појавува кога две (или повеќе) лица во исто време имаат различни желби, потреби или вредности или кога ги имаат истите желби, потреби или вредности во различно време.

Интеракцијата помеѓу луѓето е неопходност и подеднакво веројатно води кон соработка и конфликт. Конфликтот може да води кон развој на врската, но губењето на контролата врз него може да води кон прекинување на врската. Конфликти се појавуваат кај сите врски и може да се појават на сите нивоа на личниот и општествениот живот.

Конфликтите се неизбежни во кооперативните врски, така што за воспитувачот е важно да ги препознае, да не се плаши од нив и да ги разреши во соработка со родителот или да побара помош или поддршка за нивно разрешување од колегите.

Нарушувањата на односите или конфликтите може да се појават во секое време на соработката со родителите, но најголем ризик за развојот на конфликтите е првата фаза на градењето врска – кога се гради довербата и се дефинираат целите и насоката на соработката. Конфликтите може да се разликуваат по интензитет и времетраење, почнувајќи од мали и кратки тензии, кои честопати поминуваат незабележано, до значајни конфликти, кои можат да ја загрозат соработката.

Конфликтот од една страна е пречка, а од друга страна претставува шанса за учење, како за воспитувачите така и за родителите.

### 2.8.5. Модел за разрешување на конфликтите

Кога некој родител е лут, критикува или игнорира, тешко е да се очекува дека воспитувачот нема да почувствува непријатна емоција. Важно е воспитувачот да го сфати тоа и да ја преземе одговорноста за себе. Тоа значи да направи нешто да се врати во рамнотежа, што може да почне со процес на излегување од „маѓепсаниот круг“.

Саморефлексијата може да биде корисна алатка – наместо да реагираат дефанзивно или агресивно, воспитувачите можат да ги артикулираат своите чувства за ситуацијата. На пример, тие би можеле да кажат: „Го сфатив вашето однесување (конкретно опишувајќи го) како критичко и забележав дека тоа го поттикна мојот сопствен гнев. Изгледа како да сме фатени во циклус на обиди да се докажеме...“.

Дополнително, саморефлексијата вклучува признавање и именување на нечии емоционални состојби, како на пример велејќи: „Ја стегнав вилицата, што често го правам кога сум лут“.

Овој пристап постигнува неколку цели:

1. Воспитувачот го обновува просторот за работа што бил стеснет поради непријатните чувства, се дистанцира од своите непријатни чувства.

2. На родителот му дава одговор што се случува помеѓу нив и со тоа ја презема одговорноста за односот помеѓу нив.

3. Му помага на родителот да застане зад своите зборови и дела и да ја преземе одговорноста за нив.

Во Додаток број 5 од овој прирачник ќе најдете модел на групна рефлексија на врсници (Colegial reflection), кој може да послужи како платформа за вежбање и подобро разбирање на конфликтните ситуации при работа со родители и деца.

## 2.9. Стратегии за намалување на отпорот на родителите

Запомнете: Сантата мраз не се топи со критики, туку со топлина.

Родителите често може да даваат отпор на секој напор за консултација. Отпорот може да се дефинира како негирање на постоењето на проблемот или како емотивна реакција на ситуација. И во двата случаи, родителот прави малку во консултативниот однос. Причините за отпорот се повеќекратни и може да вклучуваат:

1. Претходни негативни искуства со училишта, вклучувајќи го и негативното искуство од училиштето на самиот родител.
2. Лични проблеми што ги засенуваат прашањата поврзани со проблемите на детето.
3. Филозофски разлики како „Тоа е проблем на училиштето, не е мој проблем“.
4. Негирање на самото постоење на проблемот.

Потенцијалните решенија за овој отпор може да се најдат во тројниот пристап:
1. Почнете со слушање на презентирањето на гледната точка на родителот. Секоја приказна може да биде преобликувана.
2. Преобликувајте ги прашањата во поглед на предностите што постојат или предностите креирани преку образованието.
3. Направете реалистични, практични чекори и резимирајте ја секоја заемно договорена обврска.
4. Слушајте ги и почитувајте ги гледиштата на другиот.

**Довербата е важна врска и е основа за вклучување на родителите во работата на градинките и за соработката со стручните лица.** Во исто време, таа е мошне кршлива врска што потешко се

прави отколку што се крши. Исто така, понекогаш е многу потешко да се поправи отколку да се создаде.

Довербата е верување на родителите дека стручното лице ќе делува во најдобар интерес на нивното дете и на него и дека на никој начин нема да им наштети. **Довербата на родителите во воспитувачите (и во други стручни лица) се заснова на ПРОЦЕНАТА на воспитувачите.**

Довербата на родителите во воспитувачите опфаќа широк опсег од слепо верување (често поврзано со довербата на родителите во авторитетот на улогата на стручното лице) до целосно неверување. Повеќето родители се некаде на средината на овој континуум, тие влегуваат во однос со умерена доверба, **што се развива ако постојат ВИДЛИВИ ЗНАЦИ што зборуваат за доверливоста на воспитувачите и на установите.**

За родителот активно да се вклучи во работата на градинката, често не е доволно неговата доверба да се базира само на доверливоста на односот на воспитувачот со детето (или когнитивно разбирање на тоа зошто за детето е важен процесот на соработка со градинката), за родителот често е важно да се чувствува „виден“, почитуван, признаен од стручното лице како поединец.

Родителите се обидуваат на разни начини да дознаат дали можат да му веруваат на воспитувачот. Особено во ситуации кога се чувствуваат измамени, уплашени, под закана, загрижени. Тоа може да е поврзано или да не е поврзано со реалните околности, туку да биде прашање на субјективно искуство на родителот.

За да изгради однос на соработка со родителите, неопходно е воспитувачот да ги препознае и соодветно да реагира на начините на кои родителите доаѓаат до спомenатите знаци. **Најчесто, овие знаци ги толкуваме како ОТПОР НА РОДИТЕЛИТЕ и им даваме НЕГАТИВЕН ЗНАК**.

**Отпорот на родителите има своја функција, тој обично е автоматски и несвесен, а зад него стои потребата да се „тестира“ односот или да се добие одговор на прашањето „Можам ли да ти верувам?“**

Отпорот може да се јави во сите фази на соработката со родителот (како со родителите со кои само што воспоставувате соработка така и со оние со кои веќе имате однос на соработка). Отпорот може да се појави во секое време и не е поврзан само со проблемите во соработката.

Некои од неефективните начини на кои стручните лица реагираат во контактот со родителот што дава отпор се:

- Исклучиво одговараат на содржината (искажаните зборови) без да го земат предвид процесното ниво на пораката.
- Не прават ништо надевајќи се дека отпорот ќе исчезне.
- Ги обвинуваат родителите и се впуштаат во борба за моќ со нив.
- Стануваат нетрпеливи и непријателски и тоа го покажуваат вербално и невербално.
- Ги намалуваат критериумите за работа и очекувањата од соработката со родителот.
- Ја преземаат улогата на „жртва“ и (често несвесно) му дозволуваат на родителот да ги премине нивните лични и професионални граници.
- На родителот му го препуштаат водството – родителот станува „лидер“.
- Се откажуваат од воспоставување врска на соработка со родителот.

**Со овие реакции отпорот нема да се намали, туку само ќе се зголеми!**

Важно е да се забележи дека воспитувачите во односот со родителот што покажува отпор може да се чувствуваат збунети, уплашени, виновни, во паника... И често тие неразрешени непријатни емоции стојат на патот на соодветната реакција на стручното лице.

**Исто така, воспитувачите се пред сè луѓе, така што отпор може да се јави и кај нив, но професионална одговорност на воспитувачите е да ја подигнат свеста и да преземат активни чекори за негово надминување.**

| Рефлективна вежба |
|---|
| Во парови, одговорете на следниве прашања: |
| Како најчесто реагирате кога имате впечаток дека некој ве присилува на нешто (во професионалната работа)? |
| Како обично се справувате со промените? |
| Што правите тогаш најчесто? |

## 2.9.1. Прифатете го отпорот

Запомнете: Притисокот создава отпор.

**Појавата на отпор е нормална и очекувана!**
Нереално е да се очекува целосно непостоење отпор. Сите луѓе природно се противат на промените, дури и кога се неизбежни во животот и во односите.

Родителите често може да се противат на напорите за соработка со детската градинка. Отпорот може да се дефинира како негирање на постоењето проблем или како емоционална реакција на ситуацијата. Причините за отпорот се повеќекратни и може да опфатат:

1. Претходни негативни искуства со детски градинки, вклучувајќи и искуства на родителите од нивното образование.
2. Лични проблеми што ги засенуваат прашањата поврзани со проблемите на детето.
3. Разлики на филозофијата и на вредностите како што се „Тоа е нивен проблем, не мој.“
4. Негирање на постоењето на проблемот.[2]

Потенцијални решенија за овој отпор може да бидат:

1. Почнете со слушање на презентирањето на гледната точка на родителот. Секоја приказна може да биде различно формулирана.
2. Потврдете ги чувствата и ставовите на родителите.

[2] (Campbell, 1993, според Dinkmeyer)

3. Бидете свесни за отпорот во контактите со родителот.
4. Објаснете ги процесот и важноста на соработката помеѓу родителите и градинката.
5. Осигурете се дека родителите разбираат што сте им рекле. Проверете!
6. Ревидирајте ги вашите очекувања и претходни интеракции со родителот.
7. Направете реалистични, практични чекори и резимирајте ја секоја заемно договорена обврска.

Во табелата наведовме некои од најчестите примери на отпор од страна на родителите и можни одговори на воспитувачите во такви ситуации.

| Содржина:<br>Што прави/вели родителот | Процес:<br>Скриена порака | Можно<br>решение |
|---|---|---|
| ***Барање информации***<br><br>*• Колку години имате?*<br>*• Дали сте во брак?*<br>*Дали имате деца?*<br>*• Уште сте млад/а...* | *Можете ли да ме разберете,*<br>*да ме прифатите?* | Не објаснувајте, не правдајте се. Покажете дека сте спремни да го разберете родителот.<br><br>Може да кажете:<br>• Дали мислите дека сум премлад/а да ве разберам?<br>• Се прашувам дали сте загрижен/а дали ќе се разбереме бидејќи немам деца. |
| ***Признавање (лични) тајни***<br>*Доверување лична или семејна тајна што обично е поврзана со чувства на нелагодност и често нема врска со темата на разговорот.*<br><br>*• Маж ми има вонбрачно дете со неговата љубовница.*<br>*• Силувана сум.* | *Може ли да се отворам пред вас?* | Не судете, не поставувајте понатамошни прашања, не бранете се.<br><br>Вашиот одговор нека биде топол и неутрален.<br>• Изгледате загрижено зашто ми кажавте...<br>• Ми изгледа дека/изгледа дека ве плаши тоа/дека сте смирен(а) кога го кажувате тоа. |
| ***Барање посебни услуги***<br><br>*Разумни – во однос на професионалната улога на воспитувачите, и неразумни – што одат надвор од професионалните одговорности на воспитувачите и на градинките.* | *Дали сте сигурни у чесни?* | Проверете како се чувствувате! Дали барањето на родителите ве лути, ве иритира, ве плаши... бидете свесни за вашиот отпор. Многу поважно е дали ќе ја прифатите услугата или не. КАКО ќе ја прифатите или ќе ја одбиете.<br><br>Ако барањето е разумно – одговорете на него во договорениот рок или побарајте лице што може да му помогне на родителот.<br><br>Ако ги надминува вашите професионални одговорности – одбијте го умерено, ЈАСНО И СО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ. Бидете искрени, поставете јасна граница |

| | | |
|---|---|---|
| | | и не прикривајте ја причината за одбивањето. |
| ***Себепонижување***<br><br>• *Јас сум лоша мајка.*<br>• *Повторно заборавив да дојдам, ужасен/ужасна сум и сигурно ве разочарав.* | *Може ли да ме прифатите таков/таква каков/каква што сум?* | Не оценувајте! На пример:<br>• Да, тоа е ужасно, или<br>• Не е точно, гледајте од светлата страна.<br>Не нудете решение, не поправајте!<br>Одговорете неутрално, размислете и понудете можност да разговарате ако темата е во рамките на вашите професионални одговорности!<br><br>• Ми изгледа дека не сте задоволни од вашиот однос со детето, може да разговараме за сè што ве загрижува во однос на тоа. |
| ***Ставање на воспитувачите во незгодна ситуација***<br><br>• Носење скапи подароци.<br>• Предлагање тетката да разговара со нив – бидејќи таа „знае сè“ за детето.<br>• Откажување закажан поединечен разговор. | *Дали имате граници и дали знаете како да се придржувате до нив? Дали се грижите за вашата самопочит?* | Поставете јасна структура на однос на соработка со родителите!<br><br>Повторно објаснете ја својата улога, намера, цел на соработката, повторете ги договорите, нагласете ги последиците на одредено однесување.<br><br>Кога сте загрижени за вашите граници, испратете јасна порака на родителите дека ќе ги почитувате и ќе се грижите и за нивните граници. |
| ***Проверување на мотивот***<br>• Дали сте дополнително платени за овие попладневни работилници?<br>• Дали сте толку љубезни со сите?<br>• Каде живеете? Тоа е толку далеку одовде.... и сега, поради моето дете, попладнево повторно ќе дојдете во градинката? | *Дали навистина се грижите? Или тоа за вас е „само“ работа?* | На сите ни е потребно да нè гледаат и да нè прифатат како единствени човечки битија.<br><br>Запомнете: работите со многу родители, а тие работат само со вас!<br><br>Бидете чесни и отворени, покажете вистинска грижа за родителите.<br>• „Во право сте, работиме со многу родители и не секогаш е лесно, но убавината е во тоа што од секој родител учиме нешто ново, тоа е важно за нашата работа“. |

| Рефлективна вежба |
|---|
| Во парови, одговорете на следниве прашања: |
| Присетете се на конкретна ситуација кога сте забележале отпор кон соработка од родителите? |
| Што направивте тогаш? |
| Што би направиле имајќи го предвид текстот што го прочитавте за отпорот? |

## 2.10. Повратни информации

За да може детето да се развива на соодветен начин, важно е возрасните да го препознаат и да го почитуваат интегритетот на детето во однос на возрасните, но подеднакво потребно е и детето да слушне како на него гледаат другите, односно да добие релевантни повратни информации од возрасните. Тоа му помага на детето да го разбере своето однесување и го учи дека однесувањето погодува и други луѓе. Така детето добива нови информации, за себе, за другите, за односите.

**Запомнете – нашата потреба за повратни информации не престанува да расте. Луѓето се општествени битија и повратните информации од други луѓе играат важна улога во квалитетот на разните животни улоги, вклучувајќи ги и професионалните**. Неуспехот да го „прочитаме“ нашето опкружување доведува до недостиг на значајни односи.

**Соработката и вклучувањето на родителите во работата на градинката секогаш бара градење врски со родителите. Квалитетниот однос на соработка е двонасочна улица – ние влијаеме врз родителите, но и родителите влијаат врз нас. Поради тоа, стручните лица ќе мора да можат да даваат, но и да примаат повратни информации од родителите.**

### 2.10.1. Давање повратни информации

Важно да се знае: целта на повратните информации е да се обезбедат информации, а не да се промени другото лице.

Кога се администрира ефективно, повратната информација е моќен начин за зголемување на мотивацијата, за развивање на соработката, за градење знаења и вештини, за зголемување на вештините и за развој на рефлективни навики. Меѓутоа, понекогаш, повратната информација што ја даваме (и ја добиваме) е неефективна или дури и контрапродуктивна.
Интересот да се слушнат повратните информации и начинот на кој ги примаме (обработуваме и прифаќаме) зависи од оној што ни ги дава и од начинот на кој го прави тоа. Тоа се карактеристиките на позитивните повратни информации.

Карактеристики на позитивните повратни информации:

- Мора да се базираат на она што го забележувате, а не на вашите претпоставки или судови.
- Мора да се базираат на однесување, не на личност.
- Мора да бидат конкретни, а не генерален коментар за однесувањето.
- Вашата намера мора да биде да му се помогне и да се разбере лицето на кое се однесуваат.

• Мора да бидат јасни, концизни и навремени.
• Мора да се одмерени и коректни (особено ако давате повратни информации на група родители, тогаш треба да мислите на сите членови на групата, така што да можат да ги разберат или да ги доживеат повратните информации).

Не смееме да заборавиме дека се важни и отвореноста, желбата за промени и разбирањето, воздржувањето од одбрана, мирното слушање или барањето дополнителни објаснувања од оној што ги прима повратните информации.
Можеби не можеме секогаш да влијаеме врз родителите и врз нивниот капацитет, интерес за добивање или вештини за давање повратни информации. Меѓутоа, со тоа што ќе научиме за квалитетите на позитивните повратни информации и за развивањето професионални вештини за давање повратни информации, можеме значително да ја зголемиме можноста за соработка!

**Така што, добро е да се има на ум:**

• Повратните информации се само перспектива, не се целосна вистина за другото битие.
• Давање информации за она што го прави родителот, наместо едноставно давање признание или критика.
• Водете сметка како ги презентирате повратните информации.
• Ориентирајте ги повратните информации околу целите.
• Користете ги повратните информации за градење метакогнитивни вештини. Разговарајте за вашиот однос со родителот.
• Отвореноста и понудата се од помош, принудата не е.
• Од суштинско значење е да се поттикне средина со поддршка и емпатија кога се работи со родителите за да се олесни ефективната комуникација и растот.

| Рефлективна вежба |
|---|
| Работејќи во парови, одговорете на следниве прашања: |
| Како давате повратни информации? |
| Во кои ситуации е лесно да дадете повратни информации? |
| Кога избегнувате да дадете повратни информации? |
| Што мислите дека е најлошото нешто што може да се случи кога давате повратни информации? |

### 2.10.2. Примање повратни информации

Интересот да се слушнат повратните информации и начинот на кој ќе ги примиме (обработиме и прифатиме) зависи од оној што ни ги дава и од начинот на кој го прави тоа. Тоа се карактеристиките на позитивните повратни информации.

Не смееме да заборавиме дека се важни и отвореноста, желбата за промени и разбирање, воздржувањето од одбрана, мирното слушање или барање дополнителни објаснувања од оној што ги прима повратните информации.

Добивањето повратни информации може да ги открие ранливостите, а понекогаш реагираме на различни начини:

• **„Да, да, во право сте“:** Во овој случај безусловно се предавате и се прилагодувате на другото лице бидејќи верувате дека тоа ќе ви помогне да ја прекинете непријатната ситуација или конфликтот, а во основата на оваа реакција е стравот дека ќе бидете отфрлени од врската.

• **„Не ме разбирате, не мислам така“; „Треба да размислите за вашето однесување пред да го коментирате моето“:** Пасивно-агресивните или отворено агресивните коментари се напад со кој бараме повратни информации од себе, а фокусот го префрламе на другото лице. Може да имате многу добри аргументи, но не ги користите за конструктивен дијалог и за продолжување на врските.

• **„Не знам за што зборувате... Не се сеќавам“; „Невозможно, не сте виделе/слушнале добро“:** Стратегијата на ставање во заблуда зборува за желбата за избегнување повратни информации по секоја цена, што резултира со негирање на својата реалност, меморија или перцепции.

• **Се состанувате за дадената тема, а воведувате сосема нова тема** – покажувате непочитување на другата страна и на градењето на врските, сите овие се механизми со кои ги штитиме нашите ранливости.

**Тешко е кога добиваме повратни информации за себе, понекогаш ги доживуваме како критика на нашето битие, без разлика на тоа како се искажани.** Потоа може да бидете преокупирани со вашите сопствени интензивни емоции. Може да ви биде тешко да останете свесни и заинтересирани за врската со родителите, без разлика на вашето физичко присуство.

Размислете за тоа, тоа може да се случи особено ако во текот на вашето растење (несвесно и свесно) вложувате многу напори да направите другите во професионалната врска со вас да бидат добри, да им биде лесно и удобно со вас. Тогаш, повратните информации од другите може да ве доведат до непријатни чувства или срам/анксиозност.

Потоа, добро е да се знае дека може да направите нешто за да „закрепнете“ пред да продолжите со дијалогот.

„**Ми треба кратко време да се вратам во нормала**...“: Признавање на вашиот автоматски одговор на критиките и изразување подготвеност за слушање.

Дополнително, запомнете дека повратните информации од другите ја претставуваат нивната перспектива и не го дефинираат целиот наш идентитет. Можеме да избереме да прифатиме дел од него, без да чувствуваме обврска да ја интернализираме целината на понудената повратна информација.

| **Рефлективна вежба** |
|---|
| Во парови, одговорете на следниве прашања: |
| Кои се вашите вообичаени начини за справување со повратните информации од овие луѓе? (партнер, дете, родители) |

| |
|---|
| И како се справувате со повратните информации во професионалните улоги? |
| Како реагирате кога родителите ви даваат повратни информации, а како реагирате кога тоа го прави вашиот раководител? Каде е разликата? Како го објаснувате тоа? |
| Како сакате да ги добивате повратните информации? Кој е најдобриот начин за вас? |

## 2.11. Соработка на далечина

Сите детски градинки и стручни лица во последните неколку години, како резултат на пандемијата предизвикана од КОВИД, беа присилени да се адаптираат на начинот на којшто имаат интеракција и ги поддржуваат децата, родителите и семејствата. Метафорично кажано, пандемијата ги однесе стручните лица во непознато и ве присили да развиете вештини и знаења што не сте можеле ни да замислите дека ќе ви требаат (како што се користењето видеоапликации, онлајн образование итн.).

Иако односите помеѓу родителите и градинките во текот на последните години, како резултат на затворањето, епидемиолошките заштитни мерки итн., беа затегнати, повеќе од јасно стана дека е неопходно да се инвестира во врски и во градење односи со родителите.

Дури и по смирувањето на пандемијата и враќањето на „режимот на старото нормално“, добро е да бидеме свесни дека глобалната здравствена криза неповратно ги смени, односно ги прошири начините на кои може да градиме односи. **Поради тоа, важно е да се размисли како може да ги користите достигнувањата на современата технологија во корист на вклучувањето на родителите во работата на градинките**.

| **Рефлективна вежба** |
|---|
| Во парови, одговорете на следниве прашања: |
| Што направивте поинаку, а функционираше во ангажирањето на семејствата во текот на пандемијата? |
| Која од овие практики ќе се користи и понатаму? |
| Како планирате да ги користите овие „нови“ практики за поддршка на ангажирањето на семејствата? |

**Еве некои сугестии:**

- Добро проценете ги вашите ресурси. Кои од стручните лица ја познаваат работата на социјалните мрежи или видеоплатформи? Дали ви треба дополнителна обука? Во кои области?
- Повеќето упатства за користење на платформите како што се Зум, Канвас или социјалните мрежи се бесплатни и се достапни на Јутјуб.
- Користење повеќе канали за комуникација, како што се Јутјуб-каналот на градинката, Инстаграм-страницата на градинката, групата на Фејсбук, Вибер итн.
- **Прашајте ги родителите кои апликации ги користат најчесто.** Истражувањето потврдува дека помладите родители почесто користат Инстаграм или Тик-Ток, а поретко Фејсбук.

- Користете ги социјалните медиуми интерактивно, не само да објавувате информации или фотографии. На пример, генерално стори на Инстаграм може да биде одлично за кратки прашалници за родителите. Или може на родителите да им ја понудите можноста да поставуваат прашања или да предлагаат теми за, на пример, развојот на децата, коишто подоцна може да бидат опфатени со вебинар.
- Може да ги снимите одговорите на најчесто поставуваните прашања во форма на кусо видео и да ги ставите на Јутјуб-каналот на градинката.
- Стручните соработници и воспитувачите може да одржуваат повремени „состаноци во живо“ на Зум, кога во кус формат (до 30 минути) може да опфатите важни теми за образованието, дисциплината, детскиот развој, соработката во градинката, но и да ги повикате родителите да се вклучат во работата на градинката или да дадете предлог за заеднички активности.
- На состаноците во живо може да ги поканите и да разговарате со родителите што се стручњаци во одредена област.
- Понудете им на родителите календар на важни датуми поврзани со работата на градинката. Проширете ги важните датуми и ставете акцент на државните и на верските празници, на важните датуми од историјата на националните малцинства итн. Користете Гугл календар и понудете им можност на родителите да си ги синхронизираат календарите.
- Не претпоставувајте дека родителите знаат како да користат социјални мрежи или да користат апликации. Секогаш испратете кус водич или линк до кус водич на Јутјуб.
- Обидете се што е можно повеќе да ги вклучите родителите во онлајн-состаноците или вебинарите. Вниманието и концентрацијата се намалуваат во текот на онлајн-работата, не заборавајте дека родителите тогаш се дома, во неформална атмосфера, веројатно во присуство на децата, што може да им го одвлекува вниманието.
- Добро е по онлајн-состанокот на родителите да им се испратат пишани основни информации.
- Може да бидете отворени и креативни на социјалните медиуми почитувајќи ги професионалните граници.

Во прилог на овие препораки, запомнете дека градењето силни врски и ефективна комуникација со родителите е од суштинско значење за успешна соработка помеѓу професионалците, воспитувачите и семејствата.

# 3. Работилници

Ви се нудат работилници за родители што може да бидат важни за вас во воспоставувањето односи на соработка и вклучување на родителите во работата на градинките. Работилниците ги опфаќаат следните теми: **Права и обврски на родителите за соработка и партнерство со детските градинки; Разни начини на вклучување на родителите/семејството; Еднакви одговорности за вклучување на мајките и татковците; Охрабрување на вклучувањето на татковците; Дополнителна поддршка за родителите на деца под ризик и на деца ранливи од исклучување**.

Веруваме дека понудените работилници и придружни материјали ќе ви олеснат да се поврзете и да градите односи со родителите на теми што често во практиката се покажале како предизвикувачки.

Во поглавјата од 2.6. до поглавје 3. ви ги дадовме релевантните информации потребни за организирање и водење групни состаноци за родители. Исто така, во четвртото поглавје ќе најдете важни информации за правилата на комуникација и законитостите во односот помеѓу родителите и стручните лица врз основа на теоријата на релациони компетенции.

Прилозите 3. и 4. нудат евалуации за родителите, но и за модераторот на работилницата. Важно е да ги комплетирате по секој состанок и овие евалуации можат да ви помогнат да ја подобрите вашата работа и, следствено, вклученоста на родителите во работата и одлучувањето во градинката.

## 3.1. ИНСТРУКЦИИ ЗА МОДЕРАТОРИ

Запомнете: Кога имате чекан, сѐ ви изгледа како клинец.

- **ПРОЦЕС**

Процесот на олеснување треба да се фокусира и на тоа КАКО групата учествува во процесот на учење, а не само на она ШТО се постигнува. За да се случи вистинска промена, учесниците треба да бидат вклучени во конструктивна дебата и треба да бидат изложени на широк опсег перспективи.

- **НЕ БАРАЈТЕ СЕКОЈ ДА ПРАВИ СЀ**

Договорете правило: никој не мора да прави ништо, секој е слободен да избере и секој е одговорен за себе. Исто така, договорете правило дека е во ред да прашате што го спречува одредено лице да учествува во одредена активност. На начин без осудување, поттикнете ги учесниците да ги споделат своите мислења и идеи.

- **УТВРДЕТЕ ГО И СПРАВЕТЕ СЕ СО ПОТЕНЦИЈАЛНИОТ ОТПОР**

Хетерогеноста на групата понекогаш може да води кон потешко отворање на учесниците во текот на планираните активности. Проверете како им е на родителите во текот на активностите со стручните лица, но и како им е на стручните лица во работата со родителите. Работилниците од овој вид бараат од СЕКОГО од нас, без разлика на нашата улога во животот, доза ранливост и отвореност кон другите, често непознати луѓе. Тоа не е секогаш пријатно. За да можат да придонесат во целите на работилницата, учесниците мора да се чувствуваат безбедно и признаено.

Поради тоа, задача на модераторот е да ги провери и да се справи со потенцијалните психолошки отпори, на пример „Со нетрпение чекам да имам можност да учам од мудроста на искуството на воспитувачот, но и од свежата перспектива што ја носат родителите“.

Вашата улога е да бидете водич што ги цени искуствата на родителите и на негувателите и им помага да го споделат своето знаење и стручност.

- **НЕ ОБЈАСНУВАЈТЕ ГИ И НЕ ТОЛКУВАЈТЕ ГИ ИСКУСТВАТА НА ДРУГИ ЛУЃЕ**

Кога објаснуваме, секогаш го правиме тоа од нашата позиција. Ние не сме експерти за искуствата на другите. Секој мора да ги развива своите доживувања.

- **РЕФЛЕКТИРАЈТЕ**

Понекогаш темата родителство предизвикува непријатни емоции кај некои од учесниците. Тоа е сосема во ред. Важно е модераторот, како и други учесници, да не го теши тој учесник. Важно е секој да дојде во допир со своите чувства и мисли. Со помагањето, често само се браниме себеси од нашата беспомошност или сличните чувства. Наместо тоа, возвратете: „Гледам дека не ви е лесно да зборувате за оваа тема.“ „Слушам дека сте лут/а“.

## 3.2. ВОВЕДНИ АКТИВНОСТИ

### 3.2.1. Надвор од рамките

Воведна активност со која се става акцент на важноста на креативноста и на размислувањето „надвор од рамките“ во процесот на воспоставување соработка и вклучување на родителите во работата и одлучувањето во градинките.

Време: 10 минути
Потребен материјал: Постер со загатка со спојување на точките, хартија, маркери



На секој родител дајте му празен лист хартија.
Нацртајте девет точки на голем лист хартија и замолете ги родителите да го ископираат цртежот.
Кажете им дека мора да ги спојат сите точки со само три прави линии.

По околу 5 минути, дајте им го одговорот.



Прашајте што може да научиме од оваа загатка. (За да развиете соработка, можеби ќе мора да излезете надвор од најочигледните одговори.)

- Разговарајте за вклучувањето на родителите и што во тој случај би претставувало „размислување надвор од рамките“.
- Разговарајте за тоа што им значи на родителите „размислувањето надвор од рамките“ во текот на работилницата.

## 3.2.2. Јас во очите на детето

Бидете свесни за перспективата на детето, ставете се во кожата на детето.

Време: 15 минути
Потребен материјал: /

Побарајте од родителите да се сместат удобно и да ги затворат очите.[3]
Охрабрете ги да го визуализираат своето дете, внесете го во нивните мисли... Какво е нивното дете, како изгледа, дали им кажува нешто…

Потоа, побарајте од нив да се присетат на што е можно поконкретен настан кога се чувствувале хендикепирани во нивниот однос со детето. Што се случувало тогаш? Што правело нивното дете? Како се чувствувале во моментот? Кажете им одредено време да го задржат тоа чувство.

Сега кажете им дека имате волшебно стапче, дека ќе замавнете со него и ќе ги претворите во нивните деца.
Кажете: Сега пред мене не гледам група родители туку група деца и ги прашувам: Која е вашата мајка (или татко, ако таткото е учесник)?

Прашајте го секое „дете“ поединечно каков е неговиот родител. Потсетете ги родителите да си дадат слобода да си замислат.

Ако работите со група родители на деца во јасли или на деца со попреченост, може да кажете: „Ако знаете да зборувате, што би ми кажале за мајка ви?“.

Дополнително, поврзана реченица: „Оваа вежба им помага на родителите да стекнат подлабоко разбирање за перспективите на нивните деца и негување посилни врски во семејството“.

[2] Не инсистирајте; ако некој од учесниците не сака да ги затвори очите, тоа е во ред.

### 3.2.3. Меѓусебно запознавање

Ова е мошне лесна вежба, корисна за развивање на кохезијата на групата.

Време: 15 минути
Потребен материјал: /

На учесниците во групата поставете им го следново барање: „Најдете нешто во вашата чанта или паричник што отсликува дел од вас што можеби не го знаеме и кажете ни нешто за тоа.“ (Тоа најчесто се фотографии, приврзоци на клучеви, членски карти, купони итн.)

### 3.2.4. Лов на богатство

Оваа активност е корисна за „кршење на мразот“ и за да најдете заеднички карактеристики и учесниците да почнат да воспоставуваат систем за поддршка.

Време: 20 минути
Потребен материјал: Комплет за лов на богатство

Објаснете: „Одиме во лов на богатство. Ќе ви дадам список на „богатства“ или карактеристики што може да ви се заеднички со некој друг.“

Кажете им на родителите да изберат едно „богатство“ што им одговара и да побараат партнер што го поседува истото. („Станете, прошетајте низ просторијата и разговарајте со луѓе додека не најдете некој што го има истото богатство. Со „партнерот“ споделете повеќе за вашето богатство.“)[4]

Кажете им на родителите да изберат друго „богатство“ и повторно да побараат партнер.
Комплет за барање богатство:[5]

Најдете партнер што споделува со вас едно од овие „богатства“:

Има посвоено дете;
Е самохран родител;
Има четири или повеќе деца;
Е баба/дедо;
Има бебе;
Има двегодишно девојче;
Има двегодишно момче;
Очекува дете;

---

[4] Сугерирајте им на родителите дека може да разменат телефонски броеви, да споделуваат информации, да си обезбедат поддршка и на други начини што ќе ги одберат.

[5] Додадете сѐ што би сакале, а што е уникатно или интересно во конкретниот контекст на вашата градинка.

Не е во работен однос;
Има дете над петгодишна возраст;
Некогаш живеел во друга земја;
Има дете што сака зеленчук;
Има дете што мрази зеленчук.

## 3.3. ПРАВА И ОДГОВОРНОСТИ НА РОДИТЕЛИТЕ ЗА СОРАБОТКА И ПАРТНЕРСТВО СО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

### 3.3.1. Што преставува вклучување на родителите?

| |
|---|
| Време: 20 минути |
| Потребен материјал: / |
| Цели: На родителите да им се претстави концептот на вклучување на родителите. |
| Модераторот накусо го дефинира вклучувањето на родителите во контекст на односите семејство-детска градинка и ги објаснува разните начини на кои родителите се вклучуваат во предучилишните активности.<br><br>Користете неформални прашања за да ги поттикнете сеќавањата на родителите кога од нив се очекувало да учествуваат или да бидат вклучени во работата на детската градинка. Поставувајте прашања исклучиво за конкретни примери на ситуации и настани што се случиле во вашата установа.<br><br>Примери:<br>• Колкумина од вас присуствувале на родителски состаноци во градинката?<br>• Може да бидете повикани и да се приклучите во организацијата на настан за бабите и дедовците. Што ќе направите тогаш? Какви се вашите впечатоци?<br>• Минатата година, голем број родители беа вклучени во акција за уредување на дворот. Дали некои од вас беа вклучени?<br>• Колкумина од вас се имаат сретнато со нашиот психолог и имаат разговарано за некои дилеми во родителството или биле на работилница за родителство?<br><br>Побарајте од учесниците да ги раскажат или споделат своите искуства.<br><br>Овозможете им на учесниците да ги раскажат своите разбирања и искуства од вклучувањето на родителите.<br>Дајте повратни информации за она што го велат учесниците без оценување или одобрување/неодобрување на точноста/неточноста на нивните одговори. |

### 3.3.1. Прирачник „Вклучување на родителите“

**Вклучувањето на родителите е системски планирана практика во градинката, што значи дека одговорност на градинката е и да ги идентификува, да ги зголеми можностите и да иницира контекстуално релевантни процеси за воспоставување програми што ги вклучуваат родителите во образованието на нивните децата и пошироките приоритети и активности во градинката.**

**Не секогаш е лесно да се поедностави што точно претставува вклученоста на родителите. Таа не може да се оствари без да се земат предвид постојните образовни политики, институционалната мрежа и внатрешната динамика, но исто така и (не)достапноста на семејствата, структурата, културната заднина.**
Сепак, она што можеме да го направиме е да земеме предвид дека вклученоста на родителите во работата на градинката мора да опфаќа различни **нивоа на вклученост**:

**Информирање** – (на пр. известување за тековни настани, процедури, дневни извештаи и контакт со родители);
**Консултации** – (на пр. разговори со родителите за сè, не само при проблематични ситуации);
**Заедничко одлучување** – (на пр. состанок на родители, групи за дискусија, родителски совет...);
**Заедничка акција** – (на пр. престој на родители во група, волонтерски акции во градинката, заеднички акции во локалната заедница).

**Или можеме да размислуваме во смисла на различни активности:**

- ***Секојдневен контакт.*** Родителите и стручните лица мора да разменуваат информации секој ден од првиот ден од престојот на детето во градинка. Може да помогнат огласните табли, тетратка/дневник за дома – предучилишна возраст, Вибер групи, внатрешна организација на пренос на информации помеѓу воспитувачот и родителите.

- ***„Еден на еден“ состаноци со родители.*** Состаноците не треба да се одржуваат само во случај на конфликт или на почетокот и на крајот од учебната година. Користете ги за да се поврзете со родителите, да бидете љубопитни за животот на детето или да споделувате информации за детето и да го запознаете секое конкретно семејство. Олеснете им на родителите да се организираат за состаноците. Бидете отворени за онлајн опции за индивидуални состаноци (преку Зум, Скајп...). Доколку родителот даде согласност, состаноците може да се снимаат и да им се испратат, а снимката исто така останува во архивата на градинката.

- ***Групни состаноци.*** Треба да се избегнува еднонасочниот модел, каде што професионалецот е единствениот што зборува. Групните состаноци може да се користат за запознавање со родителите, пренесување информации, мапирање на потребите на родителите, планирање, поврзување на родителите со слични прашања, предизвици и слично.

- ***Вклучување во предучилишните групни активности.*** Родителите и семејствата може да учествуваат во предучилишната установа за време на процесот на адаптација, во работилници, училишни излети, разговори, заеднички појадок, клубови за книги, волонтирање, одење во парк, активност „искусниот родител му помага на новиот родител“...

- **Вклучување во работата на предучилишната установа и нејзината организација.** Соработка на поформално ниво преку учество во тимовите и органите на установата (совет на родители, одбор на директори).

- **Вклучување во заеднички акции во локалната заедница** – поддршка или волонтирање во акција организирана од институција или организација во локалната заедница.

- **Домашни посети** – на пример, посета на целата група во населбата каде што живее едно од децата (на пр. ново дете во група) и родител може да биде „туристички водич“ низ соседството, или посетите може да бидат советодавни и информативна посета на родителите во согласност со нивните потреби.

### 3.3.2. Зошто е важно вклучувањето на родителите?

Време: 20 минути
Потребен материјал: табла со листови, маркери
Цели: да се истражат придобивките од вклучувањето на родителите и соработката со нив

Побарајте од учесниците да поминат неколку минути во размислување за придобивките од соработката меѓу родителите и детската градинка и да се обидат да дадат што е можно повеќе одговори на следниве прашања:

1) Кои се придобивките за децата од соработката меѓу родителите и детската градинка?
2) Кои се придобивките за родителите и за семејствата од соработката меѓу родителите и детската градинка?
3) Кои се придобивките за стручните лица од соработката меѓу родителите и детската градинка?

Учесниците може да ги поделите во мали групи за да дискутираат за одговорите.
Модераторот ги бележи одговорите на листовите на таблата.

### 3.3.3. Подобрување на соработката помеѓу детската градинка и семејството

Време: 40 минути
Потребен материјал: табла со листови, маркери
Цели: Да се истражи како родителите гледаат на пречките во вклучувањето на родителите во работата и одлучувањето во градинките. Да се разгледаат начини за понатамошно подобрување на односите помеѓу семејството и детската градинка.

Побарајте од учесниците неколку минути да размислат за пречките во соработката помеѓу родителите и детската градинка.

Кои може да бидат предизвиците или пречките во вклучувањето на родителите?

Напишете ги одговорите на таблата. Може ќе треба да дадете некои примери за да ја придвижите групата:

- Лоша комуникација;
- Немање информации;
- Несоодветно време на родителските состаноци...

Ако работите со група учесници чии деца се запишани во градинка веќе некое време, продолжувате со активноста.

Поделете ги учесниците во мали групи и дајте им 10 минути да дискутираат за следниве прашања:

- Што треба да направи детската градинка за да ве охрабри како родител повеќе да бидете вклучени во работата?
- Кои се примерите за добро вклучување што веќе постојат во градинката?
- Што би направиле за да ги смените постојните начини за вклучување на родителите во детската градинка?

Известете ги учесниците дека еден учесник ќе зборува додека другите слушаат и одговорите напишете ги на таблата.

### 3.3.4. Права и обврски

Со оваа активност се истражуваат правата и обврските на родителите за соработката и партнерството со детските градинки.

Време: 60 минути
Потребен материјал: листови хартија (доволно големи за да се направи цртеж на дете во природна големина), маркери или пастели, налепници (опционално)

На хамер подгответе контура на човечко тело. Контурата нека биде родово неутрална. Или побарајте доброволец да легне на големо парче хартија на подот и нацртајте ги контурите на неговото тело.

Објаснете дека цртежот на тело ќе се користи за да се прикажат правата и обврските на родителите.

Родителите интензивно размислуваат за сите права што мислат дека треба да ги имаат. Модераторот ги запишува сите овие сугестии во „телото“ со пенкало во една боја.

Потоа од родителите се бара да ги наведат обврските што ги имаат. За да им помогнете, покажете им дека многу од правата имаат соодветни обврски, на пример, правото на говор и обврската за слушање. Напишете ги одговорите на родителите на хамерот (надвор од телото).

Упатете ги родителите на материјалот во кој се наведени нивните права и обврски или на официјален документ на вашата детска градинка или на делови од законот со кој се уредуваат овие прашања. Отворете разговор на ниво на група за тоа колку тој документ е сличен или различен од она што го навеле родителите.

* Овде може да дадете пауза.

Темелно прочитајте ги сите права и обврски што родителите ги навеле во телото.

Побарајте од секој родител да гласа за три права што му се најважни. Родителот може да стави три точки до три различни права со пенкало во различна боја или, ако е можно, на секој родител дајте му три налепници.[6]

На овој начин, активноста поттикнува подлабоко разбирање на улогите на родителите и поттикнува продуктивни дискусии за нивните права и обврски во контекст на предучилишните установи.

Изберете ги трите права со најмногу гласови и продискутирајте:
• Дали се изненадени од одговорите? На кој начин?
• Според нивното мислење, дали некое друго право можело да биде вклучено во трите најважни?
• Како тоа право може да се реализира, на пример: Што треба да се случи за родителите да можат да имаат право секој ден да избираат храна за децата?

### 3.3.5. Соработка

Поставување конкретни, пишани критериуми во однос на нивните права и обврски.

Се предлага оваа активност да се спроведе по активноста „Права и обврски". Ако тоа не е случај, споделете печатени материјали со правата и обврските на родителите.

Соработката е двонасочна улица – правата и обврските се однесуваат како на родителите така и на стручните лица.

Време: 40 минути
Потребен материјал: хартија, моливи, хамер

Поделете ги родителите во групи од по 3-4 учесници.

Од секој родител побарајте да напише две права и две обврски што му се најважни.
Пример: почитување и јасна комуникација.

Охрабрете ги да го споделат она што го забележале во рамките на нивните соодветни групи и нагласете ги двете најважни права и двете најважни обврски на ниво на група.

Побарајте од учесниците да ги разработат овие права и обврски во групата со нивно мерливо изразување.

Може да кажете: Запрашајте се како ќе знаете дека сте почитувани? Како треба да се однесуваме за другите да се чувствуваат почитувани?
Групата нека наведе што е можно повеќе конкретни одговори.

[6] Ако родителите се неписмени, може да креирате симболи за различните права. Осигурете се дека родителите можат лесно да идентификуваат што претставуваат симболите. Потоа, родителите му кажуваат на модераторот за кои права сакаат да гласаат, а модераторот им покажува каде да го стават знакот или налепницата.

Напишете ги одговорите на таблата. Таблата може да ја поделите на два дела, еден со зборовите „права“ и друг со „обврски“. Модераторот може да ги насочува и да ги резимира одговорите, како и да дава соодветни сугестии.

На пример, обврска: Почитување – да се напише порака до воспитувачот само во работните денови.

Заедно со групата, формулирајте што е можно поконкретни правила за соработка.

- Разговарајте како се чувствувале родителите во текот на оваа активност.
- Какви нови согледувања добиле?
- Што мислат, кои би можеле да бидат пречките за спроведувањето на овие правила на соработката?

## 3.4. РАЗНОВИДНИ ФОРМИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ/СЕМЕЈСТВАТА

### 3.4.1. Што може да биде вклучување на родителите?

Време: 40 минути
Потребен материјал: хартија, пенкало, печатен материјал – Типологија на Епстајн за вклучување на родителите.

Поделете ги учесниците во групи од по 3-4 учесници. Секоја група добива примерок од печатениот материјал – Типологија на Епстајн за вклучување на родителите.

Треба да има најмалку шест групи. На секоја група ѝ е дадена задача да подетално елаборира еден вид активност од типологијата.

Побарајте од родителите да се обидат да наведат што е можно повеќе конкретни начини за вклучување што би се однесувале на даден вид активност.

Охрабрете ги родителите дека е во ред да ги споделат своите идеи и сугестии.

Споделете ги одговорите на ниво на група. Модераторот ги запишува на таблата, ги резимира и ги коментира.

#### 3.4.1.1 Материјали: Типологија на Епстајн за вклучување на родителите

Авторот Епстајн (Epstein, 2001) има развиено типологија на вклучување на родителите во образованието на децата, нагласувајќи ги следниве шест вида активности:

1. (Тип 1) – родителство – активности на родителите и на други членови на семејството што обезбедуваат безбедно стимулативно опкружување за раст, развој и учење во форма на

домување, здравствена заштита, соодветна исхрана, безбедност, секојдневни интеракции на возрасните со децата во стимулирачки активности на учење;

2. (Тип 2) – комуникација со образовната установа – разни активности на родителите во рамки на двонасочна размена на информации со наставниците и со други вработени за тековните настани во училиштето и генералниот напредок на детето;

3. (Тип 3) – волонтирање – вклучување на родителите во активности за поддршка и помош во разни проекти со цел моделирање на однесувањето на децата или подобрување на условите за учење преку личен ангажман во рекреативни и други активности во детската градинка;

4. (Тип 4) – поддршка дома – активности во кои родителите дополнително го поддржуваат учењето на детето и го охрабруваат неговиот напредок преку разговор на теми поврзани со учењето и играта во детската градинка;

5. (Тип 5) – одлучување – вклучување на родителите во одлучувањето по прашања важни за квалитетот на работата во детските градинки директно и/или преку разни тела;

6. (Тип 6) – соработка во заедницата – ангажирање на родителите во утврдувањето на услугите и ресурсите во заедницата што може да придонесат за подобрување на опкружувањето за учење за секое дете што има потреба од поддршка на развојот и учењето.

### 3.4.2. Поддршка на децата

Време: 30 минути
Потребен материјал: табла со листови, маркери
Цели: Да се истражат разни видови вклучување и соработка со родителите.

Кажете им на учесниците дека поддршката на родителите е многу важна за развојот на детето.

Побарајте од учесниците неколку минути да размислат за разните нешта што родителите и членовите на семејството ги прават дома за да ги поддржат и да им помогнат на нивните деца да растат и да се развиваат.

Може да прашате: Што правеа вашите родители и членовите на семејството за да ве поддржат да пораснете како личност?

Одговорите напишете ги на таблата. Може ќе треба да обезбедите одредени примери за да ја придвижите групата:

- Ми помагаа во пишувањето на моите домашни задачи;
- Ми читаа;
- Ме издржуваа;
- Правеа торта за мојот роденден;
- Со мене го пишуваа домашното...

Кажете им на учесниците дека вклучувањето во работата на детската градинка може да биде и начин за поддршка на развојот на децата. Може накусо да наведете некои од придобивките за детето ако има стабилни и добри односи.

Побарајте од учесниците неколку минути да размислат за разните нешта што родителите и семејството ги прават во градинката за да ги поддржат и да им помогнат на нивните деца да растат и да се развиваат.

Одговорите напишете ги на таблата.

### 3.4.3 Обликување на иднината на нашата градинка

Време: 45 минути
Потребен материјал: табла со листови, маркери
Цели: Да се поттикнат родителите активно да учествуваат во процесите на донесување одлуки во дневната градинка и да истражуваат разни начини на кои можат да придонесат

Започнете со топло добредојде и вовед. Споделете ги целите на работилницата и важноста на вклученоста на родителите во дневната грижа.

Поделете ги родителите во мали групи и обезбедете им сценарија или студии на случај поврзани со одлуки за дневен престој (на пример, наставна програма, настани, политики). Охрабрете ги да дискутираат и да размислуваат за потенцијални решенија или идеи.

Секоја група ги презентира своите идеи и дискутира за нивните согледувања. Ова им овозможува на родителите да учат еден од друг.

Ако сте вешти и ги познавате родителите, можете да ги вклучите родителите во активност со играње улоги каде што симулираат состанок за одлучување. Ова може да им помогне да практикуваат ефективни комуникациски и преговарачки вештини.

Соберете повратни информации од родителите за работилницата и што планираат да спроведат во нивното вклучување во дневната градинка. Создадете акционен план заедно.

### 3.4.4. Ден на семејството: Заедничко донесување одлуки

Време: 60 минути
Потребен материјал: табла со листови, маркери
Цели: Да се вклучат и родителите и децата во процесот на донесување одлуки и да се зајакне врската родител-дете додека се истражуваат разни форми на вклученост

Започнете со забавни активности кои поттикнуваат поврзување помеѓу родителите и децата, како што се уметнички и занаетчиски проекти или тимски игри.

Споделете приказна или кратко видео или прочитајте приказна за семејство кое заедно донесува важни одлуки. Дискутирајте за важноста од вклучувањето на децата во семејните избори.

Поделете ги семејствата во групи, секоја со родители и деца. Обезбедете сценарио релевантно за дневната грижа (на пример, избор на тема за настан или екскурзија) и нека одлучуваат како тим.

Секоја група ги презентира своите одлуки и го објаснува својот процес на размислување. Поттикнете креативни и отворени дискусии.

Вклучете ги родителите и децата во заеднички уметнички проект за симболизирање на единството и соработката како семејство.

Завршете со дискусија за тоа како ова искуство може да се примени во нивните семејства и вклучување во дневен престој. Охрабрете ги родителите и децата да се заложат за активно учество во процесот на донесување одлуки во градинката.

## 3.5 ОХРАБРУВАЊЕ НА ВКЛУЧУВАЊЕТО НА ТАТКОВЦИТЕ

### Белешки за модераторот

Имајте на ум дека терминот „татко“ се однесува на татковците и на другите мажи што играат значајна улога во животот на детето. Тоа лице може да биде биолошкиот татко, посвоител, згрижувач или очув. Може да биде и дедо или друг возрасен член на семејството или близок пријател.

Без оглед на етничката припадност или на социоекономскиот статус, повеќето татковци, традиционално, се помалку вклучени во овие прашања отколку мајките.

Пред организирањето на работилниците, би било добро да се одговорат овие прашања во рамките на вашата институција. Тие може да ви помогнат полесно и поефикасно да ги планирате работилниците за татковците.

1. Како активно го негувате интересот кај татковците за вклучување во работата на детската градинка?
2. Во кои настани и активности во вашата градинка најмногу се вклучени татковците – како присутни? Како доброволци? Како организатори?
3. Дали вашата детска градинка прави конкретни напори за да ги натера татковците да бидат повклучени како доброволци, присутни или организатори?
4. Дали во вашата детска градинка или во вашата заедница веќе постојат програми, настани или активности конкретно насочени кон татковците?
5. Како знаете дека ги задоволувате потребите, грижите и интересите на татковците во вашата детска градинка?
6. Во кое време се одржуваат работилниците?
7. Со какви грижи и предизвици се соочувате во обидите за поголемо вклучување на татковците?

8. Кои се потенцијалните придобивки – за децата и за семејствата, за наставниците во детските градинки и за детските градинки од поголемото вклучување на татковците?

Исто така, некои од проектите обмислени за поактивно вклучување на татковците во образованието на нивните деца понудија значајни препораки, што е добро да се има на ум:

- Татковците почесто избираат да бидат вклучени во активни проекти наместо само да доаѓаат на состаноци во кои имаат пасивна улога. Тие најдобро прифаќаат проекти каде што можат да ги искористат своите вештини, како правење опрема за игралишта, надзор над спортски настани, бојадисување или praместување мебел.

- Не заборавајте ја важноста на родовите улоги, очекувања и стереотипи. Имајте на ум дека некои татковци претпочитаат да работат и да се поврзуваат со други мажи, ним може да не им е удобно да дискутираат одредени лични теми со жени.

- Размислете за активностите во кои татковците се активно вклучени со нивните деца. Програмите и работилниците за развој на животни вештини обично привлекуваат мажи и оттаму ја отвораат вратата за вклучување на мажите во образованието на нивните деца.

- Имајте го на ум работното време на татковците и настаните организирајте ги според тоа.

## 3.5.1. Улогата на татко

Време: 30 минути
Потребен материјал: табла со листови
Цели: Татковците се идентификуваат во животите на децата со улогата на татко

Побарајте од учесниците да напишат одговори на следниве прашања:

- Која е задачата на таткото во животот на детето?
- Што научиле од нивниот татко?
- Што би сакале да ги научат своите деца?

Разговарајте за овие прашања во голема група.

## 3.5.2. Некогаш и сега

Време: 30 минути
Потребен материјал: табла со листови, маркери, хартија
Цели: Како татковците се идентификуваат со очекуваните промени во улогата на татко

Побарајте од учесниците да напишат одговори на следниве прашања:

- Дали да се биде татко сега е поинаку од времето кога вие бевте дете?
- Напишете две сличности и две разлики за тоа како ве третирал вашиот татко и како вие го третирате вашето дете.

Разговарајте за одговорите во голема група.

### 3.5.3. Споделени одговорности

Време: 30 минути
Потребен материјал: табла со листови, маркери, хартија
Цели: Разлики во одгледувањето на децата од татковците и мајките

Накусо објаснете што значи терминот „одгледува“.

Побарајте од учесниците да размислат неколку минути за карактеристиките на одгледувањето на децата и кои од нив се заеднички за мажите/татковците и жените/мајките.

Напишете ги одговорите на таблата. Може ќе треба да дадете одредени примери за групата да почне со работа:

- Изразување љубов;
- Охрабрување;
- Гушкање;
- Ограничено опкружување;
- Слушање.

Прашајте ги учесниците дали може да утврдат кои карактеристики на одгледувањето се почести за мажите/татковците, а кои за жените/мајките.

### 3.5.4. Вредности

Време: 45 минути
Потребен материјал: табла со листови, маркери, печатени материјали за сите учесници
Цели: Татковците ги утврдуваат вредностите, однесувањата и карактеристиките што сакаат да ги негуваат кај своите деца

1. Почнете со: „Татковците се мошне важни во животите на нивните деца. Играте голема улога во тоа како ќе расте и како ќе се развива вашето дете. Важно е да знаете кои однесувања или квалитети ги вреднувате кај детето и внимателно да размислите за тоа како ги пренесувате овие вредности“.
   Прашајте ги или потсетете ги учесниците што претставува вредност (понекогаш она во што верувате е важно и често го води вашето однесување).
   Дајте пример за вредност (на пр. искреност).

2. Побарајте од татковците да ја погледнат изјавата во печатениот материјал и да издвојат 5 реченици во кои се опфатени најважните вредности за нив.
3. Потоа почнете дискусија. Поставете некои од следниве прашања:

- Што претставуваше за вас оваа активност? Дали беше тешко или лесно да изберете само 5 реченици/вредности?
- Зошто избравте одредено однесување или карактеристика?
- Дали би избрале други вредности ако вашето дете беше од спротивниот пол (односно ако вашиот син беше ќерка или ако вашата ќерка беше син)? Зошто (или зошто не)?

- Кои беа трите најпопуларни однесувања или карактеристики (вредности)? Зошто мислите дека се толку често одбирани?
- Што му треба на едно дете за да може да го развие однесувањето и карактеристиките што ги избравте? На пример, што ќе му помогне на детето да биде добар ученик? (Да го цени умот и добивањето добри оценки, да има добри навики за учење, да ужива во читањето, да биде претпазливо и да поставува прашања.)

**Кажете им на учесниците дека децата учат за вредности со тоа што нѐ гледаат нас возрасните.**

На учесниците може да им пуштите кратко видео за татковците.
Предлог: https://www.youtube.com/watch?v=htgPh3DalmM или кое било едукативно видео што сметате дека е соодветно. Обезбедете превод на видеото, така што ќе можат да го разберат сите учесници.

- Како се обидувате да ги охрабрите овие карактеристики кај вашите деца?
- Што учат вашите деца кога се вклучувате во работата на градинката?
 (дадете пример: волонтирање во градинка, доаѓање на родителски состанок...)

## 4.5.4.1. Материјал „Што ценам кај моето дете“

- Дете кое е послушно.
- Дете кое е љубопитно.
- Дете кое секогаш ме слуша.
- Дете кое е снаодливо.
- Дете кое никогаш не се спротивставува.
- Дете кое е отворено и со мене ги споделува своите мисли и чувства.
- Дете кое има многу пријатели.
- Дете кое е чесно.
- Дете кое го цени семејството.
- Дете кое може да го контролира својот темперамент.
- Дете кое може да се заложи за себе.
- Дете кое е лидер.
- Дете кое изгледа добро.
- Дете кое ќе биде добар ученик.
- Дете кое е физички спремно и здраво.
- Дете кое ќе ги следи моите верски убедувања.
- Дете кое има почит.
- Дете кое се чувствува добро во својата кожа.
- Дете кое е добро во спортот.
- Дете кое е среќно.
- Дете кое е амбициозно.

## 3.5.5. Визија за таткото

Време: 20 минути
Потребен материјал: /
Цели: Истражување на долгорочните влијанија од активната улога на таткото
 во животот на детето

Кажете им на учесниците: Замислете, 20 години од сега, вашите деца се повикани да учествуваат во документарен филм за нивните татковци. Замислете дека авторот на филмот бара од нив да опишат каков татко сте биле, како било да се расте со вас. Со ова сценарио на ум, ве молиме да одговорите на следниве прашања (одвојте неколку минути за самостојно и во пишана форма да одговорите на сите прашања):

а) По дваесет години, кои работи се надевате дека вашето дете ќе ги каже за вас како татко?
б) Кои работи се надевате дека нема да ги каже за вас како татко?
в) Дали има нешто што би можеле, повеќе или помалку, да промените за да бидете подобар татко?
г) Како вклучувањето во работата на детската градинка може да ви помогне да станете подобар татко?

Препорака: со групата може да го погледнете ова кратко видео:
https://www.youtube.com/watch?v=aSnKNXuw5TE

### 3.5.6. Вклучување

Време: 20 минути
Потребен материјал: /
Цели: Истражување на конкретните начини за вклучување на татковците во работата на градинката

Побарајте од учесниците да размислат за следниве прашања:

- Работи што уживате да ги правите со вашето дете/вашите деца:
- Работи што уживате да ги правите со други татковци/деца? Други семејства?
- Теми/активности за татковците во градинката во кои би сакале да се приклучите?

Разговарајте за одговорите во голема група.

## 3.6 ДОПОЛНИТЕЛНА ПОДДРШКА ЗА РОДИТЕЛИТЕ НА ДЕЦА ПОД РИЗИК И ДЕЦА РАНЛИВИ ОД ИСКЛУЧЕНОСТ

### 3.6.1. Што за вас претставува поддршка?

Време: 20 минути
Потребен материјал: /
Цели: Истражување на конкретните пречки и потребата за поддршка во градинката

Побарајте од учесниците да размислат за следниве прашања:

- Кои се пречките за вашето активно вклучување во градинката?
- Што би било корисно да направи градинката за да ја охрабри вашата соработка?

Напишете ги одговорите на таблата.
Разговарајте за одговорите во голема група.

### 3.6.2. Учење од минатото

Време: 30 минути
Потребен материјал: /
Цели: Истражување на квалитетот на односот што сакаме да го постигнеме во соработката помеѓу родителите и стручните лица што работат во детската градинка

Побарајте од родителите да се присетат на искуства од соработка со стручни лица во образованието, здравството или системот за социјални грижи. Може да биде однос што траел или еднократен однос.

Побарајте од учесниците да направат список на сите нешта што им ги кажале стручните лица, а за кои сметале дека повеќе ги повредиле отколку што им помогнале. Побарајте од нив да бидат конкретни, на пример, ако биле критикувани.
(Оставете им една или две минути.)

Побарајте од учесниците да направат список на сите нешта што им ги кажале стручните лица, а што им помогнале. Побарајте од нив да бидат конкретни во врска со нештата што ги кажале стручните лица и кои мислат дека им помогнале или ги зајакнале (дури и ако тие нешта тогаш не изгледале дека се од помош). (Оставете една или две минути.)

Поканете ги учесниците да се поделат во групи од по 3-4 учесници и да поразговараат 2-3 минути за нивните списоци.

На таблата направете две колони со следните наслови: „Неефикасна соработка“ и „Ефикасна соработка“. Побарајте од учесниците да разговараат за нив во голема група.

### 3.6.3. Родителски ангажман за вклучување

Време: 120 минути
Потребен материјал: табла со листови, маркери, пенкала и хартија
Цели: Создавање свест за важноста на активното вклучување на родителите во процесите и активностите на донесување одлуки во градинката. Се фокусира на тоа како родителите можат да придонесат за благосостојбата на нивните деца и на пошироката заедница.

1. Повелете родители, вклучете се во групно „кршење на мразот“ за да создадете удобна атмосфера.

2. Разбирање на бариерите
- Побарајте од родителите да ги идентификуваат и да разговараат за предизвиците со кои се соочуваат во активното вклучување во животот на нивното дете во градинка.
- Олеснување на споделувањето искуства и решенија за заедничките бариери.
- Направете список на вообичаените предизвици и запишете ги на хартија или на табла.

3. Надминување на стереотипите
- Отворена дискусија за предизвикувачки стереотипи поврзани со вклученоста на родителите. Направете список на вообичаените предизвици и запишете ги на хартија или на табла.
- Споделете истражување или приказни кои ги отфрлаат вообичаените заблуди за родителскиот ангажман.

4. Градење заедница
- Поделете ги родителите во мали групи.
- Секоја група дискутира и ги споделува своите искуства, идеи и грижи за создавање чувство на заедница меѓу родителите.
- Охрабрете ги родителите да размислуваат за активности кои можат да ги здружат надвор од работилницата. Споделете во голема група.

5. Поставување цели
- Вратете ги родителите во мали групи. Поделете им хартии и пенкала на родителите.
- Побарајте од нив да напишат една или повеќе конкретни цели поврзани со нивното активно учество во градинката. Разговарајте за овие цели во мали групи и изберете неколку што ќе ги споделите со целата група.
- Охрабрете ја посветеноста на постигнување на овие цели и обезбедете контакт-информации за следење.

- Резимирајте ги клучните точки за кои се дискутирало за време на работилницата, запишете ги на таблата.
- Заблагодарете им се на родителите за учеството и нагласете ја важноста од нивното активно вклучување во градинката.
- Споделете информации за контакт и детали за следната работилница или за последователни активности.

# 4. Подлабоко разбирање на релационите компетенции

Основната теоретска почетна точка на проектот во однос на соработката и вклучувањето на родителите во работата и во одлучувањето во градинката е концептот на релациони компетенции, кој го дефинираме како:

„Спремност и способност на стручното лице да „го гледа“ секое дете како поединец и своето однесување соодветно да го приспособи без да се откаже од лидерството, како и способност да биде автентичен во својот контакт со детето и да преземе целосна одговорност за квалитетот на односите.“ (Јул и Јенсен, 2014)[x]

Избравме да го дополниме теоретскиот концепт со принципи на позитивно родителство за коишто веруваме дека ја дополнуваат и нудат квалитетна основа за работата со родителите. Семејството игра клучна улога во одгледувањето на детето, така што детската градинка треба да го поддржува позитивното родителство со почитување и промовирање на предностите и вештините што им се потребни на родителите да ја исполнуваат својата улога.

Приказната на релационите компетенции ја надминува теоретската рамка и егзистира во модерните училишта и градинки. Погледнете некои од значајните проекти што се спроведуваат во училишта и градинки низ Европа, а кои се базираат врз теоријата на релационите компетенции.

**Проект рака под рака** – зајакнување на наставниците низ Европа за да можат да се справат со предизвиците во кариерата поврзани со социјалните, емоционалните и прашањата на различноста.
https://handinhand.si/en/home2/

**Проект „Emaptie macht Schule“** – им помага на стручните лица да ги продлабочат своите вештини за градење односи и вештини за емпатија за да создадат внимателно, развојно опкружување за учење за сите.
https://www.empathie-macht-schule.de/projekt-2/

**„Од почитување до одговорност“** – проект што се спроведува веќе четврта година и кој се однесува на поврзување на стручните лица од Србија, Хрватска и Словенија со цел развивање на релационите компетенции.
https://familylabassociation.com/projects/

Комуникацијата помеѓу домот и детската градинка мора да биде редовна, двонасочна и да има смисла.
Оттаму, во упатството се дадени некои од условите за квалитетна комуникација.

| Експерт | Практичар |
|---|---|
| Другите претпоставуваат дека поседувам знаење и морам да го потврдам тоа, без разлика дали сум сигурен/сигурна во своето знаење. | Другите претпоставуваат дека поседувам знаење, но не сум единствениот /единствената во оваа ситуација и не само моето знаење е критично и важно. Мојата несигурност ќе биде поттик за мен е и за родителот да учиме. |
| Држете ги родителите на дистанца и држете се до улогата на експерт. | Барам пат до мислите и чувствата на родителите. |

| | |
|---|---|
| Дајте им на родителите впечаток дека сте стручни, но и на топлина и симпатија „што ве омекнуваат“. | Овозможете го неговото спроведување за моето знаење да расте како што сѐ повеќе открива. |
| Преку реакцијата на клиентот проверете ја почитта кон мене и мојот статус како експерт. | Проверете го чувството на слобода и вистинската врска со клиентот, бидејќи веќе не морам да си ја докажувам улогата на експерт. |

## 4.1. Релациони компетенции

Запомнете: Како и зошто правите нешто често е поважно од она што го правите.

Препорака: Релационите компетенции во јавните училишта
https://www.youtube.com/watch?v=Vg1fKkwKJyo

Да се работи со релациони компетенции би можело да значи:

- Да се стекне знаење за емоционалните реакции;
- Да се стекне знаење за нашата наследена можност за социјализација;
- Да се стекне знаење за социо-емоционалниот развој.

Познато е дека учењето е емоционално преокупирана активност. Учењето и когнитивната обработка се длабоко поврзани со емоционалните одговори. Кога сакаме да разбереме како се учи нешто, секогаш треба да посветиме искрено внимание на конкретната ситуација и да признаеме дека нашите начини на поврзување и комуницирање влијаат врз учениците.[xi]

Концептот на релационите  компетенции е концепт што се користи само во однос на стручните лица поради асиметричните односи што стручните лица ги градат со децата и со нивните родители. Тие се асиметрични и поради тоа што стручното лице има повеќе моќ како дел од воспоставен систем, како и поради поголемото искуство и знаење што доаѓаат од неговото образование и позицијата.

Многу често ги гледаме децата, а понекогаш и родителите, како виновни кога нешто во односите ќе тргне наопаку. Наместо да ја прогласиме една од страните (може да биде и стручното лице) за виновна, многу покорисно би било да го гледаме стручното лице како одговорно за квалитетот на односите.

Кога зборуваме за вклучувањето на родителите, често се фокусираме на активностите што се однесуваат на содржината во кои се вклучени родителите и стручните лица, но она што е подеднакво важно е каква била атмосферата пред, во текот и по конкретните активности.

Ова го нарекуваме процесна димензија на односот – односно начинот на кој стручното лице го креира опкружувањето за вклучување на родителите. Така, секој однос/ситуација има барем две димензии: ШТО правиме заедно и КАКО го правиме тоа? И она што е најважно: кога ги учиме стручните лица за релациони компетенции.

Стручните лице, пред сѐ, имаат процедурална одговорност, односно одговорност за тонот, атмосферата и расположението на работа. Стручните лице не се единствените одговорни за исходот на соработката! Не смееме да ја заборавиме улогата на родителите!

Но, со преземањето на одговорноста за процесот, стручните лица креираат атмосфера во која родителите почесто се отворени за соработка и со тоа се создаваат резултати.

Понекогаш, околностите може да бидат многу предизвикувачки и на стручното лице може да му биде многу тешко да ја согледа оваа одговорност. Често, стручните лица имаат лично искуство дека целокупната „моќ" е во рацете на родителите. Од друга страна, родителите често се чувствуваат ранливи и изложени на моќта на институцијата и на професионалното расудување, особено кога доаѓаат од семејства под ризик. Ако стручното лице го препознае своето влијание и одговорност, тоа му дава моќ да направи нешто за да го промени она што мисли дека треба да се промени.

Како може стручното лице да креира добро опкружување за вклучување на родителите? Тоа е можно ако стручното лице знае како да го создаде тоа опкружување и ако има волја да ја преземе целосната одговорност за да го направи тоа.

Ќе објасниме некои од основните принципи на овој пристап што може да придонесе за подобро разбирање на семејната динамика и на однесувањето на родителите и на стручните лица.

## 4. 2. Интегритет и соработка

Интегритетот е збир на чувства, вредности и размислувања на поединец, и ментално и физички. Детето доаѓа на свет со својот интегритет, што во најширока смисла ги опфаќа неговите потреби и ограничувања. Како што расте, неговиот интегритет станува покомплексен во интеракција со другите. Грижата за личниот интегритет на детето и за човечкиот развој е дел од одговорноста на родителите, но и на стручната практика.

Детето ги открива својот идентитет и односот со себе преку повратните информации од родителите, а подоцна и од воспитувачите. На пример, ако бебето ја одбие храната понудена од неговата мајка, а мајката одговори со: „Сито си, не сакаш повеќе", детето учи да ја препознае својата ситост. Спротивно на тоа, ако мајката инсистира велејќи: „Ти не изеде ништо, касни уште малку или ќе бидам тажна", детето може да почне да им дава приоритет на туѓите судови пред своите чувства на глад или ситост.

Децата уште од првиот ден од животот можат да ги изразат своите граници и потреби, но не можат да ги одбранат. Тие во голема мера се потпираат на чувствителноста на возрасните да ги препознаат и да одговорат на овие потреби. Родителите играат витална улога во разбирањето на тоа кое е, всушност, нивното дете, разликувајќи го не само од просечното дете туку и од нивните сопствени желби, надежи и очекувања.

Традиционално, фокусот главно е ставен на учењето на децата на општествените вредности, норми и правила, суштински водејќи ги кон тоа да станат дел од семејство, група или општество. Сепак, подеднакво клучно е да се поттикнат да станат силни поединци кои ги разбираат своите потреби, желби и емоции. Овде не станува збор за егоизам, туку за јасна комуникација и градење односи засновани врз почит и еднакво достоинство.

Соработката често се гледа како наоѓање на своето место во група. Сепак, во секој меѓучовечки однос се јавуваат конфликти помеѓу желбата за соработка и потребата да се зачува интегритетот. Овој конфликт најчесто се развива кај секој поединец.

На пример, воспитувачите имаат за цел да воспостават соработка со родителите за да го поддржат детето во групна средина. Родителите може да покажат вербална агресија, незаинтересираност или некооперативност, додека на воспитувачите им е потребна соработка и комуникација со почит. Ова ја илустрира деликатната рамнотежа помеѓу овие две потреби.




Слика 1: Односот на конфликтот помеѓу интегритетот и соработката

Размислете за вашите типични реакции во такви ситуации. Како се справувате со внатрешните конфликти? Веројатно може да се сетите на случаите кога сте ѝ дале  приоритет на соработката пред вашите лични потреби, но и моменти кога сте го избрале интегритетот, дури и ако тоа доведе до конфликт. Неопходно е да размислите за вашите тенденции и за тоа како ги решавате внатрешните конфликти.

Постојат два критериуми за процена на тоа како ги решавате внатрешните конфликти: дали ѝ/му давате приоритет на соработката или на интегритетот и дали тоа го правите по избор или од потреба. Клучот е свесно да ги избирате вашите постапки, дури и кога се соочувате со конфликти.

Ако премногу тежнеете кон соработка или кон интегритет и не си дозволите слобода да избирате, може да станете премногу послушни или премногу отпорни. Наоѓањето на вистинската рамнотежа е од клучно значење за да се спречи согорувањето.

Решавањето на внатрешните конфликти преку слобода на избор не ги елиминира меѓучовечките конфликти, туку создава можности овие надворешни конфликти да се решат со заемна почит и вредност. Уметноста на негување здрави односи вклучува соработка без да се загрози нечиј интегритет, вашиот или туѓиот.

Прашања за размислување:

- Дали во вашите професионални односи почесто соработувате или му давате приоритет на интегритетот?

- Можете ли да се сетите на три случаи од вашето професионално искуство кога требало да постигнете рамнотежа помеѓу соработката и интегритетот?
- Како се чувствувате кога сте во ситуации каде што мора да соработувате или да одржувате интегритет? Што кога имате избор?
- Размислете за интеракцијата со вашите родители. Дали тие имаат тенденција да соработуваат или да му дадат приоритет на интегритетот во вашата врска со нив, и како го објаснувате тоа?
- Можете ли да се сетите на некој пример од работата со родители кога тие одбрале да соработуваат со институционални барања на сметка на сопствениот интегритет?

## 4.3. Одговорност

За почеток, важно е да се дефинира терминот одговорност. Одговорен е оној што има лична способност да одговори, да направи чекорда одговори. Оној што се однесува во согласност со себеси и со своето опкружување е одговорен; одговорен е кога ќе преземе постапка (одговор) во однос на неговите лични потреби, желби и интереси, како и во однос на потребите и можностите на опкружувањето во кое се наоѓа.[7]

Постојат два вида одговорност:

**1. Лична одговорност**
Егзистенцијалната одговорност што ја имаат сите луѓе од првиот ден на животот, која се однесува на нивниот сопствен интегритет – нивните мисли, емоции, однесувања, тело, идеи, желби, верувања, соништа итн.

**2. Општествена одговорност**
Одговорност за семејството, групата во градинка, за општествените правила, почитувањето на законот итн.

Разликата помеѓу овие два вида одговорност се состои во тоа што општествената одговорност може да се пренесе на друго лице. На пример, ако се разболам, колегата може да ја преземе мојата работа. Никој освен нас не може да ја преземе личната одговорност (иако не секој ја презема својата).

Преземањето лична одговорност е показател за менталното здравје преку активно практикување одговорност за она што го велиме, што го пиеме, што го јадеме, за границите што ги поставуваме кон други луѓе, ако може да кажеме не – или ако се грижиме за своите граници, начинот на кој го третираме нашето тело, мислите, дали ги преминуваме своите граници итн.

Преземањето лична одговорност е предуслов за општествената одговорност. Децата што добиваат поддршка во преземањето одговорност за себе, автоматски преземаат општествена одговорност (Јул, Ј., 1995). Тоа го постигнуваме преку покажување интерес, прифаќање, именување, земање предвид на интегритетот на детето во секојдневниот живот. Ситуациите го учат детето да се грижи за својот интегритет.

Личната одговорност (соодветно и општествената одговорност) се развива од стручните лица (и возрасните генерално) преку повторување на професионалните искуства што имаат за цел раз-

вивање на самосвест и саморегулација. Самосвеста се разбира како способност да се препознаат своите емоции и мисли, а нивното влијание врз однесувањето вклучува прецизно проценување на своите предности и ограничувања.[xii]
Саморегулацијата подразбира способност ефективно да се регулираат своите емоции, мисли и однесувања во разни ситуации. Тоа опфаќа стрес, контролирање на импулсите, мотивирање на себеси.

Кога зборуваме за односите:

- Помеѓу децата и возрасните значи одговорност на возрасните за квалитетот на односите, на пример, детето не може да биде одговорно за своите односи со родителите бидејќи тоа целосно зависи од нив, така што тоа ќе им се прилагоди ним и на нивните насоки и одгледување и нема да ги спори. Оттаму, квалитетот на односите дете – родител секогаш и ексклузивно е одговорност на родителот сè додека детето е дете по возраст. Во градинките, воспитувачите се одговорни за квалитетот на односите со децата. Нивната способност да преземат одговорност за секое дете поединечно и за група деца е вредно бидејќи со тоа се зајакнува нивниот личен авторитет и се спречуваат нарушувања на личниот интегритет на двете страни.
- Во интеракцијата помеѓу возрасни во кои еден има повеќе моќ од другиот (асиметрични односи), одговорен е оној што има повеќе моќ.
- Во интеракцијата помеѓу еднакви возрасни (симетрични односи), двајцата се подеднакво одговорни за квалитетот на процесот и за неговите последици за поединецот и за заедницата, како позитивни, така и негативни.

Одговорноста често се меша со чувството на вина. Не постојат знаци на еднаквост помеѓу одговорноста и вината.
Да се биде одговорен значи дека сме одговорни да се набљудуваме себеси и другите (дете, деца) во интеракцијата и да одговараме на познати и непознати ситуации на нов и поинаков начин.

Одговорноста се однесува на:
• Самосвест;
• Интерес за другиот;
• Проактивност, а не реактивност во односите;
• Иницирање поправање на односот ако се случило нарушување.

Во исто време, одговорното стручно лице се следи себеси (своите мисли, емоции, состојби), презема одговорност за нив (на пример, се смирува ако е вознемирен), ја следи другата страна (заинтересиран е за другата перспектива) и е усогласен со своите професионални компетенции, закони и етика. Професијата делува земајќи ги предвид потребите на другата страна (дете, родител) до највисоко можно ниво.

## 4.4. Еднакво достоинство

Во основата на концептот на ЕДНАКВО ДОСТОИНСТВО е сфаќањето дека СИТЕ ЛУЃЕ, без разлика на возраст, род, искуство или однесување, имаат еднаква човечка вредност и право на свое достоинство.

Во однос на детето, тоа значи:
- да бидете заинтересирани за потребите, желбите, мислите, соништата, емоциите итн.;
- да ги сфаќате сериозно неговите грижи;

- интегрирање во семејството или во групата согласно со вашите лични/професионални вредности, искуства или мудрост.

Ова не значи безусловна согласност со барањето на секое дете, туку длабоко почитување на нивните чувства и мислења.

Забележете ја разликата помеѓу овие две реченици:

„Гледам дека ти се допаѓа оној балон. Многу е убав и шарен. Нема да ти го купам сега“.
„Постојано измислуваш нешто. Дома имаш илјада играчки и постојано бараш да ти се купат нови“.

Во однос на возрасните, тоа значи дека ставовите, чувствата, искуствата, идеите за себе на сите учесници во односот се вредни за воспоставување на односот и дека ништо не се одбива затоа што некоја од страните го смета за детско, незрело, нереално, женско, машко и слично.

Овој принцип се залага за односи засновани на динамика од субјект со субјект, а не субјект со објект. Имено, од нас бара да ги признаеме и да ги потврдиме компетенциите и човечкото достоинство на детето како и на другите возрасни и да ги третираме во согласност со таа претпоставка.

Но, тоа значи и дека се третираме СЕБЕСИ со еднакво почитување, и давање право да имаме и да ги практикуваме својот интегритет, мисли, желби, граници.

Повеќето од нас израснале во односи каде што сме биле во позиција на објект. И лесно ни е да гледаме на односите со децата или со родителите од висина или да се понижиме во односите со нив.

Вредноста на ЕДНАКВОТО ДОСТОИНСТВО не е едноставна и бара свест и практика. Тоа е динамичен процес на односи. Не е таква вредност што кога еднаш ќе се воспостави, останува засекогаш. Треба постојано да се прилагодува на новите околности. Во практиката тоа значи и дека некои насоки и норми на институцијата мора да бидат дефинирани преку постојан дијалог со децата и со родителите.

### 4.4.1. Комуникација или препознавање

Комуникацијата со препознавање не е само надворешна комуникациска техника, туку повеќе својствен животен став. Оваа перспектива, како што предложија Јул и Јенсен во 2014 година, го нагласува значењето на овој пристап.

Препознавањето претставува стил на разговор вкоренет во капацитетот и подготвеноста на професионалците да покажат отвореност, чувствителност и емпатија кон перспективата и сликата за себе на друго лице. Препознавањето вклучува навлегување подлабоко од површинските однесувања, како што е остроумниот отпор на родителите во говорот на телото и покрај вербалното согласување или разбирање на исконскиот страв и беспомошноста зад агресивното однесување.

Препознавањето значи да се гледа надвор од рамките на очигледното однесување на некое лице, да се биде заинтересиран да се види, на пример, отпорот на родителот преку неговиот говор на телото кога вели „да“ на одреден аргумент; стравот и беспомошноста кога се однесува агресивно.

Забележете ја разликата помеѓу овие две реченици:

„Мајко, нема зошто да плачеш, твоите деца треба да те видат како се смееш“.
„Ми изгледа дека не ви е лесно да ја слушате оваа тема“.

Професионалците се обучуваат да создаваат работилници, согледувајќи ја важноста на родителите да се вклучат во игра и да учат со своите деца, бидејќи тоа значително влијае на интелектуалниот развој на детето. Сепак, согледувајќи ја важноста да се биде усогласен со перспективите на родителите, може да се каже: „Ми се чини дека можеби сте со извесна резерва во врска со активноста што ја дизајниравме. На родителите понекогаш им е необично да се вклучат во игра со нас, “ благодарам да ги слушнеме вашите грижи“.

Комуникацијата со препознавање влева кај другите чувство дека се навистина „видени“, додека осудувачката или евалуациската комуникација често ги остава поединците да се чувствуваат изложени, осудувани или етикетирани.

Чинот на „гледање“ може или да го потврди постојното самоспознавање или да доведе до нови сознанија. Кога на врските им недостига ова искуство да бидат вистински „видени“, поединците може да се чувствуваат неслушнати, и покрај тоа што ги слушаат. Многу поединци или семејства под ризик потврдуваат дека доживуваат недостиг на вистинско признание во нивните интеракции со другите, како што беше истакнато од Јул и Јенсен во 2014 година.

Стручното лице има задача да биде и модел за тоа како може другите луѓе се сфатат сериозно, без потреба од придржување до нивните ставови, желби или верувања.

### 4.4.2. Личен јазик

За разлика од професионалниот говор, што ја определува рамката на комуникацијата помеѓу различните професии и се стреми кон објективност, личниот јазик ги пренесува личните мисли, вредности и чувства на поединецот на начин што се стреми кон максимално усогласување на внатрешните искуства со надворешниот израз. Тој е најавтентичен израз на личниот интегритет.

Тој е најважен во поглед на воспоставувањето контакт, изразувајќи препознавање, надминување на конфликтот.

Личен јазик:
- Го прави говорникот близок и јасен во контактот.
- Го зајакнува чувството на говорникот за својата вредност.
- Тој е важна алатка за самоуправување – односно преземање лична одговорност.
- Инспирира друг простор за лично знаење и реакција.
- Не го нарушува интегритетот на другото лице.

Од суштинско значење е да се направи разлика помеѓу личниот јазик и безличната комуникација. На пример:

„Марко лошо комуницира и не е фокусиран“.
„Кога е со мене, Марко изгледа незаинтересирано во комуникацијата и тешко ми е да го привлечам неговото внимание. Важно ми е да го видам и во други односи“.

„Телефоните мора да бидат исклучени“.
„Би ми значело ако го исклучите вашиот мобилен телефон. Многу ме вознемирува“.

Личниот јазик се однесува на вербалните и невербалните аспекти на пораката.

Вербалната компонента често започнува со употреба на лични заменки како „јас“, дозволувајќи им на поединците да ги артикулираат своите уникатни искуства во специфични интеракции или односи:

„Јас сум спремен/спремна да ги слушнам вашите критики ако мислите дека сум ве третирал/а лошо, но не сакам да ми викате“.
„Обично, барем малку, го продолжуваме траењето на работилницата. Денес сум уморен/уморна и сакам да завршиме навреме“.

Невербалните знаци мора да се усогласат со вербалниот дел за да дадат автентичност и суштина..

Нема рецепт за личниот говор. Тој е индивидуален!

**Запомнете: Личен не значи навлегување во приватното!**
Да се биде личен значи изразување на своите реакции, ментални и емоционални. Да се навлезе во приватното значи да се зборува за својот приватен живот, за други луѓе...

Кооперативниот однос со родителите може да биде успешен без ниту една страна да навлегува во приватното. Сепак, останува клучното прашање дали соработката навистина може да напредува без прифаќање на личниот јазик.

## 4.5. Позитивно родителство

Запомнете: Грешките се одлична можност за учење.

Алфред Адлер ја предвиде идната насока на помошните професии со повикување стручните лица да станат општествени активисти за справување со превенцијата и решавање на социјалните услови што биле спротивни на општествениот интерес и резултирале со проблеми за луѓето. Тој вели дека општествениот интерес е показател за менталното здравје.

Психолозите од школата на Адлер го користат германскиот збор „Gemeinschaftsgefühl“ (од „Gemeinschaft“ – заедница, соседство + „Gefühl“ – чувство) – „битие во заедница“ или „општествен интерес“ за да ја опишат состојбата на општествената поврзаност и интерес за добросостојбата на другите со која се карактеризира психолошкото здравје. Принципите на Адлер инсистираат дека професионалната работа е важна за да се грижи за сограѓанинот и да се има искрена желба за да се придонесе во општеството.

Пионерските напори на Адлер во услугите за превенција во областа на општото здравје го наведоа сè повеќе да ја застапува улогата на психологијата на поединецот во училиштата и во семејствата. Бидејќи психологијата на поединецот се базира на моделот на раст, а не на медицински модел, таа е применлива на повеќе различни сфери од животот, како што се насочувањето на децата, советувањето родители – деца, брачното советување, семејната терапија, групното советување, поединечното советување со деца, адолесценти и возрасни, културните конфликти, корективното и рехабилитационото советување и установите за ментално здравје.[xiii]
И светски познатиот пристап во работата со деца и родители, позитивна дисциплина (Нелсен, Ј.), се базира на пристапот на Адлер.[xiv]

За потребите на прирачникот, издвоивме седум принципи на Адлер што даваат поширок увид во човековото однесување, што веруваме дека претставува добра основа за градење на односите со родителите (Нелсен, Ј., 2000). Објаснувањата се ориентирани кон разбирањето на однесувањето на децата, а нивната примена на возрасните ќе биде очигледна.

1. Човековата личност се разбира преку нејзиното обединување модели – животниот стил.

Личноста е повеќе од здравствени, општествени односи, статус или ментални способности. Етикетите и категориите за децата и за родителите придонесуваат за фрагментарна анализа на однесувањето. На пример, родителите може да се сметаат за „тешки“, „дека пружаат отпор“ или да добијат други вообичаени описи. Може ли да погледнеме надвор од етикетата? Како поинаку да го опишеме тој родител? Или дете?

2. Децата се социјални битија.

Однесувањето се определува во рамките на општествениот контекст. Децата донесуваат одлуки за себе и како да се однесуваат врз основа на она што го гледаат во односите со другите и што мислат дека другите чувствуваат за нив. Запомнете дека децата постојано донесуваат одлуки и формираат верувања за себе, за светот и за она што им треба да опстанат или да напредуваат.

3. Однесувањето е насочено кон целите и намерите.

Однесувањето се базира на целта што треба да се постигне во општествениот контекст. Примарната цел е припадноста (во група, семејство или група во детска градинка) и чувството на значење за другите. Децата несвесно ги знаат целите што се надеваат дека ќе ги постигнат. Понекогаш имаат погрешни идеи за тоа како да го постигнат она што го сакаат и се однесуваат на начини со кои го постигнуваат спротивното на нивната цел. Рудолф Драјкурс го објаснува ова кога вели: „Децата добро перципираат, но лошо толкуваат“.[xv]

На пример, тие може да сакаат да припаѓаат, но делуваат неприфатливо со нивните напори да ја постигнат таа цел. Тоа може да стане маѓепсан круг. Колку повеќе нивното однесување предизвикува непријатност или бес, толку понеприфатливо може да делуваат бидејќи сакаат да припаѓаат. Кога реагираме на однесувањето, го обесхрабруваме и го поттикнуваме однесувањето. Кога делуваме смислено и со нежност и цврстина, може да го охрабруваме, но однесувањето веројатно ќе се промени.

Напорите на малите деца да припаѓаат во семејството може да бидат помогнати ако родителите и стручните лица можат да најдат начин овие деца да дадат значаен позитивен придонес.

4. Дете што се однесува лошо е обесхрабрено дете.

Детето што се однесува лошо се обидува да ни каже: „Не чувствувам дека припаѓам или дека имам значење и имам погрешно верување како тоа да го постигнам“.
Кога детето се однесува неприфатливо, на возрасните им е многу тешко да видат што стои зад однесувањето и мислат на незадоволените потреби на детето. Разбирањето на овој концепт е првиот чекор возрасните да бидат поефективни во охрабрувањето на децата што се однесуваат лошо. Тој помага да се разбие кодот и да се прашаме себеси: „Што навистина се обидува детето да ми каже?“ Запомнете, детето не е свесно за неговата кодирана порака, ама ќе се чувствува длабоко разбрано кога се справувате со скриеното верување наместо да реагирате само на однесувањето.

5. Еднаквост

Еднаквоста не значи сите да бидат исти. Адлер под еднаквост подразбира дека сите луѓе имаат еднакво право на достоинство и почит. Иако сме свесни дека возрасните имаат поголемо знаење, искуство, животна мудрост, повеќето возрасни би се согласиле дека по вредност децата им се еднакви. Добар пример би бил: банкнота од 10 денари и две монети од 5 денари – не изгледаат исто, но имаат иста вредност.

6. Грешките се одлични можности за учење.

Ова е еден од најохрабрувачките концепти, а сепак еден од најтешко достижните во нашето општество. Сите сме несовршени. Она што треба да го постигнеме е храброста да ги промениме нашите верувања за несовршеноста што нѐ оневозможуваат. Во светот не постои совршено човечко суштество, а сепак, секој бара совршеност од себе и од другите, особено од децата.

7. Осигурете се дека ќе се пренесе „пораката на љубов“.

Често нѐ учат дека е важна намерата. Меѓутоа, освен нашата намера, важно е и другите да ги почувствуваат нашите добри намери преку нашите постапки. „Можеме ли чувството на љубов да го претвориме во однесување за другите да ја почувствуваат љубовта?“
Во професионалната улога не чувствуваме љубов за родителите со кои работиме, но претпоставката е дека повеќето професионалци се грижат за добросостојбата на децата и на нивните семејства.

Забележете како верувањата на родителите и на стручните лица се критични за да се разбере и да се промени однесувањето. Многу од овие идеи никогаш не им биле познати на родителите. Поради тоа, односот помеѓу стручното лице и родителот има силен образовен акцент. Стручното лице е одговорно да разбере што стои зад однесувањето, односно да се заинтересира да види дека зад неприфатливото однесување има некои незадоволени потреби.

## 4.6. Комуникација

Запомнете: Подразбирањето секогаш е неразбирање.

Што е комуникација?

Терминот комуникација доаѓа од латинскиот збор да се комуницира – да се направи општо, заедничко, и има повеќе значења:
- Соопштение, презентација, предавање;
- Комуникација, врска, поврзување на една точка со друга[xvi].

Квалитетот на односите често зависи од квалитетот на комуникацијата (но не само од тоа). Поради тоа, во овој дел од прирачникот ја нагласуваме една од најважните теории на комуникацијата – законите на комуникацијата на Вацлавик, решение што се фокусира на комуникацијата, како и на повеќе комуникациски вештини критични за практичната работа со родителите[xvii].

### 4.5.1. Законите на комуникацијата на Вацлавик

Законите на комуникацијата на Пол Вацлавик ни помагаат подобро да го разбереме процесот на комуникација и се важни за разбирање на нарушувањата на комуникацијата во секојдневните разговори, советувања, групна работа и во други професионални форми на работа.

Вацлавик ги обединил основните знаења за процесот на комуникација во пет закони:

1. Невозможно е два лица да не комуницираат во ситуација кога ќе се видат.
2. Секоја комуникација се состои од два аспекта: содржина и процес.
3. Природата на односот на комуникација е условена од точките од кои почнува комуникацијата.
4. Комуникацијата може да биде симетрична или комплементарна.
5. Комуникацијата може да тече на дигитално (вербално) и аналогно (невербално) ниво.

**1.** Како што вели Вацлавик, **невозможно е два лица да не комуницираат во ситуација кога ќе се видат**. Дури ако молчат, ако си го свртат грбот, гледаат надолу, тоа однесување содржи одредена порака – „Не сакам да продолжам со разговорот“ или „Не сакам да почнам разговор“.

Во работата со родители, согласно со овој закон, може да станеме свесни за ефектот на некои од нашите однесувања врз развојот на одреден професионален однос. Оттаму, на пример, ако лицето со кое се обидуваме да разговараме упорно молчи или одговара со ДА или НЕ, тоа ни испраќа порака дека, од некоја причина, не е расположено за разговор. Таа порака може да ја вклучиме во разговорот. Може да кажеме: „Од вашите куси одговори гледам дека овој разговор не ви е пријатен.“ Потоа, многу е поверојатно дека разговорот „ќе се придвижи“.

Или, ако не одговориме на изјава на родителот, му испраќаме одредена порака. Родителот може да заклучи дека нешто не е во ред, дека не ни се допаѓа она што го вели или дека она што го вели не е важно.
Ова разбирање на комуникацијата е особено важно кога работите со родители. Препознавањето на влијанието на нашето однесување врз развојот на професионалните односи е клучно. На пример, ако родителот одговара со упорна тишина или кратки одговори со „да“ или „не“, тоа ја сигнализира неговата неподготвеност да се вклучи во разговорот. Признавањето на оваа порака може да доведе до попродуктивна размена. Слично на тоа, неодговарањето на изјавата на родителот исто така пренесува порака, потенцијално сугерирајќи проблем или недостиг на интерес за нивниот придонес.

**2. Секоја комуникација се состои од два аспекти: содржина и процес.**
Аспектот на содржината на комуникацијата се однесува на карактеристиките на предметите, луѓето, описите на настаните. Процесниот аспект на односот во поглед на содржината и давателот на пораката. Двата аспекта се присутни во секој однос на комуникација.

Димензијата на содржината влијае врз димензијата на процесот помалку отколку обратното. Оттаму, на пример, ако врската помеѓу воспитувачот и родителот е напната и ако родителот има искуство дека воспитувачот не го прифаќа, за родителот е подобро да ја прифати истата порака од стручниот соработник отколку од воспитувачот во детската градинка.

Во психотерапевтската практика е добро познато дека процесот во едно семејство или група може да има три квалитети.
• Процесот создава симптом, поединецот развива деструктивно или самодеструктивно однесување што е ново во даден однос и не мора да се појави во други односи.
• Процесот го одржува симптомот, односно деструктивното или самодеструктивното однесување што го има развиено поединецот пред да влезе во односот и не го развива понатаму, ниту го слабее.
• Процесот го лекува симптомот, деструктивното или самодеструктивното однесување бледее или прекинува во тековниот однос и во новите односи[xviii].

**3. Природата на односот на комуникација е условена од точките од кои почнува комуникацијата.**
Секој соговорник има почетна точка за почнување на протокот на комуникација, односно перципира одреден аспект на настанот како почеток на комуникацијата. Тоа е од особена важност за разбирање на каузалноста.

На пример, кога мајката го обвинува таткото за провокативно однесување бидејќи никогаш не е дома, а таткото ја обвинува мајката дека тоа е поради тоа што таа е премногу лежерна. И тие се вртат во круг. Познавањето на овој закон е многу корисно за набљудувањето и за разбирањето на односите со родителите.

Стручно лице запознаено со овој закон нема да ги бара причините и да учествува во утврдувањето на „објективната вистина“ за тоа кој е „виновен“ за тековното нарушување на односот. Во ваква ситуација, важно е да им се помогне на луѓето да ја видат кружната врска на нивното однесување.

**4. Комуникацијата може да биде симетрична или комплементарна.**
Симетричната комуникација имплицира односи базирани на еднаквост, а комплементарната комуникација имплицира односи што се базираат на разлики (секогаш има две различни позиции – надреденост и подреденост). Комплементарните врски се базираат на општествените односи и улоги (на пример, односите наставник – ученик) или на карактеристиките на поединците во одреден однос на комуникација (на пример, доминација и потчинетост).

**5. Комуникацијата може да тече на дигитално (вербално) и аналогно (невербално) ниво.**
Разликата помеѓу дигиталната и аналогната комуникација е значителна бидејќи двата аспекта често се случуваат истовремено. Со тоа ја менуваме содржината и аналогниот процес.
Важно е да се има на ум дека пораките испратени преку овие канали за комуникација може да бидат обратни и покрај тоа што двата аспекти на комуникацијата често се одвиваат истовремено.
Ако сме лути или вознемирени во текот на разговорот со родител и кажеме: „Само продолжете, она што го кажувате е многу интересно,“ тоа нема да биде убедливо. Поради големата важност на невербалната комуникација, подолу ќе му обрнеме посебно внимание на овој аспект.

## 4.7. Комуникација што се базира на решение

Запомнете: Побарајте решение, а не кого да обвините.

Потекнува од клиничката практика на Стив Де Шазер и Инсо Ким Берг,[xix] во Центарот за куса семејна терапија во Милвоки, Висконсин, во почетокот од 80-тите години на 20 век. Оваа терапија става акцент на конструирањето решенија пред решавањето на проблемите. Главната терапевтска задача е да му се помогне на клиентот да замисли како би сакал нештата да бидат поинакви и што треба да се направи за тоа да се случи. Малку внимание им се посветува на дијагнозата, истражувањето на минатото или на истражувањето на проблемот. Терапијата ориентирана кон решението е еден од најпопуларните пристапи поради акцентот на непатолошката перцепција на поединецот. Претставниците на оваа насока тврдат дека проблемот се јавува кога формите на однесување што претставуваат само дел од нечија личност ќе станат негов целосен идентитет. Исто така, тие тврдат дека многу почесто сме фокусирани на барање на грешките наместо на решенијата. И суштината на квалитетната врска на соработка е способноста да се насочи барањето решенија.

Важно е да се потенцира дека Стив Де Шазер и Инсо Ким Берг по образование се социјални работници и нивниот терапевтски модел на работа со семејствата ги има сите карактеристики на вредностите на кои се базира овој прирачник.

Веруваме дека избраните елементи на овој модел претставуваат конкретна поддршка за стручните лица за градење односи и вклучување на родителите во работата на градинките.

Избрани елементи на овој модел што може да ви бидат корисни во вашата работа се:

**1. Што треба да се случи за да кажете дека вредело што сте дошле на оваа работилница?**
Ако требаше да го разрешиме овој конфликт, што би забележале прво ако беше различно? Разговорот со родителите примарно се фокусира на интересите, мотивацијата, компетенциите, верувањата на родителите. Бидете заинтересирани да дојдете до перспективата на родителите и да ја прифатите. Не мора да се согласите со неа, но важно е да ја почитувате.

**2. Што е поинаку од периодите кога ___________ (се согласувате кога одбирате родителство итн.)**
Посветете им внимание на исклучоците, барајте примери кога нема проблем, односно прибираме информации за успешни форми за справување со предизвиците.

За повеќето луѓе е тешко веднаш да се сетат на некој исклучок, но ако сме малку поупорни, повеќето од нив на крајот ќе опишат бројни варијанти со кои се карактеризира она што се случува кога нема проблеми.

Овде клучно е да се заземе став што индицира дека вие како стручно лице би биле изненадени ако нема исклучоци. Ако родителот и понатаму изгледа збунето, за да „се заврти тркалото“ може да предложиме некои можности што може да бидат причина за нештата да се одвиваат без проблеми.

Повторно, запомнете дека не прашуваме: „Дали имаше период кога...?“, бидејќи овие зборови нема да допрат до нашата цел за демонстрирање на верувањето дека добри работи се случуваат. Целта секогаш е формулирана на позитивен начин. „Кога ќе се согласувате“ наместо „Кога нема да се карате.“ Сакаме луѓето да мислат на согласување, а не на карање. „Некарањето“ и понатаму предизвикува слики на караница (исто како кога, на пример, некому ќе му речете: „Немој да замислуваш слика на виолетов цвет“ и веднаш замислува слика на виолетов цвет).

**3. Мотивациски прашања**
Со овие прашања можеме да процениме како родителите доживуваат одредени активности, дали имаат различни цели од нашите.

- Ако на скала од 1 до 10, 10 значи дека сте спремни да направите сè што е во ваша моќ да го решите проблемот, а 1 значи дека не сакате решение, каде ќе се позиционирате?
- Што треба да се случи ако дојдете од број 2 до број 5?

Волшебно прашање: Да претпоставиме дека во текот на ноќта се случило чудо и предизвикот (проблемот) што сте го имале (со дете, воспитувач....) исчезнал. Не знаете дека тоа се случило. Кога следниот ден ќе дојдете во градинката, што прво ќе забележите?

**4. Поставување лични прашања**
Личните прашања му помагаат родителот да ја види ситуацијата од повеќе агли, тие овозможуваат поглед од друга перспектива.

- Како би реагирал вашиот сопруг доколку се приклучите во родителската група?
- Што вели вашата сопруга за тоа?
- Кој прв ја забележа вашата промена?
- Како мислите дека се чувствува вашето дете кога го правите тоа?

**5. Нормализација**

Фокусирајте се на гледање на работите во животот на детето, родителот или семејството како нормални, секојдневни настани, а не како психолошки или патолошки прашања. Оваа „нормализација“ на однесувањето и на искуствата може да е директна кога ќе кажеме нешто како: „Па, тоа е разбирливо“, а потоа во секојдневна рамка ќе ја ставиме ситуацијата што тие ја презентирале како психолошка или патолошка во секојдневната рамка.

Најчест начин на кој нормализираме е кога кажуваме нешта како: „нормално,“ „сигурно,“ „да“, „тоа често се случува,“ „звучи познато“ – кога луѓето кажуваат нешта што мислат дека се необични или патолошки.

На пример:
„Да, скоро секој би се чувствувал како вас во таква ситуација.“
„Секако, пополнувањето обрасци може да биде збунувачко.“
„Многу деца на таа возраст се однесуваат така.“
Понекогаш најдобро нормализираме индиректно со она што не го кажуваме, со она за коешто не сме вознемирени. Замислете го смирувачкиот ефект кога „стручното лице“ не е вознемирено од вашиот опис на проблемот. Оваа реакција ги тера родителите да мислат дека нештата можеби не се толку лоши како што мислеле.

**6. Комплименти**

Стручното лице треба да биде чувствително при признавањето и именувањето на секој и секаков вид придонес во соработката.

- „Имајќи на ум дека сте самохрана мајка која е многу совесна со своите деца и дека ја немате поддршката на семејството, импресиониран/а сум што толку добро ви оди.“
- „Знам дека не ви беше лесно да се организирате и да дојдете на работилницата бидејќи работите, но го ценам тоа што дојдовте.“

Понекогаш, за да се нормализира презентираниот проблем во форма на комплимент, ги вадиме од контекст нештата што ги вели родителот. Потенцираме одредени аспекти на ситуацијата што родителите ги спомenале само попатно.

На пример, ако мајката рекла: „Знам дека треба да ѝ дозволам на ќерка ми да ги рашири крилјата, но тоа е премногу тешко за мене,“ подоцна може да ѝ дадеме комплимент: „Восхитен/а сум од тоа што ја гледате важноста на вашата ќерка да ѝ дадете шанса да стане понезависна. Некои мајки не го препознаваат тоа, односите со нивните ќерки им се затегнати.“

**Комплиментите не се ласкање**! Важно е тие да се автентични и навистина да верувате во она што го велите, а не да ги користите само како „техника за придобивање“ на родителите.

**ЗАБЕЛЕШКА!**

Не заборавајте да ги набљудувате реакциите на родителите и соодветно, ако е потребно, да ги менувате вашите постапки.
На секој родител не му се допаѓа секој пристап. Вообичаена грешка е ригидно да се фокусирате на позитивните работи и покрај тоа што родителот постојано ги дисквалификува, како вербално така и невербално. Ако инсистирате да продолжите во оваа насока, го загрозувате односот со

родителот. Во најдобар случај, родителот би можел да прокоментира: „Мислам дека не ја разбирате мојата ситуација“, а во најлош случај нема да воспоставите однос на соработка.

**Прашања за размислување**

- Како овој теоретски концепт се вклопува во вашата работа со родителите?
- Дали во вашата работа веќе применувате некои од погоре опишаните принципи? Кои?
- Кои елементи би можеле да ги користите во вашата работа?
- Што би ви било тешко?

## Прилог: 1 Самопроцена на професионалниот развој

Компетенции засновани на односи за поддршка на вклученоста на родителите

| Знаење, вештини и практики | Имам солидно разбирање и вештини и продолжу-вам да растам во оваа област. | Напредувам во моето разбирање, вештини и раст во оваа област. | Ми треба поддршка за да научам повеќе. | Во мојата стручна практика би сакал/а да се фокусирам на оваа област. |
|---|---|---|---|---|
| Ги разбирам политиките за вклучување на родителите од Законот за предучилишно образование. | | | | |
| Ги разбирам политиките/пристапот на мојата детска градинка за вклучувањето на родителите. | | | | |
| Сигурен/сигурна сум дека ги поседувам културните компетенции за да работам со семејства со различно потекло. | | | | |
| Отворен/а сум за нови можности за вклучување на родителите во работата на детската градинка. | | | | |
| Се чувствувам сигурен/сигурна во мојата способност да градам ефективни врски со семејствата на децата што ги учам. | | | | |
| Го споделувам напредокот на децата на начин што има смисла и што е разбирлив за родителите. | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ги охрабрувам повратните информации од родителите. | | | | |
| Лесно ми е да му дадам повратни информации на родителот, дури и ако се негативни. | | | | |
| Родителите внимаваат на моите сугестии за тоа како можат да им помогнат или да ги поддржат своите деца. | | | | |
| Им давам голема поддршка на родителите и на улогата што ја играат во развојот и учењето на нивните деца. | | | | |
| Лесно ми е да поставам професионални граници со родителите. | | | | |
| Лесно ми е да ги прилагодам моите интервенции на секој родител или семејство. | | | | |

## Прилог: 2

Листа за рефлексија за професионален развој (за поединечни разговори со родители)

| | |
|---|---|
| Име: | |
| Датум: | |
| Причина за состанокот: | |
| Рефлексии што му претходеле на состанокот (претходни искуства од работата со родителите, план за работа, важни теми, чувства на стручното лице) | |
| Процесот во текот на состанокот (што забележавте во текот на состанокот – невербална комуникација, вашите чувства, атмосферата на разговорот) | |
| Рефлексии по состанокот (Што им беше од помош на родителите? Што можев да направам поинаку? Како родителите влијаат врз мене? Како влијаам врз семејството? Моите чувства по состанокот? Лични/семејни теми иницирани од семејството?) | |
| Влијание на родот, културата, социјалниот статус, вредностите итн. | |
| Што научив од овој состанок? (Што сметам дека е важно/на што треба да внимавам во мојот понатамошен професионален развој?) | |

## Прилог 3: Евалуација за родителите

Отпечатете образец за евалуација за секој родител. На родителите што користат Гугл форм може да им ја испратите евалуацијата онлајн. На почетокот на работилницата, кога зборувате за агендата на работилницата, спомнете дека на крајот од состанокот на родителите ќе им дадете куса евалуација.

На крајот од работилницата поделете им ги евалуациите на родителите. Замолете ги да останат уште неколку минути за да пополнат кус прашалник. Потенцирајте им на родителите дека евалуацијата е анонимна и дека има за цел да ја подобрите вашата работа. Заблагодарете им се за соработката.

**Евалуација**
Датум:

1. Пол

а) Женски

б) Машки

2. Ве молиме да го оцените вашето задоволство од квалитетот на содржината на работилницата (од 1 до 5, каде што еден значи незадоволен, а пет значи целосно задоволен).
   1……  .2 …… 3 …… .4 …… 5

3. Според вашето мислење, наставникот во предучилишно образование ги зема предвид претходното знаење и искуства на родителите (од 1 до 5, каде што еден значи не се согласувам, а пет значи целосно се согласувам).
   1……  .2 …… 3 …… .4 …… 5

5. Најмногу сакав да учествувам кога...
4. Најмалку сакав да учествувам кога…
5. Што од работилницата ви остави најсилен впечаток (позитивен или негативен)?
6. Дали има нешто што не ве прашавме, а што сакате да го споделите со нас?

## Прилог 4: Евалуација за стручните лица

Мошне важно е модераторот на работилницата да ја пополни евалуацијата по состанокот со родителите. Евалуацијата може да ви помогне да развиете рефлексија и да ја подобрите својата работа.
Евалуацијата може да ви биде важна во текот на надзорните состаноци и ќе ја користиме како материјал за понатамошна работа и подобрување на компетенциите за спроведување.

**Евалуација**
Назив на работилницата:
Име на стручното лице:
Датум:

1. На работилницата присуствуваа __________________ (број) родители.
2. Според вашето мислење, кои се добрите страни на работилницата што ја спроведовте?
3. Наведете ги проблемите и тешкотиите во спроведувањето на обуката (доколку ги имало).
4. Што би направиле поинаку во следната реализација на работилницата?
5. Според вашето мислење, што беше најважното нешто што го стекнаа родителите за време на работилницата?

## Прилог 5. Колегијална рефлексија

Колегијалната рефлексија се гледа како модел на структурирана рефлексија меѓу врсници.

Целта е да се подобрат професионалните компетенции, да се изгради доверба, самодоверба и да се подигне професионалната самодоверба во рамките на група професионалци.
Го поддржува развојот на размислување и квалификуван професионален дијалог во колегијалната работа.
Поддржува изнаоѓање начини за професионална и релевантна акција во односите со децата и родителите.
Колегијалното размислување е одличен модел за учење во конфликтни ситуации.
Клучно е да се земе време предвид: една средба треба да трае најмногу 60 минути.

Откако ќе изберете кои ќе бидат личноста во фокусот и личноста за дијалог, следуваат следните активности или чекори:

Размислување на темата врз основа на следните прашања. Лицето за дијалог поставува прашања до личноста во фокусот, додека набљудувачите слушаат без да коментираат (15 мин.).

1. Што веќе знаете за себе и за темата? (детален опис)
2. Кои се вашите размислувања и размислувања за темата?
3. Кои прашања, сомнежи и несигурности се присутни?
4. Што значи оваа тема за вашиот професионален живот?
5. Дали темата лично влијае на вас и како?
6. Како би го опишале вашиот однос со чинителите поврзани со темата на која работите?
7. Кое е вашето прашање? Што сакате да добиете од групата?

1. Идеи, предлози или корисни совети од лична перспектива од страна на групата, насочени кон личноста чие прашање било во фокус. Идејата е набљудувачите да ги споделат своите искуства и перспективи наместо да истражуваат во темата или да даваат совети за личноста во фокусот (15 мин.).
2. Личноста во фокусот размислува за да одреди што било корисно меѓу сето она што го слушнале (10 мин.).

# Литература:

Ajduković, M. (ur.) (2009.) Refleksije o superviziji. Međunarodna perspektiva. Zagreb: Biblioteka socijalnog rada

Ajduković, M., Radočaj, T. (2008) Pravo djeteta na život u obitelji, Strućna pomoć obiteljima s djecom i nadzor nad izvršavanjem roditeljske skrbi kao proces podrške za uspješno roditeljstvo. Zagreb: Ured UNICEF-a za Hrvatsku

Bašić, J., Hudina, B., Koller – Trbović, N., Žižak, A. (2005) Integralna metoda u radu s predškolskom djecom i njihovim roditeljima – priručnik. Zagreb: Alineja

Čačinovič Vogrinčič G. et al. (2007) Uspostavljanje suradnog odnosa i osobnog kontakta u socijalnom radu. Zagreb: Biblioteka socijalnog rada

Cajvert, L (2001). *Kreativni prostor terapeuta*. Sarajevo: IP Svjetlost

Dalos, R., Drejper, R. (2012) Sistemska porodična psihoterapija. Teorija i praksa. Novi Sad: Psihopolis
Dinkmeyer, D., Carlson, J., (2006). CONSULTATION. Creating School-Based Interventions. New York: Routledge

Dinkmeyer, D., Carlson, J., (2006). CONSULTATION. Creating School-Based Interventions. New York: Routledge

Dreikurs, R. (1991) Children the challenge. New York: Plume; Reissue edition

Eeva Hujala , Leena Turja , Maria Filomena Gaspar , Marika Veisson & Manjula Waniganayake (2009) Perspectives of early childhood teachers on parent–teacher partnerships in five European countries, European Early Childhood Education Research Journal, 17:1, 57-76,

Fitzgerald, D. (2004). Parent Partnership in the Early Years. London/New York: Continuum.

Golding, K. (2017.) Foundations for attachment training resource. The six-session programme for parents of traumatized children. London: Jessica Kingsley Publishers

Harris A., Andrew-Power K., Goodall J., (2009) Do parents know they matter?: raising achievement through parental engagement. London: Continuum International Publishing Group

Henderson, A. T., Mapp, K. L. (2002). A new wave of evidence - The impact of school, family, and community connections on student achievement. Austin: National Center for Family and Community Connections with Schools.Stern

Jensen, E., Jensen, H. (2011). Dialog s starši. Ljubljana: Inštitut za sodobno družino Manami.

Jensen, E., Skibsted, E.B., & Christensen, M.V. (2015). Educating teachers focusing on the development ofreflective and relational competencies. Education Research Policy Practice 14, 201-212

Jul, J. (2017a). Vaše kompetentno dete. Beograd: Laguna.

Jul, J. (2017b). Agresija. Beograd: Laguna.

Jul, J. et al. (2020). Empatija. Novi Sad: Harfa

Jul, J., Jensen, H. (2014). Od poslušnosti do odgovornosti. Kompetencije u pedagoškim odnosima. Beograd: Eduka

Juul, J. (1995). Razgovori sa obiteljima. Zagreb: Alinea.

Juul, J. (2013). Škola u infarktnom stanju. Zagreb: Znanje.

Lund Nielsen, B. Evaluation of the Relational Competence Project 2012-16. VIA University College Faculty of Education and Social Studies

McLeod, A. (2008). Listening to Children. London: Jessica Kingsley Publishers.

Miljković, N. (2010). Relational needs in educational contexts. Preuzeto 10.02.2018. sa https://familylab.si/wp-content/uploads/2015/02/Relational-needs-in-educational-context.pdf

Nelsen, J (2000) Positive discipline. New York. Random house

O' Connel, Palmer, S. (2003) Handbook of Solution-Focused Therapy. London: Sage Publication

Palmer, J.P. (2017) The courage to teach guide for reflection and renewal. San Francisco: Wiley

Pregrad, J. (2007). Iskustva i izazovi uvođenja supervizije u sustav prosvjete. Ljetopis socijalnog rada., 14 (2):311-337.

Pregrad, J. (ur.) (1996). *Stres, trauma, oporavak*. Zagreb: Društvo za psihološku pomoć.

Pregrad, J., Poljak, N., Šehić-Relić, L. (Ur.) (2006). Sukob@org – Upravljanje sukobom u organizaciji. Osijek: Centar za mir, nenasilje i ljudska prava Osijek.

Stern, D. (2002). The first relationship: Infant and mother. London: Harvard University Press.
Thompson, R. (2006). Nurturing future genertions. Promoting resilience in children and adolescents through social, emotional and cognitive skills

Vidmar, M. & Kerman, K. (2016). The development of Teacher's Relational Competence scale: structural validity and reliability.